СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доверливо бр. 41

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 1991 година

Скопје, јуни 1991 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 18 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 24 ЈУНИ 1991 ГОДИНА

1. АБДИ ФАИК - 67
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ - 73
*3.* Алиу Вшреф - 41,44
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО -26,141
5. АНДОВ СТОЈАН -25,29,72,74,79,90
6. АРСОВ ДРАГИ - 112
7. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 129
8. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР -27
9. ГЛИГОРОВ КИРО - 2(Џ.Бејкер,разговор)
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 63,73
11. ГОШЕВ ПЕТАР - 26,131
12. ДАВЧЕВ САНДРЕ - 108
13. ДИМИТРОВ ДИМИТАР - 80
14-. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР - 134
15. ЗАФИРОВ ЈОРДАН
16. ВИМБАКОВ ВАСИЛ - 122
17. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 42
18. ЈУМЕР0В0СКА ЃУЛИСТАНА - 88
19. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ -25,30,53
20. КЉУСЕВ НИКОЛА -22,46
21. КРСТЕВСКИ НИКОЛА -
22. ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО - 119
41.ТРПЕНОВСКИДИМИТАР-4.5
25. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН -65
26. МИЧЕВСКИ ЈОвАН -123
27. МИНОВ ПАНЧО - 127
28. НАУМОВ ЃОРЃИ -65,85,142
29. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 44
50. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 57
51. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР -89
52. ПОПОВСКИ КИРО - 55,63,86
55. ПРЕВАЛА ШАБАН -70,75
54. СИМЈАНОВСКИ НАУМ -87,140
55. СПИРОСКИ АЦО -80
56. СТАНКОВСКИ РИСТО-141
57. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 117
58. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 137
59. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 58
**40.** ТОШЕВСКИ **МЕТОДИЈА -17**,(Гевгелија-земјотре)19,142,93 (Буџет) излагања

41.ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР-45
42. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 25

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 13,10 часот.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувани пратеници ја отворам Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Симеон Ивановски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од Шеснаесеттата и Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржани на 7 и 15 јуни 1991 година ви се доставени.
Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Шеснаестата и Седумнаесеттата седница се усвоени без забелешки.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на Владата на Република Македонија.

На денешната седница предлагам да работиме во два дела.

1/2

Прво, да ја ислушаме Информацијата на претседателот на Република Македонија,Киро Глигоров за разговорите со државниот секретар на САД Џејмс Бејкер водени на 21 јуни 1991 година во Белград, а потоа да преминеме на утврдување на дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (пратеницит креваат рака )

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Минуваме на точката 1.

Информација на претседателот на Република Македонија за разговорите со државниот секретар на САД Џејмс Бејкер водени на 21 јуни 1991 година во Белград.

Има збор претседателот на Република Македонија Киро Глигоров.

КИРО ГЛИГОРОВ:

Почитуван претседателе и претседателство, почитувани пратеници, би сакал да ја продолжиме добрата наша традиција, веднаш по секој настан кој може да има определено поголемо значење за нашата Република, за настаните во Југославија да биде на време информиран и на време да може да го каже и сопственото мислење. Така постепено како што ја градевме Платформата, досегашните наши настапи во тие разговори од сите наши претставници од Македонија. Мислам дека во овие моменти уште повеќе се нужни, така да се однесуваме и да бидеме до крај сите во тек на сите настани.

Јас најнапред накратко ќе ве запознаам со основните акценти од разговорот со државниот секретар на САД господинот

Џејмс Бејкер. Разговорот се одржа во македонскиот салон во Палатата на федерацијата во Белград, траеше околу 30 и неколку минути и на него од американска страна присуствуваа амбасадорот на САД во Белград Ворен Цимерман и група советници на државниот секретар.Од наша страна присуствуваше министерот за односи со странство на Република Македонија д-р Денко Малевски и советникот на претседателот на Републиката Ахил Тунте. Тој нагласи дека зборува од името на САД, но ги пренесува и ставовите заземени на неодамнешната конфернција на КЕБС на Европската економска заедница при што нагласи и тоа дека разговарал околу овие ставови и со нашите соседи и негово уверување е дека за тие ставови ќе се придржуваат и тие. Господинот Бејкер во почетокот кратко изјави дека меѓународната заедница навистина е загрижена заради ситуацијата во Југославија и би сакала да види дека ние сами ќе изнајдеме решение за излезот од кризата. Притоа, тој рече дека тие тргнуваат од три принципи: да се промовира демократијата, да се промовира почитувањето на човечките права и правата на малцинствата и да се промовира единството на Југославија. Врз основа на она што досега рече, го слушнав, мислам дека планот што го изнесовте заедно со претседателот на Претседателството на Босна и Херцеговина би можел да добие одобрување на целата меѓународна заедница. Му се заблагодарив и реков дека,сметам дека Југославија има и објективни причини и интереси да се договори за иднината. Се разбира таа иднина може да биде само демократска, во неа мора да биде обезбедено полно почитување на човечките права и на малцинствата и се разбира во неа да се спроведат длабоки економски реформи. Реков дека тоа е интерес на сите народи во Југославија. Притоа, економската криза и некои нерешени национални прашања предизвикаа во земјата доста големи судири

кои можат да се претворат и во непотребни и тешки и можеби сето тоа утре да се рефлектира во една граѓанска војна. Затоа и господинот Изетбеговиќ и јас сметавме дека е можно да се изнајде платформа која би ги обединила сите и истовремено би отворила пат на Југославија во Европа. За тоа е потребно согласност од една страна за тоа дека републиките се суверени држави и тоа сите мораат да го признаат и од друга страна да се обезбедат некои заеднички функции за кои сите имаат подеднаков интерес. Инаку реков дека мое мислење е дека ако тоа не се обезбеди, ќе биде тешко во Југославија да се направи било каква поделба без граѓанска војна, или менување на внатрешните граници. Господинот Бејкер рече "токму тоа нас не загрижува претседателе, и не само нас, туку и целата меѓународна заедница. Ние се сеќаваме на тие години од 1914 до 1918 година кога бевме овде и не би сакале тоа да се повтори". На Југославија и се отворени сите врати, вели тој, што се однесува до економска помош од страна на Европската заедница, од САД и од Меѓународната заедница, но под услов да биде сочувано единството кое ќе одговара на сите народи на Југославија. Ние дури би сакале да кажеме дека најдобар начин е да се почитуваат човековите права и правата на малцинствата да се обезбеди преку единство на земјата.Макар што таа аргументација за почитувањето на човековите права и правата на малцинствата понекогаш се употребува заради оправдување на сепаратизмот. Би сакал да кажам дека на некои неодамна одржани состаноци со претставниците со соседните земји им рековме дека охрабрувањето на сепаратизмот е грешка. Сите овие земји велат дека тоа го разбираат и дека тоа нема да го чинат. Европската

заедница предлага да се испита можноста во Југославија да се упати една мисија на техничка помош и да се воспостави единствена преговарачка маса со таа мисија,за да се проектира новиот Устав за новата заедница, но само под услов тоа навистина да е желба на централните власти и на сите републики.Бидејќи конечниот резултат на тој договор треба да е во склад со желбите на сите југословенски народи. Процедурата мора да биде усогласена со сите југословенски народи. Понекогаш е полесно вели тој, луѓето да седнат на иста маса кога и други се тука присутни, отколку кога се сами. Ова е нешто што моите колеги од Европската заедница сакаа јас да го пренесам во Југославија и јас тоа ќе го разговарам со југословенските соговорници, доколку е во согласност со желбите на централните власти и на волјата на сите републики. Ние би сакале да најдеме начин како би можеле да помогнеме, бидејќи поинаку целиот процес е под голем ризик.На оваа состојба гледаме како на буре барут и потребно е само едно дрвце кибрит. Еднострана сецесија не е добро решение и ние со тоа не можеме да се согласиме. Пред да дојде до тоа сакаме сите да знаат дека ние, како и сите наши европски партнери а мислам дека и целиот свет сака да помогне да најдете начин за решавање на проблемот преку дијалог и со договор.

Му одговорив дека идејата е добра, нема причина да не биде подржана од разумни луѓе. Што се однесува до Македонија која денес во Југославија изгледа како оаза на мирот,Бејкер рече: да, така сум информиран", но од друга страна при нерешавањето на југословенските прашања може да се случи и Македонија да стане она што е познато уште од Балканските војни "јаболка на раздорот". Но, ние сакаме со сите соседи да имаме отворени граници

и бараме да се почитуваат човечките права на сите делови на македонскиот народ. При оваа прилика реков ви благодарам за извештајот на Стејт Департментот и вам лично што се загриживте за човековите права на македонците во Грција. Ние немаме никакви други барања до нашите соседи, освен во сите наши соседни земји да се почитуваат човековите права на деловите на македонскиот народ. Потоа напомнав дека со Албанците во Македонија имаме постојан дијалог. Тоа не значи дека сме ги решиле сите прашања и дека нема проблеми, напротив, нив ги има секаде каде што има повеќе нации, но сметаме дека тоа е патот да можеме да живееме заедно, а мислам дека и на Косово треба слично да се постапи. Џејмс Бејкер ме запраша "дали мислите дека е можно Србија и Црна Гора да го дозволат изборот на претседателот на Претседателството на Југославија". Одговорив дека, сметам дека се води борба за тоа прашање на сосема погрешно место, бидејќи Југославија останува без шеф од една страна, а од друга страна тоа е битен услов да не можеме да ги отпочнеме дискусиите за асоцијација во Европската заедница. Се разбира, повторив се, кое е нашето становиште, дека треба да биде избран оној кој е кандидат по уставната процедура, она што е наш став и општо познато наше мислење. Потоа, говорев дека покрај се ова треба да се инсистира во Југославија да се продолжи со демократизацијата на земјата, со економските реформи и со приватизацијата бидејќи се забележуваат и поинакви определби и поинакви тенденции во Југославија кои можат да го сопрат трендот на демократизацијата на земјата и на менувањето на нејзината економска и социјална структура. Мислам дека од значење е да го спомнам следното. Тој рече дека не може да се признае самостојност на било кој, па ниту на Словенија и Хрватска доколку тоа биде извршено на едностран начин,

Единствената можност која постои за признавање е само под услов ако тоа е постигнато по пат на преговори и по пат на дијалог. Едностраните акции нема да бидат прифатени од членките на меѓународната заедница. Тие последици од тие чинови би можеле да бидат крајно негативни не само за овие републики, туку и за Југославија во целост. Тоа се главните акценти кои сакав да ги изнесам пред вас,на најважните места со цитати за да во тој поглед не биде никакво размислување дека јас тоа го толкувам на овој, или на оној начин. Тој на крајот рече:"господине претседателе ви благодарам, и сакам се најдобро особено што се однесува до вашиот план. Мислам дека тој е сосема добар. Се надевам дека ќе останете во контекст со нашата мисија, со нашата амбасада и ако има нешто што би можеле да направиме, да и помогнеме на Југославија и на Македонија."

Што можеме да извлечеме како карактеристично од овој разговор и од последните настани во нашата земја.

Прво, карактеристично е решеноста на Словенија и Хрватска да се раздружат не чекајќи да се постигне договор за идна заедница и за преодниот период. Јас мислам дека тука не треба да се има никакво сомневање, дека тие две републики тие акти ќе ги донесат и дека со тоа мораме да сметаме како со нешто што е помалку, или повеќе свршен факт.

Второ, значајно е становиштето на КЕБС, на Европската економска заедница и на САД кои јасно излегуваат со барање да се сочува интегритетот на Југославија и со нивните ставови дека нема ниедна република за своето осамостојување да добие меѓународно признание. Се разбира колку тоа може долго да трае, со какви

последици, тоа се можеме да го нагаѓаме, тоа се се хипотези, но, при што треба да се има во предвид и тоа што го напомна дека во врска со тоа разговарал и со сите соседи.

Трето, карактеристично е дека Сојузниот извршен совет во Сојузното собрание излезе со став, со експозе на претседателот во кое се вели дека актите на раздружувањето ќе ги третира како политички, а не правни и нема да признае никакво правно дејство од тие акти.

Четврто, изборот во Претседателството и натаму е отворен со барање од надворешните фактори да се реши како приоритетно прашање и тоа со јасно назначено становиште да биде по уставен пат. Значи, да се почитува редоследот на Републиката која треба да го заземе тоа место. Освен тоа мислам дека од сето ова произлегува нешто што е битно и што треба да се нагласи,а тоа е дека без оглед на сите овие настани останува несомнено дека кризата во Југославија неможе по друг пат да се реши, освен со мирни средства, по демократски пат, со согласност на сите, со почитување на човечките права и без еднострани акти.Доколку не би биле почитувани овие определби и овие патишта на разрешување на кризата опасностите се многу големи, мислам на сите вам ви се јасни што може да настане од евентуалната неспремност, во што јас не сакам да верувам, да се продолжат разговорите и преговорите да се дојде до едно мирно и демократско решение, без оглед на тоа дали секој ќе ги постигне максималните свои цели, бидејќи такви преговори не можат никогаш да бидат успешни ако се тргне од таква позиција.  Исто така, е јасно дека додека не се постигне договор нема никаква можност да сметаме на било каква помош од Европската заедница од финансиските институции и светскиот капитал.

Тоа е веќе  денес не само така да кажам јасно, туку тоа е фактичка состојба. Ние веќе не можеме ниеден долар од странство да добиеме по било кој канал и ова не треба да се докажува.Оттаму можеме да сметаме на сериозни економски и социјални последици со кои ќе мораме да се соочиме во наредните месеци. Се ова по мое мислење говори за неопходноста од разумен пристап, од спремноста за продолжување на дијалогот, во барање на решенија кои ќе можат да бидат прифатени и од нашите народи, нашите републики, но и од меѓународната јавност. Ние не можеме да се изолираме од таа реалност и да ги посматраме нашите проблеми и нашата денешнина и иднина ако не водиме сметка за сето светско окружување, за сите европски процеси кои се во тек и за се што е со тоа поврзано како интерес на другите држави, па и на најголемите, на сиот цивилизиран свет.

Петто, периодот на осамостојувањето од една страна и преговорите за иднината од друга страна не смеат да бидат прилика да се лови во матно, со еднострани одлуки, особено на економски план и да се нанесат огромни штети на другите. Јас би сакал денес пред вас, а инаку мислам дека тоа е нужно да се каже и пред југословенската јавност дека се додека имаме единствена валута динар, дури не преминеме секој да има своја валута, ако дојде до тоа, не може со еднострани одлуки да се урива вредноста на динарот, да се прават некои операции кои можат да изгледаат лукративни за еден, друг, или трет партнер, а всушност да ја пренесат, да ја префрлат сета инфлација на другите и од тоа да произлезат тешки економски и социјални состојби во одделни делови на земјата.  Се дури  постои единствена валута, дури од неа било кој не се откаже и не воведе своја валута, мора да постои договор како ќе се управува со таа валута, како ќе се

управува со монетарната сфера и монетарната политика. Инаку може да стане општ грабеж со сите последици кои од тоа произлегуваат.

КИРО ГЛИГОРОВ: (продолжение)

Исто тоа важи и за девизниот пазар и за девизните резерви. Ние мораме како Република од денес натаму дневно да ги следиме сите настани и сите мерки кои се преземаат било во монетарната сфера од страна на сите републики, и се разбира од Народната банка на Југославија, како и се што станува на девизниот пазар и во врска со курсот на динарот со штедните и девизни влогови итн.За да во сето ова меѓувреме, овој преоден период не настанат големи штети во нашата Република. Мислам дека, како што знаевме и умеевме да се заштитиме кога почнаа да се присвојуваат даноците и царините итн. треба исто така и сега да бидеме готови и спремни при сето познавање на ситуацијата да ги преземаме сите онеи мерки кои ќе го заштитат економскиот интегритет на нашата Република и нашите економски интереси.

Тоа важи и за нашите царински граници и за постапките кои ќе се воспостават во врска со евентуалното воспоставување на царински граници од одделни републики и како воопшто со извршување на обврските кои се големи и кои постојат меѓу републиките,меѓу федерацијата и републиките итн. Се тоа е пред нас, без тоа не може да се обезбеди самостојност итн. бидејќи не може тој товар се она што претставува право и обврска од минатото едноставно да му се остави на некој друг а да се излезе од заедницата.Таа работа мора да тргне од принципот за кои сите се декларираа дека сакаат да го почитуваат сега и можноста да го докажат тоа, а тоа е дека сите акти на било која републики не смеат да бидат на штета на другите републики.Во тоа мораат сите да се придржуваат па и ние,

Што би требало понатаму во оваа ситуација да бидат нашите заложби, нашите напори како полесно да излеземе од оваа криза, од оваа состојба и да ги и сочуваме и реализираме оние основни наши цели од национален, економски и друг карактер кои

сме ги зацртале со нашата Декларација и со нашата Платформа за соработка со другите и за учество во преговорите за излезот од југословенската криза.

Прво, ние донесовме декларација со која ја определивме нашата трајна позиција .Тука, не треба да има никакво сомневање ни било каква отстапка.Од друга страна сме за договор, мислам да мораме да бидеме за договор, почитувајќи ја нашата платформа и заедничката платформа со Босна и Херцеговина што ја предложивме, а таа наиде на големо разбирање и поддршка и во земјата и во странство, особено во странство, потоа господинот претседател на Хрватска Туѓман најави, рече на прес-конференцијата по разговорите што ги имаше со господинот Џемс Бејкер дека тие и Словенија ќе бидат спремни да предложата платформа за сојуз на суверени држави. Мислам дека треба да бидеме исто така спремни и готови да расправаме и за таа платформа, се разбира откако ќе ја запознеме нејзината содржина. Спремни сме да рамноправно за сите овие можности и сите овие платформи да разговараме да би дошле на онаштo може да биде заеднички излез од југословенската криза. Исто така не треба да се занемари и заборави дека СИВ даде определени предлози за излез од кризата особено за таканречениот преоден период кога треба многу работи од досегашниот живот да се расправат, да се распре-делат да дојдеме до она што се вели чисти сметки и врз основа на расчистени сметки да можеме да разговараме како рамноправни партнери. Се разбира и секоја друга иницијатива која може од компетентни органи да се предложи и да доведе до некоја согласност. Значи нашата позиција да сме спремни на преговори, на барање на разумни решенија, решенија кои ќе водат сметка за интересите на сите народи, на сите републики во оваа земја и тргнувајќи од нашата позиција дека сме за сојуз на суверени републики готови сме да дојдеме до определено согласие ако се покаже таква спремност

и од сите други. Јас се надеваме дека и сите други ги согледуваат овие и надворешни и внатрешни чинители без кои секоја политика е нереална и не води сметка за нешто што значи внатрешна и надворешна состојба.

Притоа сметам дека ние треба да ги почитуваме препораките на КЕБС на Европската економска заедница и САД дури постои било каква можност да дојдеме до мирно и конструктивно решение на сегашната криза.Мислам дека на оваа наша Република која е мала има такво окружување какво има, и која има таква економска моќ каква има, нам ни е довериетo  на меѓународната заедница извонредно важно можеби да кажам и највaжно, затоа што утре при се што може да стане на овој Балкан како што е во оваа Југославија каде што и сега се пука, ние треба да го задржиме имиџот, сликата на Македонија која се залага за добри односи со сите соседи, за отворени граници, за тоа да е подготвена да ги почитува сите човечки права, да отвара пат кон полан демократија, да е одлучна да спроведува економски реформи  по патот кој ќе доведе до една нова економска и социјална структура како трајна основа и гаран-ција за демократија во Македонија.Спремни сме за разговори, по-врзување на различити основи и со југословенските народи и републики и со останатите народи наши соседи и со европските народи. Тоа наидува на големо разбирање кај сите цивилизирани држави и народи, тоа е нашиот најснажен адут во таа денешна небиднина во Југославија и таа слика за Македонија не треба да биде во било кој поглед затемнета, доведена во прашање.

Потоа, како реални луѓе ние треба да го довршиме започнатото, колку сум информиран Владата во текот на оваа недела тоа ќе го доврши. Да се продолжи со припремата на сите нужни акти

за нашето осамостојување ако се покаже дека нема договор. Додека траат договорите ние треба да бидеме спремни, а да преземеме такви одлуки тогаш кога ќе процениме овде, во овој Парламент дека е тоа најцелисходно за нас, за нашите интереси, без оглед кој како се однесувал, кој порано кој покасно, кој е за договор, кој не е за договор, ние треба да останеме цврсто определени за договор но во исто време треба да бидеме готови да можеме да ги повлечеме сите неопходни потези од една страна во меѓувреме да ги заштитиме економските интереси за кои веќе говорев, од друга страна да можеме да ги донесеме  и оние акти кои нашата Декларација за сувереност  како конкретизација ги бара.Како што мислам да е нужно без оглед на разбирливата ориентација на нашиот Парламент за донесување на Уставот да се спазуваат сите рокови и тн. мислам да околностите во кои живееме бараат  да ја забрзаме и процедурата за донесување на нашиот устав. Предлогот е веќе приготвен и би требало за таа работа исто така да се договориме.

Притоа, како што реков, нужно е  перманентно следење, проучување и промпно реагирање на се што се случува, на сите настани во Југославија за да не бидеме во некоја ситуација надвор за да констатирме што сме пропуштиле и каква економска или некоја друга штета сме претрпеле. ВО врска со тоа се разбира да се заштити од сите еднострани акти особено како што реков во економската сфера.

На крајот мислам дека можеме да констатираме дека од овие позиции дека во Македонија не се во тек никакви фобии према било кој народ, ни србофобија ни бугарофобија, ни гркофобија, ние просто сакаме како мал народ кој ја немал таа историска шанса да се осамостои и да може како таков да егзистира на овие простори како активен чинител  на една нова атмосфера , демократска атмосферг на Балканот отворена за соработка со сите. Тој апел мислам дека

треба на сите да им го упатиме, сите да го имаат во предвид и од кои позиции ние тргаме во сегашнава ситуација и што се нашите цели.Секој друг пат освен преговори со определена помош на меѓународната заедница ќе предизвикаат непредвидени последици и на политички и на економски или социјален план. Притоа, сакам незнам по кој пат да нагласам дека нашите меѓунационални односи, разбирањето меѓу сите што живеат во Македонија без оглед од која се националност, вера и потекло е еден од столбовите на рамнотежата, на сигурноста во Македонија дека во овеи немирни времиња ќе може како таква да одговори на сите опасности и на сите предизвици што можат да дојдат од било која страна.

Инаку, ако не се придржуваме до ова да бидеме спремни за разговори и преговори, да се трудиме да воспоставиме пријателски односи со сите наши соседи итн. ако дојде до непожелни последици во Југославија особено ако дојде до меѓусебни судири, до репресивни мерки и сл. и еднострани акти кои ги кршат правата на другите, мислам дека на крајот сите ќе бидеме губитници, никој во тоа нема да биде апсолутен победник, без оглед што до сега сторил и што смета дека остварил една или друга своја цел или можеби сите свои историски цели. Таков вид на еднаквост која што не ги почитува правата на другите во современиот свет нема поддршка, нити може да се толерира.

Еве тоа беа овие куси напомени што сакав пред вас да ги изнесам изворно изнесувајќи го разговорот што беше со господинот Бејкер и само овие неколку напомени што сметав дека е нужно да се кажат во врска со денешната ситуација во која живееме и со опасностите со кои можеме утре да се соочиме.

Благодарам. (аплауз)

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам.

Дали некој сака збор?

Ако не сака никој да завршиме со оваа точка.
Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (Пратениците се согласија).

Колку што гледам барате да се гласа.

Тогаш да гласаме.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (шест)

Дали некој се воздржува? (еден).

на/ Констатирам дека предлогот пратеничките прашаша да ?8 поминеме по исцрпувањето на дневниот ред е усвоен. Преминуваме на утврдувањето на дневниот ред.

МИТКО АТАНАСОВСКИ:

Сакам да земам збор во врска со пратеничките прашања.

СТОЈАН АНДОВ:

Не може, ама не може така, ве молам за тоа гласавме за тоа го прашавме Собранието, јас вам не ви се смеам, извинете ве молам, туку нашите сопствени одлуки мораме да ги почитуваме, како ќе чекаме и како ќе мислиме народот да ги почитува. Сега ја донесовме одлуката.

Значи, преминувме на утврдување на дневниот ред.

Владата на Република Македонија во смисла на член 344 и 345 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага по итна постапка на денешната седница да се донесат Законот за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово и Законот за изменување на Законот за привремено ограничување на Располагањето со дел од општествените средства на оптшините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за поторшувачката за првото полугодие од 1991 година.

Предлозите на овие закони ви се поделени денес.

Ви укажувам дека за денешената седница требаше да расправаме по предлогот на пратеникот Тодор Петров за донесување закон за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Пратеникот Тодор Петров на седницата на КОмисијата за финансирање и буџет го повлече текстот на Законот што го предложи.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да укаже на основната и неодложната потреба од итно донесување на Законот за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Има збор министерот за финансии, господинот Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИЈ

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување на средствата за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово с предлогот на закон е предложен на иницијатива на општината Гевгелија

Како што е познато на почетокот на мандатот Собранието го донесе овој закон со кој ја задолжи Владата до 30 јуни да ја утврди одлуката за критериумите за употреба на средствата. Владата на почетокот на овој месец ја утврди таа одлука, меѓутоа, во меѓувре-ме општината Гевгелија покрена иницијатива за измена на основната содржина на Законот и на намената на средствата. Анализирајќи ги барањата на општината кои што се совпаднаа со иницијтивата на пратеникот Тодор Петров за измена на Законот, Владата утврди текст на измени на Законот со кој во основа се поддржуваат иницијативите и барањата на општината Гевгелија и Валандово, меѓутоа во еден свој дел околу повратноста на средствата не го прифати. Со оглед на тоа дека сезоната за изведување на работите кои беа предмет и содржина на Законот за помош на настраданото население се во својот најзначаен период, предлагаме за да не се случат последици на губење на времето и неуспевања да се извршат рекоснтрукции на настраданите објекти, Собранието да го прими на разгледување овој предлог на закон на Владата по итна постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Не)

Молам кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка да крене рака? (пратениците креваат рака)

За предлогот гласаа 106 пратеници.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува? (НИкој)

КОнстатирам дека е усвоен предлогот овој закон да биде донесен по итна постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам претставникот на Република Македонија да укажена основаната и неодложна потреба од итно донесување на Законот за изменување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во првото полугодие од 1991 година.

Има збор претставникот на Владата, министерот за финансии Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Предметниот закон за привремено ограничување на располагањето на дел од општествените средства на општините, Републиката и СИЗ-овите во општествените дејности за потрошувачка во првото полугодие на 1991 година, како што знаете е динамизирано само до крајот на месец јуни.

Со оглед на тоа дека во псотапка е Нацртот на буџетот на Републиката со кој треба да се санкционираат односите во финансиската сфера на јавната потрошувачка, а дека во меѓувреме во постапката може да се случи да настане вакум од неколку дена или од извесно време, Владата предлага на Собранието, за да не дојде до тој вакум во кој системот се враќа на почетните односи од 1990 година, да го продолжи важењето на Законот за привремено ограничување до денот на донесувањето на буџетот во кој се воспоставува нов механизам на воспоставување на јавната потрошувачка преку Вуџетот.

Настанувањето на вакуум во уредувањето на јавната потрошувачка може да предизвика сериозни последиви во извршувањето на функциите на државната управа и на општествените дејности, поради што

Владата моли предметниот закон да биде прифатен за разгледување за денешната седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор?

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ

Господин претседателе, дами и господа пратеници, две комисии на Собранието денес расправаа по Иницијативата и ја оценија потребата од донесување на Законот по скратена постапка и со некои измени го поддржаат донесувањето на Законот по скратена постапка. Кога и ако се прифати точката на дневен ред, ќе се произнесеме за предложените измени.

Според тоа, две стручни тела на Собранието денес ја поддржаа Иницијативата.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Тројца пратеници).

Констатирам дека е усвоен предлогот овој закон да биде донесен по итна постапка.

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија предлага да се дополни дневниот ред за денешната седница со Предлогот за донесување закон за дополнување на Законот за личните доходи и други надоместоци на пратениците во Собранието

на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон, со оглед на тоа дека има потреба од донесување на овој закон, а измина подолг период за кој сеуште нема информација дали покомплексно се согледани и анализирани прашањата кои се предмет на уредување на законот и дали е направена анкета на пратениците за која варијанта од понудените решенија ќе се изјаснат.

Дали пратениците од Комисијата за избори и именувања имаат нешто да кажат во врска со ова? (Не).

Дали пратениците имаа можност сите, не само Комисијата за финансирање и буџет, да остварат увид во овој текст? (Да).

Кој е за предлогот на Комисијата за финансирање и буџет, моалм да крене рака? (Пратениците креваат рака
Дали има некој против? (1 пратеник) .

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

(Збор бара пратеникот Никола Крстевски).

Ве молам, јас прашав, немојте после гласање да се јавувате. Прашав пред тоа дали имате да кажете нешто,

Ве известувам дека денес не посредно пред седницата на Собранието пратеникот Тодор Петров поднесе предлог за дополнување на дневниот ред на денешната седница на Собранието.

Предлогот на пратеникот Тодор Петров ви е поделен.
Во врска со предлогот Собранието да ја разгледува Актуел-но безбедносната состојба во земјата по повод осамостојувањето на Словенија и Хрватска, пратеникот Тодор Петров достави образложение. Меѓутоа, тоа не е доволно за расправа на денешната седница.

Истовремено, ве известувам дека Владата на Република Македонија подготвува соодветни материјали за состојбите што ќе настанат во Македонија по евентуалното осамостојување на Словенија и Хрватска.

Сега исто така ја исслушавме Информацијата од претседателот на Република Македонија.

Во врска со ова го молам претставникот на Владата на Република Македонија да го изнесе мислењето на Владата дали овој предлог на пратеникот Тодор Петров да се стави на дневен ред.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ние денес имавме можност да слушнеме од претседателот на Републиката оценка и видување за разврската во Југославија и разговорите со потпретседателот на САД.

Ова пратеничко прашање ако се стави во контекст на сите збиднувања, а посебно она на што работи Владата, би било депласира но денес да отвораме дискусија.

Само ве информирам дека Владата на Република Македонија ги разработува сите законски акти кои се нужни за оние опции кои си преземаат свој ангажман тука пред нашиот Парламент.

Иако ние тргнувавме во програмата за нашиот мандатен период, која ви ја доставивме во Собранието, од три премиси, првата е од Декларацијата на суверената македонска држава, второ, прифатената Платформа од овој дом за Сојузот на суверени држави, разработена од двајцата претседатели, на Босна и Херцеговина и на Македонија и трето од нашите видувања кога го работевме новиот устав даден како работна верзија на Комисијата за уставни прашања на Собранието.

Меѓутоа, паралелно Владата на Македонија разработува и акти за другата опција. Доколку се наметне, во духот на соопштението што го кажа и претседателот на Републиката, потреба, ние во среда ги завршуваме сите процеси, доколку најде за сходно Парламентот, а ако разврските во Југославија тоа го диктираат, целиот тој пакет на акти ќе го добиете. Според тоа, би било илузорно да говориме спорадично за едно прашање на безбедноста, кога ние ги разработуваме сите акти како пакет за едно целосно видување на Македонија како суверена држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Врз основа на оваа информација, предлагам по ова прашање да расправаме по добивањето на овие материјали.

Дали господинот Тодор Петров се согласува со тоа?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ја прифаќам сугестијата, меѓутоа, бидејќи станува збор за актуелната општествено-политичка и безбедносна состојба по повод осамостојувањето на Словенија и Хрватска, кој е неминовен факт, предлагам и барам доколку тоа се прифати и стави на гласање, од Владата или од надлежните министерства да добиваме информација секој-дневно, со оглед на тоа што сме во постојано заседание, со каква динамика се спроведува активноста на Владата за преземените мерки и акти за  спремно дочекување на двете опции, сојуз на суверени држави и самостојна македонска држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние сме во перманентно заседание и Владата има прилика да не известува постојано кога оценува за потребно, тука нема никаков проблем.

Констатирам дека предлогот на Владата е прифатен,

Со дополнувањето на дневниот ред со Информацијат на претседателот на Републиката за разговорите со државниот секретар на САД Џејмс Бејкер на 21 јуни 1991 година во Белград, ве известувам дека и еден значаен дел од предлогот на пратеникот Тодор Петров беше опфатен.

Во врска со предлогот за разрешување на сојузнит секретар за надворешни работи Будимир Лончар ве известувам дека согласно Деловникот на Собранието предлогот е доставен до Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Мислам дека е значајно да се обратиме до сојузниот секретар за надворешни работи Будимир Лончар, да го повикаме пред нашето Собрание со свое излагање да ги објасни всушност своите видувања на позицијата на Македонија, а исто така и своите видувања на нерешените делови од македонското прашање.

(Во салата се слушна аплауз од некои пратеници).

Дали Собранието се согласува со тоа?

ПОВЕЌЕ ГЛАСОВИ:

Не, не, да се гласа.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, го ставам предлогот на гласање.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Ние овде покренуваме постапка пред двете комисии, без човекот да го исслушаме. Најдобро е да дојде овде да му ги поставиме

сите прашања, се што имаме да го прашаме,

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ

Ќе бидам многу краток. Што се однесува до надворешната политика и однесувашето на министерот за надворешни работи, не е битно што нам тој овде ќе ни каже, туку е битно што ќе каже таму кога ќе оди во посета на други земји.(Се слушна аплауз од некои пратеници и извик "браво").

Оттука, јас немам ништо против тоа тој да дојде овде и да говори. Проблемот е во нешто друго, дали ние ќе расудуваме и ќе донесуваме судови врз основа на она што тој ќе говори овде пред нашето Собрание или врз основа на тоа какви ставови застапува кога ќе врши посети на други земји и каква надворешна политика ќе води.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот воопшто не навлегува ниту ја оспорува постапката која е дадена на двете комисии. Не наметнуваме ништо. Значи, никаков предлог овде не наметнувам, само да размислиме дали не е добро да дојде овде, да го сослушаме и да поставиме прашања.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ :

Ве молам, а кој ни гарантира дека ќе дојде овде? Мене воопшто не ми се верува дека ќе дојде да го судиме овде. Затоа, предлагам да го прифатиме тоа што го кажа Тодор Петров.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако го повикаме ќе дојде, што ќе прави. Ќе го обврземе да дојде. (Во салата настана и негодување).

Ве молам, зарем навистина мислите дека нашето Собрание ја нема таа сила еден сојузен министер да обврзе да дојде овде?

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ве молам, една работа, ми се чини дека еден министер на една држава од 23 милиони жители, ако малку мислеше и за ова катче, немаше во Грција во Атина да згреши и тоа министер за надворешни работи. Тоа е сторено или нарочно или зад тоа стои некоја позадина, по мое мислење,

Затоа предлагам воопшто министерот за надворешни работи на Југосалвија да не го посети ова Собрание. Со неговото присуство нам ни нанесува штета и понижување.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас исто така го делам мислењето на тие што не се согласуваат да биде овде поканет господинот Будимир Лончар, од едноставна причина што не е првпат господинот Лончар да даде некоректни изјави или да ги за-постави интересите на македонскиот народ и македонската држава. Од Македонија имало и друг пат протести. Во Сојузното собрание, во Соборот на републиките и покраините, меѓу другото, кога го поставив прашањето до Сојузната влада, до Сојузниот извршен совет реков дека господинот Лончар дава изјави во зависност од неговата геолошка положба. Ако се наоѓа во Грција, ќе даде изјава што ќе ги задоволува интересите на Грција, ако се наоѓа на некоја друга територија ќе даде таква изјава и ние воопшто не се сомневаме, а ќе дојде во Македонскиот парламент дека ќе зборува во прилог на инте-ресите на македонскиот народ.

МИХАИЛ ПАНОВ

Од 1988 година кога господин Лончар и претседателот на Југославија тогашен Раиф Дизддаревиќ им забранија на средствата за јвно информирање во Југославија да известуваат од светската средба на децата бегалци, за што сме сите сведоци, за мене господин Лончар не е министер за надворешни работи на мојата држава и барам да се поведе иницијатива за негово отповикување, а и од причина за сите негови потези што следеа после таа средба на децата бегалци и однесувањето на господин Лончар. Затоа предлагам Парламентот денес да покрене иницијатива за отповикување на Будимир Лончар, а доколу биде повикан овде да зборува, јас во знак на протест ќе го напуштам Парламентот додека тој зборува на оваа говорница.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Мислам дека основа на демократијата е почитување на процедурата. Тоа го тврдат и сите познавачи на парламентарниот систем. Затоа сметам дека и во овој случај треба да ја знаеме процедурата како се избира односно како се разрешува член на СИС, а потоа да расправаме и да донесуваме мериторни одлуки.

Иницијатива за разрешување на член на СИС може да покрене секој делегат од Сојузниот собор, секој делегат во Соборот на републиките и покраините и Делегацијата во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Покренатата иницијатива на еден од овие собори се доставува до претседателот на Собранието на СФРЈ кој веднаш ја дос-тавува до претседателот на другиот собор до претседателот на Комиси-јата за избори и именување на Собранието на СФРЈ и до претседателот на СИС. Веднаш по добивање на таа иницијатива Комисијата за избори

и именувања на Собранието на СФРЈ изградува свое мислење, а додека претседателот на СИС изградува свој став.

По добивање на овие мислења односно ставови тие се доставуваат до делегатите на двата собори на Собранието на СФРЈ. Веднаш по добивање на мислењето и на ставот во расправата која ќе се поведе во дадениот собор, членот на СИС може да одговара во однос на покренатата иницијатива, а може да го соопшти и својот писмен став кој веднаш се доставува до делегатите на двата собори постапката доколку иницијативата со мислењата и ставовите оди во постапка за избор на член на СИС односно се расправа на секој собор со мнозинство од присутните делегати. Што тоа значи? Ние овде имаме една состојба а јас морам да ја кажам и една друга состојба со која делегацијата во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ преку претседавачот ја покрена.

Во смисла , не цитирајќи го претседавачот Петар Гошев, нашето делегатско односно пратеничко прашање беше дали ставот на Сојузниот секретар за надворешни работи Вудимир Лончар изнесен во интервјуто за "Катимерини" е став и на СИС, што сметам дека тоа е една битна варијанта, а ние тука имаме две варијанти односно дали таа е во согласност со утврдените принципи на ниво на Југославија во Собранието, во СИС, во однос на водењето на надворешната политика и во склоп на Македонија. Тоа е многу битно прашање зошто ги разгра-ничуваме тогаш, бидејќи доколку не е став на СИС, тогаш имаме една
друга состојба,што СИС треба да презема спрема нивниот член, а тогаш не одиме на иницијатива , тогаш веднаш се пристапува кон предлог за разрешување.

Што сметам? Бидејќи од принципи сум член на Сојузната комисија за избори и именувања, да ја насочиме работата, па ние во ова Собрание доколку донесеме односно ја покренеме иницијативата согласно Деловникот за работа на двата собори треба да ја задолжиме делегацијата во Соборот на републиките и покраините да го покрене тоа прашање и да оди во таа процедура која е утврдена , а може и секој делегат во кој било собор на Собранието на СФРЈ да ја покрене. Мислам дека овие процедурални правни прашања треба да ги знаеме, па во таа смисла и во таа фаза сакам да истакнам дека ставот на било кој член на СИС мора да биде истакнат по ова прашање, во таа фаза ќе го добиеме.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа како да постапиме? Да го упатиме до комисиите за избор и именување и за надворешно политички прашања и врз основа на нивни предлози овде да донесеме заклучок со кој ке ја задолжиме делегацијата

Кој е за тој предлог, молам да крене рака? (пратениците крваат рака)
.

Има ли некој против? (нема).

Има ли воздржани?(4).

Гледам дека нема расположение да се исслуша овде сојузниот секретар за надворешни работи, а мислам дека тоа би можело да биде прилика за афирмација на битни интереси на македонскиот народ затоа што не само што тој би се исслушал туку и ние би можеле да соопштиме многу важни работи во таква прилика.

Пратеничката група на ПДП на Македонија на 17 јуни 1991 година го обнови предлогот , Комисијата за образование, наука и култура да расправа по Предлогот за донесување на закон за измена на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание со Предлогот на закон и Законот за насочено образование.

Комисијата за седницата одржана на 24 јуни 1991 година, заклучи да го реафирмира својот заклучок од седницата одржана на 7 јуни оваа година, а прифатен и од Собранието на Република Македонија на седницата од 7 јуни оваа година, со кој се задолжува Владата на Република Македонија да предложи излезни решенија по тоа прашање.

Комисијата предлага Владата на Република Македонија да го информира Собранието за извршување на Заклучокот донесен од Собранието на седницата од 7 јуни 1991 година.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака, или има и некои други предлози?

Има збор господин Кирил Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Во врска со предлогот и јас имам еден предлог за измени и дополнување на Законот за предучилишно образование и воспитание.Затоа предлагам ако се усвои нивниот предлог да се усвои и мојот предлог и заедно да ги разгледаме.Инаку јас мојот предлог го имам доставено во писмена форма.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата го има добиено и предлогот на пратеникот Ковачевски и таа мора да си го определи и мислењето и ставот и по тој предлог. Но, сега ние не разговараме и не одлучуваме за тоа кој предлог и каков на Владата, но Владата да даде предлог врз основа на Заклучокој кој овде сега се предлага да се реафирмира.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Јас би сакал да укажам на една кратка предисторија што се случувало во овие неколку месеци и какви разговори се водеа по овие прашања, а потоа ангажманите на Владата.

Ние добиваме писмо со кое се потсетуваме дека на седницата на Собранието односно Комисијата од 7 јуни со кое се задолжува Владата на РЕпублика Македонија да предложи излезни решенија по ова прашаше. Меѓутоа, во меѓувреме на 14 и 15 јуни во присуство на трите претседа-тели на Републиката, на Собранието и на Владата , на двајца потпретседатели на Владата на еден потпретседател на Собранието и на претставници на албанските партии ПДП и НДП, се дискутираше овој проблем. Тоа беше опширна дискусија , мошне демократска, отворена да се разгледаат сите проблеми кои што го условиле ова судрување или друго видување.

На 15 јуни според мојата лична евиденција и белешка што ја имам, се задолжи Комисијата на овој Парламент кој го предложил овој закон и прифатен од страна на Парламентот повторно да го разгледа а претседателот на Собранието да разговара со политичките партии по овој проблем, а од причина што Владата како нова Влада воопшто не е вклучена во решавањето на овој проблем. Станува збор за тоа Комисијата за образование на својата седница на 17 го реактивира своето барање од 7 јуни, а што стана со ангажманот од 14 односно 15, ништо не кажа. Вакви навидум ситни екскурзии меѓу Парламентот и Владата и Комисијата за Парламентот не се многу пријатни.

Овој Парламент донел таков закон врз база на таа Комисија и стариот Извршен совет. Владата нема ништо против, Комисијата(пратениците негодуваат што ќе предложи и Парламентот прифати, тоа ќе го спроведе. Комисиите
не се само транзитни пошти на Владата. Комисиите имаат и свој надлежности да решаваат и да предлагаат , како што претходната Комисија за личните примања што вие ги предложивте од таа Комисија, давате на
парламентот, а не ја известувате Владата. Според тоа тоа се сериозни

проблеми. Меѓутоа, во меѓувреме претседателот на Републиката ме замоли сепак Владата да го види овој проблем. Ние таа сугестија ја уваживме и го ставивме на дневен ред за седницата во петок. Меѓутоа, ние не сакаме во Владата да ни доаѓаат политички партии и со нив да водиме дискусии. Ние не сакаме никакви пресии на поли-тички партии. Ние сакаме нормално да работиме, а како се тие работи одвиваа тука парламентот е за таа работа, а тој Парламент имаше шанска да добие едно видување со разговори и на политичките партии и на политичките личности во Републиката. Ме чуди зошто Комисијата тоа не го уважила. Зошто претседателот на Парламентот кој беше задолжен да разговара со политичките партии по ова прашање не ни даде сознание какво бил тој разговор и каква беше белешката од тој состанок. Ве молам ова е потребно за да не ни се префрлаат некои работи, да не ја увалкуваме Владата во нечисти политички игри. Владата сака чесно да си ги извршува своите работи без некакви политички пресии на партии. Видувања и мислење ние ќе дадеме но Комисијата за образование мора јасно да заземе свој став. Таа го предложила на Парламентот тој закон, Парламентот го прифатил, а Уставниот суд потврдил, се поставува прашањето зошто молчи Комисијата на Парламентот. Според тоа би сакал една сугестија. Можеби е побезболно да се изврши овој чин како што беше и сугестијата од тие состаноци. Немојте да создаваме натегната состојба кај Владата. Министерсвото ги извршува одлуките на овој Парламент и законите што ги донесува овој Парламент. Бидејќи не учествувало во креирањето на тој закон Владата и Министерството се ангажираат да изградат нов закон, можеби тоа ќе биде за 15-20 дена, односно ќе биде во склопот на пакетот на закони. Дали треба Владата атхок да се изјаснува на брз состанок по ова прашање. Дајте ни шанса ние да направиме едно видување

на целовитоста на проблемот со предлог на нов закон, а нека се спроведе одлуката на оние состаноци од 14 и 15 јуни и ангажманот кој си го презема претседателот на Собранието преку Комисијата за образование и неговиот ангажман во разговор со политичките партии да предложи решение на овој Парламент.

СТОЈАН АНДОВ:

Состаноците за кои зборуваше претседателот на Владата господин Кљусев се држани на 13 и 14 јуни, а не на 14 и 15.Ова го кажувам заради тоа што на 13 јас не присуствував.Јас присуствував само на состанокот од 14. Не знам каков бил составот на присутните на 13.

На 14 јуни 1991 година е разгледувана една проблематика од крајна осетливост, проблематика која еднаш ја имавме ние овде и кога дојде до доста сериозни разидувања и тешкотии и ги донесовме овие закони кои ги донесовме.

Претставниците на партијата за демократски просперитет укажуваа дека ќе настапат големи последици за учениците од албанска народност, ако некој од нивните предлози не бидат прифатени. Јас кога бев присутен сватив дека претставниците на Владата прифатија врз основа на повторно формулирани предлоз кои ќе ги даде пратеничката група на ПДП, тие да изработат предлози на законски решенија кои ќе ги дадеме во Комисијата на расправа и таму да се спроведе постапка на усогласување. Така и постапи пратеничката група на ПДП и даде предлог до Комисијата, а Комисијата побара веднаш од Владата да подготви свое мислење , став и решенија кои после ќе одат во постапка.

Јас ги разбирам потешкотиите на Владата дека тоа биле од порано решенија вградени кои еве сега доживуваат незадоволство од една друга страна, меѓутоа, не е можно Владата да не подготви свое видување. Таа може да ги одбие, да не ги прифати, може да ги измени итн. Таму не е никаде договорено претседателот на Парламентот да контактира со политичките партии заради тоа што во Парламентот политичките партии се присутни само преку своите пратенички групи. Ако нема иницијатива од некоја политичка партија не може да се води и кај мене постапка на некое усогласување. Всушност , да се разбереме, мене ме задолжува само Собранието и јас не можам да прифатам на друг начин некој личен ангажман. Мојот ангажман е предлогот да добие овде и тој доби. Тој е даден во Комисијата и Комисијата се произнесе. Не може натаму да се настави постапката ако Владата не даде мислење по тој предлог.Реков Владата може да го одбие, да го прифати, може да го измени итн. но без неа не може натаму да се расправа по тој предлог. Оттаму денес бев запознат, а тоа беше една од главните причини, што покасно почнавме со седницата. Бев запознат, јас отворено ќе кажам сега, од координаторот на пратеничката група на ПДП дека тие не се задоволни што денес на дневен ред го нема тој предлог и дека тие размислуваат околу тоа да ја напуштат оваа 18-та седница, додека тој предлог не дојде на расправа.

Колку што денес разбрав тие не инсистираа да биде дефинитивно решение. Нека дојде на расправа овде. Јас ги замолив луѓето свесни ние за крупните последици кои може да настанат воопшто заугледот на Републиката, ако почнеме со напуштање на седниците на Парламентот, сепак тие да останат овде до утврдување на дневниот ред и сега да се договориме како ќе постапиме по тоа. Еве тоа е како одеше работата и како таа треба да се одвива.На друг е неможно таа работа да се заврши.

Значи ние имаме овде два предлога. Имаме предлог на Пратеничката група од ПДП, а имаме и предлог од пратеникот Ковачевски, И за двата предлога Владата треба да си има свое стојалиште.

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ;

Јас се согласувам со мислењето на господинот претседател на Владата дека се работи за пресложени проблеми, комплексни проблеми, срочни проблеми, како што знае да се изрази господинот министер за образование Димитров дека се проблем кој што не тиштат подолго време и дека не се работи за проблеми кои што може да ги разреши една Комисија за образование, а која што нема такви ниту права ниту ингеренции. Бебето е родено и мора да се лула.Треба да се најде секој оној кој што со закон, со највисок соодветен акт е задолжен бебето да го лула.

На 14 мај 1991 година пратениците на ПДП доставија барање за дополнување на дневниот ред на седницата закажана за 25 мај на Собранието на Република Македонија,каде што бараат да се расправа за проблемите во средното образование со посебен осврт на средното образование јазик. Познато ви е дека деловнички ни по еден предлог, независно дали потекнал од пратеник, од прате-ничка група или од било кој со деловникот одобрен орган не може да се расправа ниту на телата на Собранието, тоа значи и на комисиите, ниту на Парламентот додека за сето тоа Владата нема свое мислење. Далеку од тоа дека може да се расправа на Комисија или пак на Парламент за закон, за било каков законски акт. Јас овде ди сега можам да ви покажам дека зад секој закон е предлагач Владата, ако е Владата предлагач, па има свои претставници, па има свои повереници. Според тоа стриктно одејќи деловнички и чусвтвувајќи ја сложеноста на проблематиката која што е намет-ната, Комисијата од првиот момент од 14 го фати следниот ред.

По барањето да расправа Парламентот за состојбите во средното образование и тоа во средното образование на наставата со албански наставен јазик со оглед на тоа што по деловник неможе Парламентот да расправа за таа проблематика и за било која веднаш преку Собранието го достави барањето на 14 мај до Владата за да Владата биде спремна и има свое мислење за седницата што требаше да се одржи на 23 мај.

На 23 мај утрото добивме мислење од Владата во кое што Владата не информира дека Министерството за образование припрема две информации со кои што ќе го запознае Парламентот по повод потекнатото прашање од страна на ПДП. Меѓутоа, на 27 мај пратениците на ПДП преминуваат на втор степен на побарување, а тоа е по амандмански пат одат со иницијатива за измени и дополнувања на Законот за предучилишно и основно образование и тоа по скратена постапка. На 28 мај пратениците на ПДП одат со нова иницијатива за измени и дополнувања со закон за донесување на законот за насо-чено образование.

На 1 јуни пратеникот Кирил Ковачевски, излегува со иницијатива односно предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование во кои што имаме определби кои во многу се разликуваат од оние во досегашните иницијативи на пратениците на ПДП или се во некој пунктови сосема спротивни.

За сите овие иницијативи веднаш е побарано мислење од Владата за да може расправа по нив. Се бара расправа, нема расправа без мислење.

Комисијата за образование, ги гледаше сите на 4 јуни и заседе став дека не може да расправа додека не дојде мислењето на Владата.

Владата на 5 јуни го достави мислењето. Во него се укажува на комплексноста на проблематиката, на комплексноста на сите овие прашања и се наведува дека за наредната седница ќе ги достави материјалите со потребните мислења. Ова мислење Комисијата за образование, наука и култура го разгледа и останувајќи при својот првобитен став дека се срочни задачите што произлегуваат од иницијатативите дека е компелксна проблематиката дека се ближи 15 јуни кога ќе отпочне реализацијата на конкурсни за запишување во средното образование дека имавме такви случаи и кај учениците кои што неможеа да добијат сведителство поради штрајкот во основното образова-ние, остана мислењето дека тоа што Владата спрема излезни решенија е многу позитивно и пофално само доинсистира со тие решенија да се излезе до 15 заради проблемите што можат да произлезат поради отпочнувањто на конкурсот.

Овој свој заклучок Комисијата го достави на Парламентот. На седницата од 7 јуни Собранието го усвои предложените заклучок на Комисијата и ја задолжи Владата до 15 јуни 1991 година да достави излезно решение по овие прашања.

На 12 јуни 1991 година пратениците на ПДП и НДП доставија предлог за дополнување на 17-тата седница, која што ја државме на 15 јуни, кога расправавме за Платформата Глигоров-Изетбеговиќ.

Ценејќи ја тежината на проблематиката што ќе ја расправаме тој ден се дојде до убедување дека не треба повторно таа иницијатива да се реактивира со оглед на тоа што сеуште не беше дојден 15 јуни кога според заклучоците на Собранието Владата требаше да понуди излезни решенија.

На 15 јуни пред зградата на Собранието се одржа протестен собир на жителите од Струга и Струшко и по истиот Парламентот беше информиран како се разреши собирот и она што го бараат. Меѓутоа, на 17 јуни пратениците на ПДП со оглед на тоа што помина 15 јуни повторно го реактивираа својот предлог односно иницијативата за изменување и дополнување на Законот за предучилишни и основно образование и Законот за средно образование. Со оглед на тоа што Комисијата по сите тие прашања седум пати расправа и има свои заклучоци и неможе да донесе било каков заклучок или предлог како стручно тело на Парламентот за разрешувње на овие проблеми додека го нема мислењето на Владата. Денес одлучи да му предложи на Собранието, Собранието да го активира својот заклучок донесен на седницата од 7 јуни.

Јас се согласувам наполно дека иницијативата за измени и дополнувања на овие два закона апсолутно не може да оди на денешната седница заради тоа што деловнички неможеме да расправаме по таа иницијатива поради недостатокот на мислењето или непонудените излезни решенија од страна на Владата. Според тоа мора да работиме деловнички. Се што ќе се јави како проблем ако навреме не се разрешува и ако се одлага јас верувам точно поради во голем дел објективни причини, поради задачите што се поставени на оваа Влада во овие исклучително тешки моменти поради интензивната работа на Програмата за мерките на економската политика и така натаму до 15 не се стигне да се понудат излезни решенија меѓутоа треба да знаеме дека проблемите ни се мултиплицираат дека проблемите се пресложени дека ќе мора никој друг освен ние, Парламентот и Владата заеднички да ги разрешуваме. Мислам дека проблемот до таа мерка е зрел и бара една средба на челниците на смте политички партии

во Македонија независно од тоа дали се застапени со пратеници или не во Парламентот и на таа средба конечно поради сложеноста и тежината на проблемот да не се свати навистина дека има префрлање на компетенции и одговорности, за што тврдам дека нема, меѓутоа, имајќи во предвид колку е тежок и сложен проблемот сметам дека некој треба да даде таква иницијатива дали тоа би бил господинот претседател Киро Глигоров или некој друг не смееме и понатаму да го одлагаме проблемот независно од тоа какво решение ќе изнајдеме. Решение мора да се донесе штопоради заради мултиплицирањето на проблемите,заради создавање на проблеми на едно подрачје на кое што сите очекуваат да дојде до проблеми на влошување на меѓуна-ционалните односи на отворање на внатрешен фронт покрај фронтовите што ни се нудат со промена на внатрешните граници во Југославија, фронтовите што ни се нудат со промена на надворешни граници, форнт кој што ќе ја прикаже македонската држава како ретроградна или како не демократска која што ќе ги исчука адутите на сите тие кои што ни даваат целосна јавна поддршка во овие моменти кога немаме никакво друго оружје да суверенитетот и интегритетот на Македонија го задржиме во рамките на идната југословенска заедница за која што имаме определба или се залагаме да биде сојуз на суверени држави.

Затоа уште еднаш инсистирам да не се смета ако Комисијата би имала и законски права и ако би можела дека не би го разрешила проблемот. Проблемот е пресложен, дури можеби и над можностите на Владата. Според тоа дајте да седнеме да го решеме човечки на мирен пат, демократски и да не го одолжуваме да немаме мултипликација на проблемите и да не се доведеме во ќорсокак од кој нема повраќај.

ЕШРЕФ АПИУ:_

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Републиката, претседател на Владата претставници и драги пратеници.

Очигледно е јасно дека ние не би смеел да кажам сосема намерно, но на извесен дел на луѓе на одговорни функции не им останало до вистинско разрешување на проблемите, не и останало до мирна Македонија со свој оргинален имиџ, со она што секој напреден човек тежнее не им останало до тоа, дури им е криво ако светот изразува голема доверба токму во оваа мала Македонија дека светот му дава признание отворено токму на нашиот претствник, на претседателот на Републиката и настојува и продолжува по секоја цена и оваа Република како Југославија во својот рејтинг на ова мирна оаза или на мирно демократско општество да ги изгуби сите шанси.Тоа ценам дека не би смеело да се дозволи по никоја цена. Токму затоа излегов да предложам дека од овој Парламент не смееме да дозволиме да направиме една смешна и една трагична комедија т.е. трагикомедија

Два предлога со сосема спротивни цели. Едниот кон хуманизирање на односите и реализирање на првата а вториот кон продлабочување на овој јазик, кон ограничување на правата. Едниот тежи кон демократија и демократски односи, а вториот кон хегемонија на едниот и потчинување на другиот не одат заедно господа.

Јас би го замолил господинот Ковачевски тој свој предлог да го повлече.

На Владата да и се даде шанса на утрешната седница да донесе одлука и овој проблем по договорот да се симне од дневен ред. Т.е. во македонската јавност веќе да излезе на видело толку очекуваната искра на спласнување во сферата на меѓунационалните односи. Тензијата да попушти, народот да свати дека и Владата

и претседателот на Републиката и овој Парламент навистина се занимаваат, навистина се преокупирани со вистинските проблеми и да му се стави крај родителите и децата да можат да ги запишат своите ученици во прва година во средно насочено образование, а овој мал број на ученици кои учеа на албански наставен јазик во Републиката да можат рамноправно да се запишат со другите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.

Ние за право сосема намерно постапуваме во оваа сфера за да имаме секогаш проблеми и за да може невредноста, некомпетентноста, неквалификуваноста и лошите намери да опастанат сеуште како опција, за жал многупати од двете страни во име на народот. Народот нема да им опрости.Јас апсолутно ништо и да се трудам со недели не би умеел да кажам толку кратко, толку јасно, толку сватливо во реченицата која ја заокружи пред малку нашиот ценет претседател дека во Републиката пред се нас ни е неопходно да обезбедиме сигурност.Сигурноста подразбира меѓусебно взаемно разбирање и доверба.Тоа подразбира и оставање простор за реализирање на правата на сите граѓани во оваа наша единствена и заедничка република.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, И овој пат од оваа говорница се изготоврени закани и до кога овој Парламент ќе голта закани од страна на малцинските партии односно од партиите на ПДП и НДП. До кога поединци ќе подлегнуваат на овие закани кои се спротивни на Законот и на Декларацијата за сувереност на македонската држава.

Нема потреба расправата да се поведе на челниците од политичките партии затоа што овој Парламент е највисоко тело и е претставник избран од целокупниот народ што живее во Македонија. Затоа чинам дека вакви препукувања и заканувања од оваа говорница ниту држат место, ниту им е место на поединци кои што го изразуваат тоа.

ДИМИТАТ ТРПЕНОВСКИ:

Почитувано претседателство почитувани пратеници, Ова прашање по кој знае по кој пат е отворено и разли-чито решавано.Мислам на овој Парламент и временски му е ставена задачата историски да го разреши ова прашање на демокретски и мирен начин. Имено, Македонија нема време, а мислам дека нема ни желба да го држи ова прашање отворено. Македонија не сака репресија, а не сака ни да биде репресирана. Оттука, ние кога ја усвојувавме и едната и другата платформа особено Платформата Глигоров - Изетбеговиќ рековме експлицитно прифаќање и директна примена на Европското законодавство кое што ја тртетира оваа материја. Според тоа, ако ние вака се согласиме ќе треба низ овој модел да го решаваме и ова прашање. Во тој контекст мислам дека треба да се случи и Уставната комисија и да даде свое релевантно мислење, комплементарно на она што го предлагаше за начинот на третирањето на овие прашања во европското законодсвство кое што ние сакаме да го прифатиме како законодавство кое што е релевантно и за цивилизираното македонско општество со отворена европска опција.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ешреф Алиу.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Излегов со желба да укажам или да дадам придонес, нешто повеќе, за подлабоко размислување и поправедно разрешување на проблемот. Не сум свесен дека вршев нап-пори или било кога сум апсолутно,како човек ангажиран врз некого да вршам некоја репресија. Или, како што се потруди претходниот пратеник тоа да го покаже. Напротив, оваа говорница несмее никому да му служи за заканување. Јас, ниту имам желба, ниту би излегол било кога на оваа говорница за да изразам некја закана.Луѓе кои се склони така да размислуваат или луге кои во својата изградба го достигнале само тој степен за да сфатат: дека кога зборува на говорница пратеник кој не е македонец,се заканува, со таквите немам ништо заедничко.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ.

Почитувани пратеници, мислам дека за ВАКВИ теми и вакви прашања не треба емотивно да разговараме, пред се во Собранието не треба да разговарам од причина што и по натамошната наша работа, на Собраниево и взаемната доверба и вкупниот однос остава трага.

Мислам дека прашањето не е тешко, многу комплексно, туку прашањето е непријатно. Непријатно е од едноставна причина што ова Собрание тие 2 закони ги донесе пред 2 месеци или нешто повеќе од 2 месеци, И, се виде дека во пракса тие 2 закони

предизвикаа кај албанската народност страшни реакции. Значи, тие 2 закони не живеат. Станува збор овде, кој да го повлече прв потегот Ниту Влдата може да избега од тој проблем, ниту може да избега Комисијата ниту ова Собрание. Сите ние ќе расправаме. прашање е сега кој да Ја покрене иницијативата.

За мене е сосема логично тоа да го направи Владата односно Министерството, бидејќи ги следи сосотјбите во врска со остварувањето на законот, заедно со Владата. Ако тој оакон не живее во пракса, а факт е дека не живее, покренати се толку прекршочни постапки, апсолутно не се применува, Минситерстовото, бидејќи ги следи состојбите во оваа област, ќе ја информира Владата, Владата ова Собрание поради код причини тие 2 закони не се спроведуваат. И Комисијата ќе расправа по таа информација и Собранието ќе расправа.Конечно, ова Собрание мора да се произнесе дали ќе оди на измена на тие закони или нема да оди.

Според тоа, мислам дека е добро ако Владата прифати на утрешната седница да ги разгледа овие барања од Комисијата и да му предложи на Собранието, ние веројатно во текот на оваа недела, дали тоа ќе биде четврток или петок, ќе имаме нова седница и дефинитивно тогаш да го ставиме на дневен ред и да ги решиме проблемот. Верувам дека и Пратеничката група на ПДП и НДП нема да имаат против ако остане за наредната седница, врз основа на информациите и анализите што ќе ни ги даде Владата, што ќе бидат на увид на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Кљусев, претседател на Владата.

НИКОЛА КЛУСЕВ:

Кога се наоѓаме пред такви чувствителни прашања, а недоволно го оценуваме и моментот и вредносниот свет што сакаме да го изградуваме, ако ги препуштиме емоциите тоа да го оценуваат политичките партии, на свои политички рејтинг, јасно е дека било какво предлог да дојде од Владата ќе биде поставен на таблата пинг-понг.

Затоа е разумно да продолжи племенитата иницијатива што ја покрена претседателот на Републиката. Тие 2 дена кога се дискутираше, не беа бескорисни дискусии. Напротив, го отворија проблемот во еден демократски дијалог и требаше тој да 1 одолжи и кај другите политички партии. Досега се ќе беше завршиме за овие 10-15 дена. Барем ќе имавме едно видување. Тука се застана на формалности, Комисија-Влада, Влада-Комисија, а се испуштија од предвид и овој амбиент на Парламентот кој е повеќепартиски.Тој има едно видување од 2-те албански партии. Има едно видување и од делегат од друга партија. Тоа значи ни претстојат сериозни конфронтации.

Патем да кажам, тие дискусии ќе се преточат кога ќе дојде целосниот закон, а и во уставот, кога ќе стане збор за меѓунационалните односи. Има неколку солуции. Ако сакате да ја ставите Владата ад хок, сега, утре да заседава и да даде предлог, овие немили дискусии да ги продолжите, тогаш е iss 1es работата на Владата. Ако дадете ветување дека тоа може политички да се премости, со една нужна толеранција во гледањата, тогаш уште по оваа седница шефовите на пратеничките групи и претставниците на партиите и во Парламентот и вон Парламентот

нека поведат дебата за ова сериозно прашање што може да ескалира во несакани размери. Но, и ДА-се стави до знаење и на албанските партии дека не може временски да го детерминира сакањето и разрешувањето на проблемот.

Ние би биле многу среќни Уставната комисија и меѓу-партиските дискусиИ го отворат овој проблем за кое убаво дискутиравме.Станува збор со аргументи да се расправа, а тие аргументи се што овој цивлизиран свет признава во доменот на јазичноста и образованието. Ќе ги умножиме тие документи, ќе се докаже до кој степен се даваат, за да се релаксира политичката емоција и напнатоста на пооделните партии.Да не бидат жртва децата, ние како Влада сме склони на видување да го продолжиме рокот и да го извршат својот упис па макар сведителствата сега да бидат според постојниот закон. Тоа е исто така едно видување. Да не ги пребрзаме, да не ги прејудицираме односите.

Тоа значи или сакате изнудено решение на Владата, брзо,или сакате еден разумен гест на предах, да не ги казниме децата, Министерството за образование да го продолжи нивниот рок за запишување врз база на сведителствата што се сега готови да пристапиме кон дискусија републичките партии и во Уставната комисија и да изградиме еден цивилизациски став, културен.

Јас лично, мене ако ме прашате, јас имам свое видување. Нема никако да се кријам тоа јавно да го, кажам. Сигурно и Владата ќе изгради свој став. Но, се бара, сепак, да не се увалка Владата помеѓу изостремите политички *стpyen^.* во овој Парламент по OJB.a'чувствително прашање и затоа, чинам, дека би

било потребно сега да се изјасниме, сакате на утрешната седница да го поставиме и ви доставиме сво ј став, во кој  неможе да биде сигурно целосно решението или пак другиот предлог, да им овозможиме на децата неопходен рок да ги земат своите сведетелства, да се запишат, а да се поведе дискусија по овие суптилни проблеми, да се изнесаат јавни ставови, да аргументираме факти и аргументи на тој цивилизиран свет и да ги искажеме нашите гледања што сме ги искажале пред тие партии, И ние *од тоа,* а сигурно и јас?и ги другите,нема да отстапуваме. Тоа значи, станува збор за тоа да направиме ден разумен гест, да не ја префрламе топката едни на други.

Зошто да се исцрпуваме само за еден случај. Дали само тоа е меѓунационалниот однос што треба нас да не спојува на ова поднебје да живееме како граѓани, како луѓе'.Ако мислите дека е само тоа, само книшката и дневниците, евиденцијата, јас мислам дека има многу посложени проблеми што треба да ги разрешуваме во Уставот и многу повитални за егзистенцијата за сите нас, независно од своето потекло. Да го оцениме моментот, да не создаваме претпоставки на кавги, дајте мирно да ги решаваме работите. Владата да не ја поставуваме пред еден кус рок.

Инаку, предлогот на претседателот на Комисијата Ханџиски многу логично,ј*ас* му ја следев мислата, многу логично дојте до тој заклучок. НО, треба да  има и некоја политичка дискусија што ќе ја релаксира напнатата ситуација, да не ја преточиме во овој парламент во кавги, за еден сегмент  на нашето живеење.Тоа беше и неговиот предлог.

Еве, јас понудив два предлози, да се изјасните и да ја прекинеме дискусијата.Таа можеби ќе оди во недоглед.

Нужно ќе се вратиме на овие проблеми. Сакале или не, тоа е проблем.што, ќе не оптоварува и мора да му дадеме цивилизациски проток.Тоа значи дека секоја партија мора да ја покаже својата култура на односот, респектен однос спрема се, но и да прави други компромиси, со јасни ставови, погледи, што еден современ свет во Европа и вон од неа живее со тие проблеми и како ги разрешува.

Јас би ве молел да ја прекинеме дискусијат. Еве, дадов 2 предлози. Да се изјасниме за нив. И вие, конечно, ја сносите одговорвста со гласањето што ќе биде по него.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувасни пратеници, јас ја ценам дискусијата на претседателот на Владата како обид за едно конструктивно решение, меѓутоа сум и за тоа некои проблеми да разјасниме тука на лице место.

Потполно се согласувам дека овие проблеми не се по заслуга на сегашната Влада. Меѓутоа, сигурно дека овие проблеми се по заслуга на овој парламент, а и на претходниот, еднопартиски Парламент.

Кога беше на дневен ред Иницијативата за измена и дополнување на Законот за средното насочено образование, со предлог на Закон, како и многу други иницијативи, сведоци сме дека тука бевме надгласани, не по партиска основа, туку по

национална основа. Кај едните желбата беше на другите да им се забрани употребата на мајчиниот јазик во процесот на образованието, како една врста на подјазици, а кај другите беше желбата тоа да се сочува. Додека едните, резултатот од гласањето го увеличува и го смета како триумф на национален план, другите пак се вратиле во нивните бази засрамени од таквата одлука.

Било како да е, сега сме ние во една состојба кога овој проблем мора да го решиме, без оглед на тоа кој го создал. Мора да се реши тука, со политички сили, а не со закани, како што се изјасни еден претходен дискутант. Сите знаеме дека ако се во прашање заканите, тогаш ние не би биле тука. Има место каде се реализираат заканите. Ние сме тука дошле за дијалог, за отворен искрен дијалог. И, на тоа, до крај, до последна капка на надеж стоиме.

Сега, пред Владата иако Владата вели дека не е компетентна за вакви работи, а и пред овој Парламент, постои една голма одговорност за иднината на Македонија. Или дијалогот меѓу нас ќе продолжи со взаемно разбирање или двете страни ќе бидеме од сега натаму на спротивни позиции, ако нема начин да ги решиме овие проблеми, Било какво решение да донесеме, ние мора тука тоа решение да го донесеме. И, ако не сакаме денеска или утре овој проблем мора да го решиме после еден, после 2 месеци. Мора да се реши. Не може наставниците албанци на една страна, Владата на друга страна, секој на брани својата опција.

И јас не би сакал некои работи да злоупотребувам. Два пати се повикуваме на платформи. За среќа, авторот на

Платформата е тука. Во Платформата на господин Изетбеговиќи и Глигоров никаде не се предвидени рестрикции.Ниту во нашата Платформа за идното уредување на Југославија.Ниту во Деклaрациајта за сувереност на Македонија.Инаку, да имаше и во Декларацијата такви определби, јас воопшто не би ја прифатил таквата Декларација.Кој е тој што може да прифати Декларација што ги загрозува неговите интереси.

Многу пати се спомнуваат некои европски ковенции. Како ние да сме од Марс па незнеаме да читаме, : не ги имаме тие конвенции. Еве, ташната ми е полна со конвенции. Сакате на англиски, француски, италијански. Еве сега"Парискта карта" ќе ви ја донесам. Никаде во "Париската карта" не пишува дека некој мора да имал права. Таму, целта на тие конференции е унапредување на таквите права. Не рестрикција на правата. Инаку, кога би била целта на тие конференции рестрикција на правата, не би било потребно да се држат такви меѓународни конференции од многу важен карактер.

Меѓутоа, во нашиот предлог има и работи што мора да се решаваат и треба, незнам сега како ќе ги решава, но мора да ги решава Владата. На пример, повторното отворање паралелки на албански наставен јазик. Тоа не е работа на Парламентот, затоа што во Законот за средното насочено образование членот 11 дословно вели дека припадностите н народностите имаат право на школување на сопствен мајчин јазик.Сега, тоа што е забрането со некои декрети од бившите структури, тоа треба да се реализира, Тоа единствено "може да го реализира Владата. Би бил апсурд Парламентот да гласа за нешто што постои во Законот за средното насочено образование.

На крајот би сакал да истакнам, јасно е тоа дека барањата се артикулирани преку политичките партии. Меѓутоа, такви барања има доставени до сите инстанци во Републикава, од граѓани, родителите и првенствено наставниците. Што значи дека не се изричито барања на политичките партии. Тоа е и мое барање како родител, јас имам дете во основното образование и бидејќи јас претставувам еден дел од народот, таму, тука ги претставувам и нивните барања и наеднаш и моето лично барање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има за збор господин Ковачевски, а потоа Поповски.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Кирил Ковачевски.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувани и претседатели. Ова е изричито барање на една политичка партија, а тоа е ПДП. Јас ќе го кажам и датумот од кога произлегува тоа . Тоа е 20 мај минатата година. Тогаш политичката партија ПДП преку весникот "Рилиндја" даде јавен повик да не се земат книшките и дипломите на македонски јазик Во целата предизборна активност ПДП инсистираше и ветуваше кога ќе дојде таа на власт и кога ќе освои во Парламентот поголем број пратнеици ќе се спроведува на албански јазик евиденцијата и документацијата во училиштата.

Понатаму, прво започна училиштето "Јета Е ре" во селото Шипковица. Тоа беше 24 август минатата госина, Тоа беше пробно да се види и да се испита климата во Македонкја дали ќе успее или не Тие почнаа да го спроведуваат нивниот совет ш тоа училиште да реши против уставот и против законите да спроведува и да ја води евиденцијата на албански јазик и документаицја. Потоа следеа казни, казни на директорот на училиштето, беше замешана инспекцијата просветна, беше дури и Уставниот суд и секаде им се одговори негативно и се посочуваше амандманот 43 на Уставот. А знаеме дека уставот е наша светиња. Се работеше против уставно, тие продолжуваа, почнаа и во други училишта, не само во ова прво училиште, па почнаа прво во општината Тетово, а постепено и во другите општини во Северозападниот" дел на нашата Република.

Понатаму, тие не само тоа што преземаа, почнаа и да ја бојкотираат наставата кога ќе беше наставникот македонец. Исто така на првото полугодие оваа година престанаа да ги земат ученичките книшки. Кога дојде на крај оваа завршна година, кога требаше учениците да ги примаат дипломите и ученичките книшки уште пожестоко ПДП и НДП заедно се нафрлија на учениците и на наставниците им забранија никако да не ги пишуваат ученичките книшки и сведителства Поради што, многу ученици останаа незапишани како во средните училишта, така *и* на факултетите. Сега, кога ПДП ветуваше уште од предизборната активност што ќе спроведе, сега нив ги фаќа извесна паника. Населението албанско бара од нив резултати, тие не можат да дадат резултати и затоа уследуваат, барајќи резултати, а албанското население, јас сум имал прилика и сум разговарал со поедини албанци кои трошеле и пари за тоа во предизборната активност, а велат ништо не спроведоа од тоа што ветија.Сега затоа уследи тие да трчаат кај претседателите на Владата, на Собранието каде уште не за да спроведат нешто против уставот. Како што рече господинот потпретседател Тито Петковски два закони усвоивме, но тие два закони не заживееја, навистина не заживееја. Зашто? Затоа што уште немаме правна држава. Правна држава ке беше ако, јас уште во февруари кога населението на Тетово македонско предвиде што ќе стане ова и затоа го дадов тој амандман во целите и задачите на основното образование и воспитание да влезе и укинување на училиште. Во случај ако тој амандман се примеше уште во февруари, изгуби тој амандман за три гласа, денес не ќе имавме вакви појави, ке имавме правна држава и Ова немаше да го прават политичките партии на албанско население.

СТОЈАН АНДОВ;

Господино,т претседател на Владата даде два предлози. Ако земате збор натаму, осврнете се на тоа.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани народни пратеници, прво, мислам дека материјална расправа веројатно во оваа фаза не би требало да водиме. Прашањето е дали треба да се постави на дневен ред или не и да ли се создадени условите денес Парламентот да расправа по ова прашање. Ја прифаќам целата оценка за крајно сериозните импликации во еден подолг период што овие конфронтации се присутни. Поготово, неприфатливи се за мене некои оценки во рамките на оваа дискусија што се дава за забранетост или скратување на правото на користењето на мајчиниот јазик. Изгледа покрај самарот, ние сакаме и коњот да го изгубиме. Кој оспорил на било која национална припадност во Македонија да може да учи на свој мајчин јазик. Дали во Републиката не се создадени сите услови, да ли на некое национално малцинство да може било какво спортско и културно друштво во било која свера на творештвото да се изрази. Сега се дава генерална оцнека дека во прашање е во забрана на употреба на мајчиниот јазик било на албанска, турска или било која припадност. Мислам дека тоа никој нема да го прифати.

Второ не гледам ниедна партија во овој Парламент, вклучувајќи ги, можам да кажам и за независните пратеници овде што се во Парламентот, кој што не застанал зад основниот став, дека на националните малцинства спремни сме да ги гарантираме сите меѓунродни конвенции. и права што се дадени. Никој не отстапил досега во дискусиите на тој план. Меѓутоа, фрлајќи ја пинк-понк топката

од Комисијата до Владата, очигледмо што е клучниот проблем, тоа е мое мислење, овој Парламент ги донесе тие закони. Овој Парламент тие закони ги донесе на основа на мислење на Уставниот суд, кој е единствено меродавен да даде толкување на Уставот.Според тоа, ниту оваа Влада очекувам односно неочекувам да го измени тој став, ниту пак политичките партии можат некоја политичка игра или да се погаѓаат за уставно решение кое што е сега присутно. Според тоа, доколку има определена дилема или размисли мислам дека вистинската работа е да се покрене постапка за измена на уставното решение, докопку овој Парламент тоа го прифати. Во спротивно, по мое мислење, доколку таа уставна одредба не се промени, мислам реални услови не постојат за било какви измени на тој план. Затоа, мислам дека тука пренагласено се истакнува прашањето на евиденцијат а по мое мислење суштината не е во ефиденцијата, суштината е дали албанските деца, турските, ромските имаат можност на свој мајчин јазик да се воспитуваат и да се изградуваат. Тоа е суштината во основното право во сферата на образованието. Тоа треба да се обезбеди. Меѓутоа, доведување во прашање на службениот јазик, македонскиот јазик, во Македонската држава, мислам дека тоа е политичко прашање бидејќи ниедна партија овде  барем заеднички не можеме да се согласиме. Инаку, сите други права било во образованието било во културата и во сите други сфери, поготово, сите прашања и права што националните малцинства ги имаат стекнато по сите меѓународни конвеции евроспки и светски, мислам дека нема пратеник во овој Парламент кој што  нема да застане зад тие решенија. Се во духот на развивање на меѓусебни, солидни меѓунационални односи.Оттаму, мислам сега немојте вие пратениците на албанскта народност

немојте да ја префрлате кривицата на овие пратеници од македонската народност, Дека македонските пратеници ќе бидат криви што вашите деца немат да се запишат во училиште.Јас овде одговорно изјавувам дека вие ќе бидете виновни што вашите деца нема да се запишат во школо.

СТОЈАН АНДОВ:

Никој не зборува за предлозите на претседателот на Влада Тоа се сега само реплики.

МЕРСИМ ПОЛО?КАНИ:

Се насобраа неколку реплики, меѓутоа, ќе реплицирам само на двајца или троица дискутанти. Еден наш мислител вели "Народот кој спие, умира". И народот кој не се образува умира. Овде на Балканот нема да дозволиме ниеден народ да спие па ниту да умира, Да се бара школо не е исто што и да се бара оружје, па дури ни леб, школо од господа се бара овде. Како ќе одиме во Европа Уште на првата дискусија  истакнав дека овој Парламент го гледам како своја куќа. Овде како се развиваат работите, по се изгледа ние ќе мораме да одиме можеби уште денес. Ќе оставиме на вас и на вашата совест да решите за нашата судбина, бидејќи како државотворна нација мислите дека само вие треба да одлучите за нашата судбина, а не ние самите.

Крајно е време господа и граѓани на Македонија да се свати, ние не бараме милост овде, ние не сакаме некој да ни даде некои права, ние се повикуваме на нашите иманентни права со Закон и со Устав, прочитајте го господа Уставот и вие што постојано говорите за меѓукародните' конвенции прочитајте и најдете една одредба во  тие конвенции, која што ограничува во кој степен

може да се школува некој, било тој да се нарекува народ, народност или етничка група.Нема ограничување. Меѓународните конвенции, почнувајќи од Декларацијата за апартхејдот 1965 година Обединетите нации, Парискаta карта  и сите труги меѓународни документи, никаде не се ограничува тоа школство, туку само се вика дека малцинствата а односно народностите имаат права да се служат со својот јазик и да се образуваат на својот јазик и да ја развиваат својата култура.

Овде некои пратеници и политички партии тоа го велат. Избегнувањето за ова горливо прашање да се раз говара е само префрлање на една топка.Школството за нас или поточно оние кои ги претставувам е отворена рана, која во оваа напната политичка состојба и во овие горештини може да се инфицира и уште повеќе да ги искомплицира и онака нарушените меѓунационални односи. Крајно време е со овој проблем да се соочиме. Јасно и гласно господа пратеници и сите граѓани на Македонија викаме ние Албанците, па ни другите кои се неславјани несакаме да го минираме бродот со кој пловиме низ историјата.

БЛАГОЈ ТОШЕВ

Господине претседателе, дами и господа, пратеници. Јас кога зедов збор кога се избираше Владата на Макеоднија, во моето излагање реков господата треба да размислуваат со сопствените глави и да продолжат така. Сентименталности, господине Кљусев, како претседател на Владата не се потребни за оваа наша држава Македонија. Не е овој проблем денешен. Вие го знаете господинот Саво Климовски, какви проблеми имаше во врска со оваа проблематика.Сега му падна среќата на ѓосподинот Димитров да го решава овој проблем.Иститe начини на притисоци може би малку по опасни еве сега со напуштање, со некои други претења итн. Кога зборувам за претења

може би во право се господата од ПДП и НДП, затоа што во предизборната кампања тоа и го ветија на албанскиот народ дека кога ќе дојдеме ние да знаете дека во школството, па ке ви обезбедиме и факултети. Не случајно господинот дали е од ПДП или НДП кажа тука дека еден ден дури и во Парламентот ке се зборува на Албански јазик Сега се враќаме назад дали ова како форма не е и за понатаму да се бараат некои нови права за ПДП и НДП.

Во однос на тоа дека јазичниот дел е многу важен за Македонија, па некоја париска конференција се слуша итн, па Вие знаете дека во Франција имаме 8 милиони алжирци и според тоа не му текнало на некој на пример да направи школи на алжирски јазик По однос на оваа ситуација дека албанците со нешто се омаловажени, не би се сложило никогаш. Мене ме изненадува господинот Петковски, вели двата закони ги изгласавме и не добија  резултати.Тука ние сме виновни. Не се виновни тие што не ги исполнуваат законите, но рестриктивната политика е многу полека  тука закон да не се почитува, па тогаш ние знаеме дека и 0,5% промили ако имаш во крвта, ако си во возна состојба во кола, те казнуваат и дури одиш во затвор. А да не говориме за начин кој што се спроведува во една многу чувствителна материја во образованието. Вие и пет пати да го донесете законот за основното образование и воспитување и за средното образование, јас сум свесен човек веќе гласав еднаш за тој закон и дека и понатаму ќе гласам како што гласав  и првиот пат.

Во однос на чувствителноста дека на некој начин се омаловажени, јас не ја гледам омаловаженоста. Ако веќе имаат обврски спрема' албанското население нека кажат дека овој званичен јазик е македонскиот со кирилица. Сите знаеме дека во институциите се води таков јазик, на македонски јазик е и сега не ги земаат

сведителствата и сега во однос на дискусиЈата на господинот Кључсев да бидеме сентиментални за децата. Ако јас за моите деца не водам сметка како родител, комшијата, нормално, нема да води сметка. Според тоа, ми се чини дека нека почувствуваат и тие граѓани од албанска народност дека овие партии дека сега погрешно ги водат, она што им го ветија неможат да го добијат. Ако мислат дека со револуција ќе добијат нешто, се лажат.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Сејфедин Харуни бараше реплика.

Ние отидовме во расправа без материјал,а ние баравме да расправаме кога ќе имаме мислење.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:
Јас не сакав .-да дискутирам по ова прашање, бидејќи секогаш оваа говорница повеќе се искористува за политички рамки и политички заповеди и тоа на меѓунационален план, наместо да биде натпревар на мислења за она што е веќе кај нас во секојдневното осиромашување на обичниот човек и од ден на ден таа трпеза станува посиромашна, а господата што беа само со името што го променија од фотеља . . до фотеља, па денес и ната^чу такви политички рамки сакаат да ги задржат и такви политички запо-веди да креираат. "јас мислам дека би било крајно смешно, останало дека секое наше барање има еден единствен квалификатив од позиции на албанскиот национализам и сепаратизам и работа кога се бара и учење на свој мајчин јазик, образување на свој мајчин јазик, употре-ба на своето писмо, од позиции на албанскиот национализам и сепа-ратизам. Јас не се согласувам со тоа, дами и господа, и истата по-ложба до колку, како што гледаме разноврсни притисоци не само на Македонија, не само на македонскиот народ, не само на македонската историја, ние сме единствени што дигаме глас да кажеме дека таа историја е многу богата и покрај негирање на македонскиот народ пос-тои, а тешко ми е дека многумина овој соживот и заедништво не са-каат да го примат, не можат да се согласат со ова. Ако сакаме во историјата во вчерашното минато и на македонскиот и на албанскиот народ нашето заедништво било се до 1918 година под исти етапи на живот има поминато'и македонскиот и албанскиот нар<зд. Но, за жал од 1918 година наваму не пожелба на македонскиот народ, ниту по желба на албанскиот народ бвие меѓунационални тензии, разединувања почнаа. Бидете сиѓурни Македонци интелектуалци дека не е воопшто интерес на Македонија, туку тоа е интереси на други азвојувачи што имаат ставено прст и над Македонија и над македонскиот народ и над

сите други народи што живеат во неа. Единсгвено ако не знаете и ако сте неинформирани д^ми и господа поединци,- не за сите, од 1944 го-дина наставата се изведува на албански наставен јазик и подеднакво се изведува и евиденцијата и администрацијата на албански наставен јазик. Таа преродба е и за македонскиот народ, ние се дичиме со она што го постигна македонскиот народ и универзитети и други, меѓутоа, не можеме на сметка на сите овие достигаља нашите права да бидат смалени. Се до 1983 гопкн" тој закон, тој устаs, тие ксрми и во нас-тавните планови и наставните програми зажег. Меѓутоа, уште на поче-токот реков оваа рхзворница треб ада се користи за паметни работи, за политички рамки и за победи ова не смее да се користи. Тоа е право, не дека бараме од вас, тоа право сме го бранеле со наше учест-во во НОБ и Социјалистичката револуција. Тоа право сме го стекна-ле со соживот, со сите други народи во Југославија, заедно и јас мислам дека тоа право ќе биде и Ваша гордост да се поддржи и да се настави во наредниот период. Било кој да е ние ќе признаеме са-мо такви политичари кои ќе ги зближат интересите на сите народи, такви политичари кои ќе гледаат во визијата на народите, во перспек-тивата на народите, во перспективата на обичниот човек кој секој-дневно осиромашува и на својата трпеза нема што да им даде на де-цата, на тоа воопшто не обрнуваме внимание, а на Поповски многу му е фино, се извинувам вака што на оваа говорница го повикувам затоа што во поселдните години од фотеља до фотеља  тој може да се лади под таа ладовина, меѓутоа прогресот не стои зад него и си-те луѓе што до сега узурпирале такви права кои не им припаѓаат, тие се крајно смешни, но и неперспективни.

КИРО ПОПОВСКИ:

Бидејќи господинот пратеник го спомна моето име мислам барем тој минимум парламентарна демократија да се почитува за реплика. Мислам само во тие случаи се добива реплика во Парламентот на запад.

Прво, очигледно во овие први подеми на парламентарниот систем се уште не можеме да ги усвоиме сите навики, мислам можеме да се споиме во гледање, но сметам дека една политичка култура и ниво мора да одржиме. Јас со ништо никого ни еден пратеник не нападнав ниту дискредитирав. Вие можевте да спорите со мојот став и гледање, но не можете мојот дигнитет да го напаѓате. Јас и ден денеска и овој момент тврдам и се залагам сите национални малцинства да ги имаат сите услови за образование на својот мајчин јазик, да говорат свој мајчин јазик, тие во школо пишуваат на свој мајчин јазик, културата, ги негуваат традициите на својот мајчин јазик, имаат свое радио и телевизија, ја само спорев по прашањето на евиденцијата, службената евиденција како државен акт дали може двојно или само на албански, турски, ромски.Никој не го спореше правото ниту пак мојата партија ако веќе говориме како партии било кога оспорувала правото на заедништво, градење на мостови на соработка и заедничко живеење. Сите национални права треба до крај да се остваруваат и мислам дека меѓусебно во сите дуели мислам на едно ниво на политичка култура мора да запазиме за да интегритетот не го доведуваме на пратениците во самиот парламент, а тоа како јас сум дошол во овој Парламент веројатно на сите им е познато, а не верувам дека на половина и повеќе од овие тука пратеници не им е јасно како вие сте дошле во овој Парламент.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Веројатно ако се врши директен пренос мачен впечаток е

кај сите Македонци ова што денеска се случува тука е жално проади немоќта да докажеме дека функционира правната држава. Се надевавме дека по ова прво искуство на слободни повеќепартиски избори нешто ново ќе се случи во Македонија, меѓутоа, едни опасности се заменети од други, секој си ја гледа својата шанса и оние што така со широки раце им овозможивме со години да мислиме дека живеат со нас, а и тие имале некои свои намери.

Бараат паралеен систем на сбразованието, барат паралелен систем на администрација, ќе бараат паралелна држава и веќе ја бараат. Цел е да се отцепи еден дел од Македонија, меѓутоа, некои велат цала Македонија. Некој овде рече дека реагира жестоко на законите што ги донесе овој Парламент, па тие уште овие денови реагираат и на тоа што македонскиот народ стои во дефиницијата како носител на сувереноста и го негираат правото да бидеме сопственици на сувереноста во својата сопствена држава. Меѓутоа, поголем проблем е не нивното однесување тоа лесно се решава, проблемот е кај нас Македонците, проблемот е би рекол и на високо место на носителите на политиката - Македонци кои ја претставуваат македонската држава.Овде ни се наметнува да поверуваме дека Европа е толку идилична дека нема проблем со малцинствата во Европа. Јас ве уверувам дека секоја држава има малцинства, меѓутоа, тоа е под контрола на правната држава. Она што Македонија го дава ниедна држава во светот не постои тоа да го дава на малцинствата, а не убедуваат во спротивно да поверуваме. Стана збор дека' има некој дого-вор, ве прашувам господа пратеници кој има право да прави договор и покрај македонскиот Парламент и со кого? Јас проблемот го гледам во тоа што Македонската влада мора да ги спроведува законите или таа ќе ги спроведува законите или некоја друга македонска влада бидејќи тоа македонскиот народ го бара.

кај сите Македонци ова што денеска се случува тука е жално проади немоќта да докажеме дека функционира правната држава. Се надевавме дека по ова прво искуство на слободни повеќепартиски избори нешто ново ќе се случи во Македонија, меѓутоа, едни опасности се заменети од други, секој си ја гледа својата шанса и оние што така со широки раце им овозможивме со години да мислиме дека живеат со нас, а и тие имале некои свои намери.

Бараат паралеен систем на сбразованието, барат паралелен систем на администрација, ќе бараат паралелна држава и веќе ја бараат. Цел е да се отцепи еден дел од Македонија, меѓутоа, некои велат цала Македонија. Некој овде рече дека реагира жестоко на законите што ги донесе овој Парламент, па тие уште овие денови реагираат и на тоа што македонскиот народ стои во дефиницијата како носител на сувереноста и го негираат правото да бидеме сопственици на сувереноста во својата сопствена држава. Меѓутоа, поголем проблем е не нивното однесување тоа лесно се решава, проблемот е кај нас Македонците, проблемот е би рекол и на високо место на носителите на политиката - Македонци кои ја претставуваат македонската држава.Овде ни се наметнува да поверуваме дека Европа е толку идилична дека нема проблем со малцинствата во Европа. Јас ве уверувам дека секоја држава има малцинства, меѓутоа, тоа е под контрола на правната држава. Она што Македонија го дава ниедна држава во светот не постои тоа да го дава на малцинствата, а не убедуваат во спротивно да поверуваме. Стана збор дека' има некој дого-вор, ве прашувам господа пратеници кој има право да прави договор и покрај македонскиот Парламент и со кого? Јас проблемот го гледам во тоа што Македонската влада мора да ги спроведува законите или таа ќе ги спроведува законите или некоја друга македонска влада бидејќи тоа македонскиот народ го бара.

Македонци таму и имаат следните права: ограничени и просторно и образовно.Таму имаат образование до IV одделение и тоа уште во I одделение се учат дека се македонска националност во Албанија, а тоа го потврдуваат нивните букварии што ги даваат до IV одделение пишува "Буквар за учениците од македонската националност во Албанија", а не вели народност. Тие никогаш не рекле дека тие 200 илјади што живеат таму се народност во Албанија, туку малцинство. Спрема тоа кога ќе се изборат колегите Албанци да се признаат нашите Македонци таму како народност и ние тогаш да ги признаеме. Треба да се оди по тоа колку што им имаме признато толку да ни се признае. Инаку, во спротивно не можеме само ние да признаваме и даваме такви признанија на албанската националност да речеме дека е народност, а таму да велат дека е тоа малцинство.

Друго, со нашиот новинар што го водеше разговорот пред неколку дена во Албанија со опозициониот лидер на албанската партија и со одговорниот министер во Албанија исто така спомнаа, велат македонската националност во Албанија, а кога новинарот го постави прашањето како е решено прашањето на албанската националност во Ма-кедонија, тој вели албанска народност во Македонија.- Тоа значи треба и тука малку да се гледа, а не само немаме право, немаме право. Кој колку има овде, колку имаат тие таму. Значи, уште во прво одделение се учат дека се малцинства и ограничени и просторно, а не како кај нас средни школи, факултети и други работи и дури им било криво што во една правна суверена држава се донело да се почитува нејзиниот јазик суверен на таа држава. Спрема тоа, сметам кога е така ќе треба колегите од малцинството да не фронтираме многу меѓу себе, меѓутоа да се почитува едно меѓународно право колку се признава со меѓународните конвенции на нашите Македонци во АлбаниЈа, толку да им признаеме и ние во Македонија.

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:

Овде е изнесена бројка околу 200 илјади Македонци што не е точно, точно во Албанија има 4.800 Македонци.

Второ, имаат две средни школи гимназија и средна трговачка школа.

Трето, ние не сме во друга земја, туку сме во своја земја, во своја татковина, во свое место како автохтон народ и заеднички сме војувале за доброто утре.

ФАИК АБДИ:

Почитуван.претседателе, почитувани дами и господо. Јас морам да ви кажам дека му припаѓам на еден народ Роми кои, ако вие Македонците бевте робови за време турско, ако бевте толку потлачени, Ромите не се сметани за луѓе, беа пониско од робови, денеска ние заедно седиме овде рамноправни, тоа е голема работа, јас кажувам од оваа говорница дека ромите во споредба *со* бивша Југославија и не знам кое друго време постигнаа несразмерно многу, меѓутоа, во споредба со достигањата на другите народи и народности во Југославија многу малку, сеуште сме на почетокот. Денеска кога го слушавме излагањето на господин Киро Глигоров па дали може овде во овој Парламент да си направиме една визија што се значи прв пат да речам опростете господине претседателе овој човек претседателот на Републиката да зборува така. Какви се опасности ни претстојат се назираат, од каде демнеат, демнее опасност по животите на нашите деца, во нашиот опстанок воопшто како Македонија и како Југославија.

ФАИК АБДИ: (продолжение

И ние се зафативме сега за решавање на одредени прашања кои што се исто така важни, меѓутоа од оваа говорница се спомнуваат зборови ако треба Револуција". Едни кажуваа за време изборите ќе направиме тоа и тоа, сигурно другите ветуваа ќе расчистиме во Западна Македонија итн. Тоа беше присутно, меѓутоа поминаа 6,7 месеци, уште ли така? Мислам дека господата пратеници од пратеничката група ПДП и НДП не би требало сега во овој момент да поставуваат- вакви прашања и она напуштање на седницата. Мислам дека разумот и свеста треба да надвладее. По мое длабоко убедување и да се реши кризата во Југославија, внатрешната криза сепак, ќе продолжи. Таа ќе продолжи и во Србија и во Македонија и во другите делови. И да оп-стане Југославија, пак ќе продолжи. Заради тоа Ве молам можеме ли да го утврдиме дневниот ред и да појдеме малку понатаму, да се одлепиме од оваа материја. Заради тоа што ние веќе отворивме материјала дебата, ги отворивме раните, почнавме да се навредуваме. Дали на нас ни личи како на Парламент вакви зборови да упатиме едни на други. Ние сме претставници на народот. Нас не избра народот. Мислам дека мораме да бидеме далекусежни во своите иска-жувања, далекусежни заради тоа што мораме да бидеме свесни на ситуацијата која што не демнее за два,три,четири,пет дена. Мораме прво на тоа да мислиме. Немојте тоа заедно со ова да го поистоветиме и заради тоа да бараме незнам што. Јас сум убеден во себеси дека секое прашање ќе си го најде своето место на одлучување. Лека полека ќе се одлучи. Сигурно не можам да си замислам заради тоа што сум во коалиција со Социјалистичката партија, дека Социјалистичката партија стои контра народностите, етничките групи и незнам кои други да ги речам национални малцинства како што се употребува тој термин. Јас сум за тоа да се употребуваат термини онакви како што се регулирани во Уставот: народностите и етничките

групи. Се додека тоа не се измени ќе употребуваме такви термини,а после тоа ќе употребуваме и други, ако треба и "волци" и"волци" ќе гиречеме или "мачки". Сакам да речам, дајте да се одлепиме од ова. Нашите права и обврски пред се се да создадеме еден заеднички живот во оваа држава, наша држава, да создадеме иднина за децата, да создадеме иднина за нас. Да видиме дали по отцепувањето на Словенија и Хрватска тоа ќе биде раѓање на нова Југославија, или ќе биде распаѓање. Јас викам дека ќе биде раѓање на Југославија, така мислам. Да ги видиме нашите тековни работи кои што.одат. Сигурно ќе биде тешко за нашите деца што не можат да се запишат. Толку ли тешко ќе биде ако албанското дете, албанското дете знае убаво македонски. Јас сакам моите внучиња,
моите деца да знаат перфектно македонски, да се школуваат, да бидат добри граѓани. Тоа го сакаме сите ние сега. Заради тоа да бидеме заради поеластични. Немојте од инат во инат, заради тоа што тоа не не води никаде. Само ќе не води кон она што еден овде кажа,"ако треба и
Револуција". Од прилика така разбрав, можеби е погрешно и би било добро да сум јас во грешка. Јас упатувам повик до сите поготово до пратениците на ПДП и НДП овие дискусии да ги привршиме не со оној бојкот да станеме од нашите места, бидејќи овие ни се работни места на некој начин, да ја продолжиме нашата обврска по дневниот ред и да видиме со нашето перманентно заседание што не очекува
утре и задутре.

СТОЈАН АНДОВ:

Сигурно има многу што да се каже, меѓутоа предлагам да имаме предвид дека претседателот на Владата ни предложи врз основа на заклучокот на Комисијата на утрешната седница Владата да го разгледа прашањето и да се обиде да одговори дали ќе има пролонгирање на уписот, или незнам кои прашања, важно е утре ќе

го разгледа тоа прашање. Претседателот на Владата го понуди тоа. Сега тоа да го дадеме на гласање.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги, јас всушност нема да дискутирам опширно, туку само сакам да ја упростиме работата. Предлагам точката како точка за расправа по Предлогот за измена и дополнување на законите од областа на образованието како што е предложено од Парламентарната група на ПДП и НДП да влезе во дневниот ред, не по цена да се расправа денеска, туку да влез'е' _:За да се расправа во продолжението на оваа седница дали тоа ќе биде задутре, или некој друг ден. Во меѓувреме Владата навистина да расправа на утрешната седница евентуално и да изгради мислење по однос на тој закон и на таков начин да дојдеме до една квалитетна расправа по ова прашање. А во меѓувреме апсолутно се согласувам бидејќи навистина се оддолжи прилично со излезното решение за проблемот да се обезбеди од МИнистерството за образова-ние дополнителен рок за упис на децата од албанската народност што поради овие причини, поради наше неслагање се продолжи нивниот упис.

СТОЈАН АНДОВ:

Може ли да го формулирам ова што сакам да го заклучиме Брз основа на заклучокот на Комисијата кој бара Владата да го информира Собранието што прави во врска со тоа,не информира претседателот на Владата. Претседателот на Владата овде изнесе предлог да и се овозможи на Владата утре целиот тој проблем да го разгледа и да се обиде да најде решенија.Едно од споменатите беше одложување на уписот. Како ќе го реши да видиме. Само Ве

молам по овој предлог на Владата ако можете да кажете нешто, а немојте да давате нови предлози.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:

Морам да се поврзам директно со претседателот, вели, по предлог на Владата. Прво, таков предлог Владата не е овластена според Уставот да дава. Друго, во рамките на Владата ќе си носи одлуки, препораки, рокови и сл, Овде е Парламент МОже само да носие прописи, ги менуваме и Устав. Јас сметам единствено ствено можно разрешување е она што го кажа потпретседателот Киро Поповски'А идејќи единствено тоа е можно. Една варијанта е да се бара измена на Уставот. Друга варијанта е со носење на новиот Устав. Бидејќи новиот устав во тек е постапката иницирана ова прашање да се разреши со новиот устав, со тоа да Владата во рамктие на своите надлежности вон Парламентот да не се покрива со надлежноста на Парламентот да си наоѓа уписни рокови, нови сведителства, или преводи, тоа е нивен проблем. Друго што сакам да укажам, ние многу апстрактно викаме дека се сакаме, братство-единство, ништо. Целта е овде ние да ги почитуваме прописите и преку тоа ќе си ги решиме сите проблеми. Ние велиме апстрактно братство единство 50 години, па се најдоа многу недостатоци. Ние почитувајќи ги прописите директно, тука е во прашање само една педагошка евиденција. Ние ако земеме и македонскиот народ наназад ги имал сите видови на настава: грчки, турски, а не демонстрирал против ниеден јазик, ниедна настава. Секоја настава е корисна. Може да се оправда демонстрирање економско незадовол-ство, економски .проблеми. Тука не се покажа дека нема простори, нема наставници, тука се обезбедени, меѓутоа, единствено педагошката евиденција е пречка. Со наредниот Устав може тоа да се разгледа

Во рамките на Парламентот  ние пред 15 дена го донесовме тој закон, а сега да го менуваме. Значи ние сега ќе излеземе спрема јавноста несигурни.Друго, да не се подгрева со непочитување на прописи да се носат нови прописи,посебно во  наставната.Ние на тоа ако ги потхрануваме, тогаш ние секој пропис, секое незадовол-ство ќе дојде со демонстрации, па ние ќе го менуваме прописот. а целта е прописите да се спроведуваат. Со тоа да не се злоупотрбуваат некои идни решенија со предлогот на Уставот каде се кажуваше дека ќе се размислува за одредени сегашнн решѕнија, за употреба аа јазикот и слични прашања. Затоа само исклучиво со новиот устав. Владата овде не_може да ни нуди решенија, туку ние си имаме пропис тој пропис беше оценет и од Уставниот суд  како што истакна потпреседателот на Собранието  и ние не можеме сега и безпредметно е да се поставува воопшто на дневен ред сега.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира по тие работи има различни мислења. Владате може да понуди, а после Крстески може целото ова да го каже по тие предлози на Владата бидејќи тој ги смета за неуставни, незнам какви. Владата може да понуди норми. Сега да видиме дали ќе се изјасниме по овој предлог на претседателот на Владата. Имаме предлог на претседателот на Владата. Предлогот на претседателот на Владата тој нека го дефинира. Тој ви го изложи и вам и мене. Мене не ми е писмено предложен овде.Ке го замолиме уште еднаш да каже во што е предлогот.- Колку што сватив за утрешна седница да ја разгледа можноста како да се олесни актуелната ситуација околу уписот и да се разгледа што може  и дали може некои прописи да се променат, Така- го сватив неговиот предлог.Утре Владата да држи седница и ова да го разгледа и своите погледи и мислења да ги упати на Собранието, а потоа ние овде да расправме дали е уставно, дали не е уставно итн., а не денес.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Го молам претседателот на. Собранието дали се откажува од делот од дефиницијата каде што се сугерира во предлогот од претседателот на Владата дека покрај тоа што ќе пробаат да најдат излезно решение одеднаш треба да се изјаснуваме и за некое пролонгирање на рокови како решение веќе се нуди. Јас предлагам да остане само да гласаме за тоа дека Владата утре ќе ни предложи било што, а ништо повеќе од тоа што мсже да личи на конкретно за давање на предлог уште денес.

СТОЈАН АНДОВ:

Да објаснам, денес ние ништо не решаваме се разбира само се согласуваме со тоа Владата на утрешната своја седница да изработи и усвои предлог кој ќе ни го даде овде. Мислење, но со некои предлози.

АБДУРАХМАН АЛИТИ:

Има конкретен предлог од страна на пратеничката група ПДП прашањето во врска со образованието да се стави на дневен ред на денешната седница . Тој предлог е даден правовремено кога, како, на кој начин е дискутирано за тој предлог многу убаво го објасни господинот Ханциски. Владата да сакаше ќе имаше мислење и ќе имаше предлог и за денешната седница, односно и за седницата што се одржа на 15-ти. Според моја импресија очнгледно е дека Владата нема предлог, нема мислење и предлогот на претседателот на Владата е како што го чувме. Мене лично тој предлог не ми дава никаква гаранција дека од тоа прашање нешто ќе биде. Оттука предлагам прво, да се гласа за предлогот дали тоа прашање се става на дневен ред на денешната седница, или не, како ќе се разрешува за тоа кога ќе дојде на дневен ред. Инаку, лично сметам

дека не требаше да се дозволи дискусија денеска тука, секој да ги изложува своите видувња: а на проблемот без утврден дневен ред. Тие прашања што тука ги чувме требаше да ги слушнеме кога ќе беше поставено прашањето на дневен ред. Инаку вака навистина си поставувам прашање што работиме ние сега, дали даваме предлози за утвр-дување на дневниот ред, или пак даваме предлози за разрешување на конкретно прашање, или сакаме да тестираме како ќе испадне, евентуално ако биде поставено на дневен ред. Па, нека испадне како што сака. Како ќе гласаме, така. Ние еднаш сме се изјасниле за тоа, можеме и вторпат да се изјасниме и трет пат, не е тоа проблемот. Проблемот, е тоа прашање да се разгледа од страна на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Укажувам дека досега не сме ставиле на дневен ред ничиј предлог, ниту на поединец, ниту на група без мислење на Владата. И затоа предлагам на Владата утре да и се овозможи да изгради мислење по сите предлози кои ги има, може и сама да ела-борира, сама може да понуди некои решенија. Предлагам така да одлучиме, а не како што господинот Алити вели сега да прескокнеме преку деловничките одредби и без мислење на Владата да го ставиме овој предлог. Ништо не се губи, со тоа еден ден се губи, или вкупнс два дена. Но, тоа би било голем отклон од еден метод кој е признат не само во нашето Собрание, туку е вообичаено да не се заобиколува Владата по такви крупни прашања. Затоа пак предлагам, јас можам сите предлози ако се инсистира да ги изнесам. Предлагам овде изне-сениот предлог од страна на претседателот на Владата да го дадеме на гласање. Кој "е за тој предлог да Владата утре на својата седни-ца изгради став, мислење, на основа на тоа и предлози итн. врз основа со овие предлози кои и се доставени.

Кој е за,нека крене рака? (54 гласа) Дали има против? (23 гласа)

Дали некој се воздржува од галсање (17 гласа) Според тоа, предлогот на претседателот на Владата е прифатен.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани колеги, за жал имам неблагодарна улога и задача во името на Парламентарнат група на ПДП и НДП да изнесам за следното. Од почетокот на повеќе-партискиот систем во Македонија ПДГ и НДП постојано покажуваа подготвеност за дијалог и создавање на услови за рамноправност, заедничко живеење и демократска Македонија. Меѓутоа, сите досегашни настојувања за рамноправен, толерантен и демократски дијалог поради неподготвеноста на другите парламентарни групи и партии и поедини републички функционери посебно во Владата останаа само неподготвеност  и искрена желба на ПДП и НДП, односно на Албанците и другите. Последниот напор за еден таков дијалог се направи за отклонување на пречките за нерамноправност во сверата на образова-нието и покрај постигнатата согласност помеѓу ПДП и НДП претседа-телот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, двајца потпретседатели и министерот за образование и наука и постигнатиот договор и ветување на претседателот на Собранието дека на оваа седница на дневен ред ќе биде и барањето на ПДП и НДП за измена и дополнување на законите во образованието ова прашање за жал не се постави на дневен ред ниту денеска, а нема изгледи да се постави на дневен ред на некоја од наредните седници. Сега е повеќе од јасно дека ниту Југославија, ниту Македонија не се заинтересирани за заеднички живот со Албанците во рамноправна и демократска заедница, туку настојуваат да создадат

услови за "заеднички живот" во кој ќе биде вградена филозофијата на суверениот и неговиот потчинет "слуга", несакајќи да создадат слични услови и сстојби како во другите средини албанците во Македонија градеа друга, посебна филозофија на живеењето, сожителство помеѓу Македонците и Албанците никната уште пред Илинден, преку АСНОМ до денешните денови и која требаше да зајакне и да се доградува во плурализмот и демократијата се до создавањето на доволно силна и стабилна Македонија како заедничка татковина и држава на сите нејзини граѓани без оглед на кивната нгционална припадност, раса и концесија. Со почетокот на работата на Собранието Албанците се надеваа дека ќе биде воспоставен дијалог во интерес на сите пратенички групи ПДП и НДП даваше вистински, искрен придонес во конституирањето на сите органи на власта, изборот на претседателот на Собранието, претседателот и потпретседателот на претседателот на Републиката и другите органи се со цел да се надминат тешките состојби, да се избегнат можностите за блокада на демократијата и парламентаризмот во Македонија, а во интерес на Македонија политички, економски и друго. Како возврат на напо-рите на пратеничката група ПДП и НДП, Владата на Република Македонија во содејство со Собранието одговори со изгласан закон со кој педагошката евиденција и документацијата во предучилишното и основното воспитание и средното насочено образование мораше да се води само на македонски јазик. Изгласан е закон за попис на насле-нието со кој на албанците им се негира правото на пописен лист на албански јазик. Владата покрај тоа направи се албанците да не се попишат, а со цел да ги обвини потоа за бојкот кој таа го наметна.

ШАБАН ПРЕВАЛА: (продолжение)

Не се почитуваше уставниот принцип на паритет во составот на Комисијата за меѓунационални односи, се попречи на незаконит и противуставен начин конституирањата на собранијата во Тетово и Гостивар согласно изборните резултати. Во овие општини денес функционира еднонационалната тоталитарна власт, уставно измислена , а составена од македонци претежно членови на ВМРО. На овој начин Македонија го повреди членот 79 од завршниот документ на КЕПС во Париз-.-За да ја изманипулира меѓународната јавност Владата на Македонија дозволи да се конституира собранието во Дебар со намера да има "аргумент" за јавноста дека таму каде "функ-ционира власта" на ПДП односно албанците"македонците се несигурни'. И покрај сите неправди одредени функционери "ги убедија" германските парламентарци дека Македонија е фаза на мирот - рај за албанците.

Меѓу првите посериозни проблеми што треба заеднички да се решаваат беше начинот на кој треба да се води педагошката евиденција и документацијата. По ова прашање се водени многукратни разговори со најодговорните структури во Републикава. И тогаш , кога изгледаше еден непотребно исполитизиран проблем ќе се симне од дневен ред со тоа што педагошката евиденција ќе се води на јазикот на кој се изведува наставата, а педагошката документација и на македонски јазик, односно двојазично, Владата повторно се испречи со својот опортун однос кон ова прашање, за кое претходно претходна согласност даде нејзиниот претседател, двајца потпретседатели и министерот за образование. Владата не најде за потребно да достави до Собранието свое мислење со што крајно неодговорно ги усложнува работите во Републиката.

Поради сето погоре изнесено, собраниската група ПДП НДП го известува Собранивто и јавноста дека собраниската група ПДП НДП е длабоко убедена дека се исцрпени сите можности за рамноправен дијалог. Собраниската група недозволува во Собранието да претставува само кворум за работа, на Македонија да и послужи за гордеење пред светската јавност за наводната голема демократија кој албанците во Македонија ја уживаат. Собраниската група ПДП НДП изјавува дека министерот за образование не го ужива повеќе довериeто на овие пратеници и нивните бази и нема легалитет да ја обавува функцијата на која се наоѓа.

Оценувјќи дека не постојат услови за учество на собраниската група ПДП НДП на оваа седница поради погоре изнесени причини ги известуваме Собранието и јавноста дека ја напуштаме работата на 18-та седница на Собранието на Република Македонија, а ќе се вклучиме во неговата работа тогаш кога ќе се создадат услови за рамноправно учество. Во меѓувреме парламентарните групи би можеле да се потсетат за програмската определеност на нивните партии во врска со рамноправноста на припадниците на народностите во Македонија што им овозможи одреден број на гласови за време на изборите. Ова посебно се однесува за социјал-демократскиот сојуз поранешната СКМ, социјалистичката партиј. и за Партијата на реформските сили. Но, и ВМРО ДПМНЕ како демократска партија не би требало да ги игнорира некој позитивни определби врзани со ова прашање.

А сега ја повикувам собраниската група на ПДП и НДП како незадоволна од гласањето и сето тоа што беше изложено да ја напушти 18-та седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Пратеничката група на ПДП и НДП ја напуштија седницата)

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, само една напомена. Ги молам пратениците од ПДП барем ова да го чујат. Денес вложивме многу напори да се најде солуција која мислам во рамките на толеранцијата е и во рамките на договорите е. Меѓутоа, непослужи и таа еве, изјават беше напишана и прочитана овде пред расправата. Мене ми е жал.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Изгледа пратеникот на ПДП, мој и Ваш пратеник Превала, ја плати ценaта која е недостојна во однос на разбирањето со Владата. Станува збор дека штом Владата зеде ангажман на утрешната седница ќе се стави на дневен ред, тоа е елементарно право и како може да кажува дека тоа нема да биде ставено на дневен ред. Па према тоа ова е смислен гест напишан однапред на машина и текст и чекал некој да не стави на тенок лед. (аплауз).

Јас Ве молам сите како пратеници да бидеме достоинствени Владата утре ќе посвети целосно внимание на овој проблем и ќе се обидеме да дадеме можност за негово разрешување, но многу е непријатна работата да се разделуваме за такви проблеми кои што по својата природа бараат трпение, смисла на отворен дијалог, без навредување и без уцени. Ако мисли Парламентот дека Владата ја создаде таа претпоставка на оваа седница ние може да се извиниме, но ние мислевме дека е тоа правило да отвориме едно видување затоа што и не може да се решаваат некои работи за неколку дена. Вие знаете ние како Влада работиме нон-стоп да ја доставиме програмата. Работевме и ви ветивме да доставиме и пакет на мерки за сојуз на суверени држави и суверена независна држава.

Па ве молам може ли во таква атмосфера каде се работи нон-стоп во Владата некои да ја поставува на искушение за неколку дена. Навистина требаше да се има нужното трпение овие две партии , но се случи што се случи и оставам претседателот да заклучи на Парламентот.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира ние ќе бидеме постојано во контакт со пратеничката група.

ДИМИТАР ДИМИТРОВ:

Почитувано Собрание, прво да го изразам моето разочарување за барањето оставка. Таа партија мене не ми ни даде глас при изборот. (аплауз). Го немав гласот на оваа коалиција и сакам тука пред сите вас да кажам дека господин Превала кажа голема лага кога и моето име го спомна во контекст на некои договори и слично. Јас пред сите вас изјавувам дека за тоа постојат документи, постои мојот говор во Владата мојот говор во Кабинетот на претседателот на Републиката, во ниеден момент не сум влегол во расправа коизби имал,?. карактер на договарање од простата причина што знам дека такви ингиренции немам. Јас во мојата активност единствено сум се држел за уставот и законите што ова Собрание ги донело и со ниеден детал не сум ги пречекорил тие овластувања. Така што во тој поглед наводот дека министерот за образование влегол во некои ветувања е ординарна лага. (аплауз).

АЦО СПИРОСКИ:

Секако дека до ваква очекувана ситуација нема да дојдеше ако ние како македонци малку порано се договоревме во однос на овие две опции кои се сега актуелни, а за кои ние се залагавме. Сепак мора да признаеме дека тоа се единствено две опции. Сметам дека и од денешното доцнење на Парламентот очекував дека нешто битно

ќе се каже тука, меѓутоа се определивме на политика на чекање, но верувам дека во идната суверена македонска држава. идната ја викам затоа што за мене Декларацијата и Платформата сеуште не се акти односно како да се изразам, својство на една определена држава , затоа што една определена држава треба да носи определени елементи во однос на политика, економија и народна војска. Па доколку ние имавме суверена држава изградена на тој принцип тогаш и ова напуштање од ПДП ќе се третираше од некоја друга светска или европска или меѓународна јавност како мешање за внатрешните работи на една држава.

СТ0ЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со утврдување на дневниот ред или да дадеме пауза?

(пратениците бараат пауза).

(паузата започна во 16,25 минути)

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.
За денешната седница го предлагам следниот'

ДНЕВЕН РЕД:

1. Информација на претседателот на Република Македонија со државниот секретар на САД Џејмс Бејкер водени на 21 јули 1991 година во Белград,.

2. Нацрт на Републичкиот буџет за 1991 година

5. Предлог за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превозот во патниот сообраќај, со Предлог на закон

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство, со Предлог на закон,

6 . Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за саден материјал, *со* Прелдог на закон,'

7 . Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семе, со Предлог на закон;

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за обезбедување средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово,

9. Предлог на закон за изменување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото полугодие од 1991 година,

10. Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија за финансирањето на првата фаза на реконструкцијата на Аеродромот "Скопје", со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката.

12.Предлог на одлука за гаранција на Република Македонија за кредит што се користи за реконструкција на Аеродромот "Скопје",

13. Предлог на одлука за определување на повисок износ на пензија на корисниците просветни работници кои воспитнообразовната дејност ја вршеле во 1944 или 1945 година односно 1946 гоидна и во таа дејност оствариле право на пензија,

14. Нацрт на програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1991 година,

15. Информација за некои актуелни проблеми со бегалците од Народна Социјалистичка Република Албанија во Република Македонија,

16 . Избор на член на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

17. Предлог на одлука за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници,

18. Предлог на одлука за избор на судија на Врховниот суд на Македонија,

*19.* Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот суд - Скопје,

20. Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот суд – Битола

21 . Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот суд - Скопје,

22.Преедог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд - Тито Велес

23.Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд - Неготино,

24.Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд - Охрид,

15.Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд - Прилеп,

26Преплог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд - Струмица,

27Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд - Свети Николе,

28 Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот стопански суд - Штип,

29 • Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд - Скопје,

30 • Предлог на одлука за именување заменик-окружен јавен обвинител - Скопје,

31 Предлог на одлуки за именување членови на комисии за изготвување преллог за именување индивидуални работоводни органи,

Во делот на односите со Федерацијата се поаѓа од веќе воспоставените соодноси на распределба на приходите од основниот данок на промет со важечките сојузни прописи, а дополнителните средства се пресметани, исто така, според важечките сојузни прописи.

Поради настаните промени во надлежностите на општините, со преземање на одделни надлежости во републичките органи, во второто полу-годие од оваа година се прелдага на општината да и се отстапат приходи за функциите што се во нејзинана надлежност, а за преземените функции од општината се обезбедува опфат во Републичкиот буџет за 1991 година.

Финансирањето на потребите во пензиското и инвалидското осигу-рување, здравството и вработуваљето и понатаму ќе се врши од изворни приходи чии стапки на зафаќањ.е ќе ги утврдува Собранието на Република Ма-кедонија, а институционално ќе бидат организирани како фондови со својство на правно лице.

Имајќи го предвид таквиот концепт на финансирање на јавните расходи, а од друга страна потребата за регулирање на потрошувачката во рамките на материјалната основа на Републиката, се предлага Собранието на Република Македонија да донесе посебен закон со кој ќе се уреди обемот на средствзта за Потрошувачката преку Републичкиот буџет, општинските буџети, пензиското и инвалид-ското осигуруање, здравството вработувањето до нивото на учестеово општествениот производ од 248:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

(б) Како што е истакнато и во образложението на Нацртот на Републичкиот буџет за 1991 година, во расходниот дел се имаа предвид, меѓу другото, и следниве поставки:

- дека до крајот на првото полугодие од оваа година ќе се обезбедат п|редуслови во делот на финансиите, општините во Република Македонија да можат да функционираат како локална самоуправа, согласно со измените што настанаа со донесувањето иа Уставните амандмани и одлуката;

- сите обврски функции на Републиката, во принцип, се преземени да се финансираат од Републичкиот буџет;

- основното образование, насоченото образование, општествената зашти-а на децата, социјалната заштита, културата, физичката култура и науката од 1 јули оваа година се билансирани во Бууетот со истите критериуми како и средствата за органите на управата, според висината на личниот доход по условно неквалификуван работник за месец декември 1990 година зголемен за оценетиот пораст на личните доходи во стопанството;

- кај сите корисници средствата за материјалните и функционалните расходи се утврдени со диференциран пораст и со крајно рационзлно димензионирање со цел успешно извршување на функциите. Притоа, ќе се изработат програми за штедење и рационално користење на средствата;

- за финансирање на одделни програми кои во континуитет се остваруваат со предвидените износи на средствата ќе се задоволат најнеопходните
потреби;

- за одделни обврски кои имаат карактер на лични примања (пензиско и инвалидско осигурување и социјална заштита) што се обврска на Републичкиот буџет се утврдени според изстојните права до очекуваниот пораст на личните доходи.

Врз основа на овие поставки, како и врз постојните извори на приходи, утврден е вкупниот обем на расходите на Републичкиот буџет за 1991 година. Притоа, тој износ во Предлогот на Буџетот ќе се зголеми на приходната и расходната страна за износот на средствата за финансирање на функциите што се преземени од општините во Републиката извршен во првото полугодие од оваа година низ привремените буџети, односно финансиски планови на општините.

Во вкупниот обем на потрошувачката зз 1991 година кој се однесува на државната управа и општествените- дејности опфатени со Буџетот на Републиката се применети едидствени критериуми за утврдување на масата на средствата на одделни корисници. Ова предизвика зголемување на обемот на средствата што треба да се издвојат од Републичкиот буџет за задоволување на личните доходи и другите надоместоци во општината и во оние инситуции на општествените дејности кои според висината беа под нивото на критериумот за усогласување на личните доходи и другите надоместоци врзани со просеч-ните лични доходи и условно неквслификуван работник. На тој нзчин се созда-ва во распоредот на средствата што се формираат иа низо на општините сметано до 30.V1.1991 година износ на средства кој е повисок од оној што во општините би се распоредил како расход ако тие расходи се извршувања ниво на општината. Овој факт, меѓутоа, не треба да се толкува во негативна конотација со оглед, на тоа дека личните доходи и другите надоместоци во најголем број на општини беа релативно ниски и диференцирани,а и таквите, општините не беа в0 состојба да ги обезбедуваат. Прераспределбата што ќе настане во тоа усогла-сување на просекот на Републиката паѓа на товар на републичката управа, пра-восудството и на општините кои имаа критериуми повисоки од републичкиот просек.
.

Вкупните расходи на буџетот, со најголемо учество и тоа 45,9% се наменети за општествените дејности, 30,5% за работа на органите на управата.

6,5% за интервенци во стопанството, 3.2% за нестопански инвестиции, 5,3% придонес на Буџетот на Федерзцијата, 1,1%. за Програмата на општо-народната одбрана и 7% за резервите.

Најголем износ на средства се издвојува за општествените дејности и тие се однесуваат за финансирање на функциите во втората половина од годината, бидејќи во првите шест месеци финансирањето на овие дејности се вршеше преку хамоуправните интересни заедници. Пренесувањето на финаисирањето *на* овие функции во Вуџетот, покрај другото, име за цел надминување. на динамичните неусогласености кои досега објективно постоеја, а во некои случаи тие и не можеа да се елиминираат. Тоа, пред се, зависеше од приливот на средствата, како и од движењата во стопанските активности што имаат влијание врз финансиската моќа на обврзниците, блокади по веќе создадени обврски, неликвидност и слично.

Средствата за работа на органите на управата се билансирани во висина од 2.819,3 милиони динари. Овој износ е наменет за лични доходи на вработените во органите на управата и на избрани и именувани лица. Останатите средства се наменети: 5,9% за материјални расходи; 8,8% за општествена исхрана; 3,3% за надоместок за кормстење на годишен одмор; и 12,1% за други потреби.

Средствата зз личните доходи на работниците ѕо органите иа управата, како и на сите корисници на средствата на Буџетот, пресметани се на основа нз бруто личниот доход за месец декември по услоено неквалификуван работник, зголемен со планираниот пораст за 1991 година.

Средствата за заедичка потрошувачка во органите на управата (средства за надоместок за годишен одмор и средства за општествена исхрана) се
планирани до просекот на Републиката а се поставува прашањето дали тие
воопшто треба *да* се издвојуваат од буџетските средства при стеснети можности на стопанството.

Значителни средства од Буџетот се издвојуваат и за интервенции во стопанството. Иако сите барања не се задоволени, износите што се издвоју-ваат по разни основи вршат битно влијание врз обемот на буџетот. Интервен-ции се прават за развојот на железничкиот сообраќаај, поттикнувањето на раз-војот на земјоделството) учеството во изградбата на водоводи, реализацијата на Програмата за штедење на супституција на енергијата, учеството во рекон-струкцијата на Скопскиот аеродром, учеството во формирањето на стоковните резерви и друго.

Во Републичкиот буџет, како и досега, се предвидени и трансферни средства, како што е котизацијатаа за Буџетот на Федерацијата *и* допо--лнителните средства на општините.

Дополнителните средства на општините во овој Нацрт се искажани би-лансно според постојните критериуми и тие можат да претрпат корекции со Законот за финансирање на општите и општествените потреби на Република Македонија.

Со Уставните амандмани настанаа битни промени во сферата на финансирањето на општествените дејности. Во овој момент тоа може да се сфаќа само како техничко решение, бидејќи се напушта СИЗ-овското финан-сирањ.е, средствата се вклучуваат во Буџетот и преку финансискиот план и програмите на соодветните министерства се насочуваат за намените што ќе се финансиразт.

Меѓутоа, овие дејности не можат исклучиво да се финансираат само од стопанството. ќе треба да се обезбеди партиципација и од граѓаните. Тоа особено ЌЕ треба да се направи за оние граѓани кои остваруваат приходи надзор од Републиката или во странство, а трошоците за школувањето и за здразствензта и социјалната заштита на нивниге фамилии паѓаат на тоаар на граѓаните и работниците кои остваруваат приходи во Републиката и ја товарат додатно и така сиромашената акумулација.

И Буџетот за 1991 година се повеќе ќе поприма функции на редистрибу-ција на добивката и акумулација меѓу одделни стопански и социјални групи. Повратните дејства на Буџетот врз мотивирањето и стимулирањето на стопанските активности се независни од носителите на сопственичката структура.

Покрај средствата што самите организации ги издвојуваат за научни истражувања, со Нацртот на буџетот се предвидени 90,6 милиоии динари за наука,покрај средствата и по Самоуправната интересна заедница зз наука ги
оствари во првото полугодиа од *оваа* ГОДИНА И редовно финансирање на Ма-кедонската кадемија на науките и уметностите.

Во областа на културата, покрај средствата од функциите на Самоуп-равната интересна заедница на културата, посебни средства се обезбедуваат за меѓународните манифестации на културата, посебните програми зз заштита на културните споменици, издавачката дејност, филмот и др.

Во делот на здравството, покрај изворните приходи, преку буџетот се обезбедуваат и наменски средства и тоа за: Програмата за следење на здрав-ствената исправност на водата за пиење, тлото, воздухот и животните намирници; Програмата за подобрување на санитарно-хигиенскага и е пидемиолошката состојба во Републиката ; болничките трошоци за душевните болници; здравствената заштита на лицата на издржување на казна затвор и на странците; партиципација во Програмата за намалување на смртноста на доенчињата и малите деца; финансирање на одделни функции на Републичкиот завод за здравствена заштита, трошоците за откривање, спречување и сузбивање на заразни болести и за други надоместоци.

Бо социјалната заштита, од буџетот се обезбедуваst посебни средства 3а финансирање на одделни водови на инвалидска заштита, популационата по-литика, општествената заштита на децата и социјалната заштита, кзко и за предверемено пензионирањ.е на работници од органите на управата и за други права што ги утврдува Републиката.

Во делот на нестопанските инвестици, со крајно рестриктивен пристап, покрај Програмата за опремување на службите за внатрешни работи, се обезбедуваат посебни средства за завршување на хируршките клиники, за завршување на Студентскиот-дом "Стив Наумов" и за изградба на објекти од општ интерес за Републиката.Исто така, се обезбедуваат наменски средства за учество на Републиката во информациониот систем на Универзитетот "Кирил и Методиј", информациониот систем нз Републиката и други обврски преземе-ни од страна на Републиката.

Иако со документите на Републиката е предвидено за погребите на народната одбрана да. се оздвојуват аат 0,4% од националниот доход, *за* оваа намена се обезбедуваат само **0,11%** од националниот доход.

Во делот на средствата за резервите, согласно со законските прописи, се **иадвојуааат** средствата за постојаната резерва и тековната резерва на Буџетот, обврски од минати години, како и за формирање на стоковни резерви.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

(7) Поднесувајќи го Нацртот на Буџетот за 1991 година на Собранието на разгледување и усвојување, Владата гм информира пратеницилге дека до фазата на предлог на буџетот и заедно со него ќе бидат предложени измени во четири закони кои треба да ги санкционираат промените што се содржани во овој Нацрт и тоа: Законот за финансирање на Републиката и општините, Законот за републичките даноци, Законот за даноците на граѓаните и Законот за привремено органичување на располагањ,ето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоупрвните интресни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото полугодие од 1991 година.

Со прифаќањето на Буџетот и на промените во овие закони со денот на нивното усвојување треба да се пренасочат сите финансиски текови на јавната потрошувачка и во приходниот и во расходниот дел преку Републичкиот буџет, односно зз општествените дејности преку надлежните министер-ства. Паралелно со Буџетот, надлежните министерства изготвуваат финансиски планови на дејностите за да може до фазата на предлогот да се обезбедат претпоставки за синхронизиргно извршување на финансирањето на општествените дејности низ новиот мехзнизам на Формирањето на средствата и нивната алокација.

Владата, со внимание ќе ги истражи обработи и ќе ги прифати изнесените сугестии во извештаите на Собранието од расправата што се водени по Нацртот на буџетот и ќе ги вгради во Предлогот на буџетот. Оние за кои ќе утврди дека нема аргументација или предлозите се содржани во некои од решенијата кои веќе се присутни во системот, ќе даде извештај.

Владата очекува пратениците да ги прифатат предложените акти.

Благодарам.

Скопје, 24.VI.1991 година

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Давчев,

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Министерот Тошевски кажа дека нашето стопанство е во колапс. Никаде не предвидувамѕ, барем со Програмата за економски мерки односно.економската политика во 1991 година никаде немаме предвидвно средства за преструктурирана и нви инвестициги ние, од Меѓународната заедница, самите гледаме дека средства ќе нема.

Затоа предлагам, а мислам дека има уште резерва во овој Буџет, 10% да се намалат расхсдите односно 10% од приходите да одат во нови инвестиции. Што би значело тоа? Тоа би значело дека може да се изградат 20 нови фабрики и секоја од нив со вредност од 45 милиони динари. Тоа е едниот предлог.

Вториот предлог, во образложениeто на страна 22 пишува дека општините Кичево, Кочани, Неготино, Прилеп итн., да не ги читам сите, го губат правото на дополнителни средства. Меѓутоа, за овие општини, на страна 77 се предвидени тие дополнителни средства. Затоа  предлагам овие средства да се наменат во Министерство-то за култура, односно трошоците за култура и тоа да бидат за двата фестивали што не се тука опфатени, за "Макфест" и "Валандово", така што нивните извори да бидат подобри.

Потоа, предлагам Владата, за приходите на општините, бидејќи овие општини на приходите нема да бидат, така да речам рамномерни, што ќе предвиди Владата во овие општини овие приходи некако да се одредат рамномерно или ако нема, дали ќе интервенира Бладата во тие општини.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор сосцодин Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Почитузан претседателе, дами и господа пратеници.

Комисијата за образование, наука и култура кај својата денешна седница го разгледа Нацртот на Републичкиот буџет за 1991
на битни промени во начинот на финансирањето на општите општествени и заедничките потреби на Републиката заради тоа што во 1990 година не беа создадени законски можности за донесување на Републичкиот и општинските буџети во предвидениот рок.

Со оглед на тоа, Комисијата го поддржува предлогот Републичкиот буџет за 1991 година да се донесе со спојување на првите две фази, Основите на буџетот и Нацртот, како прва фаза, а во втората фаза да се донесе Предлогот на буџетот за 1991 година.

Во расправата, пратениците укажаа дека согласно донесените законски прописи за ограничување на вкупната јавна потрошувачка треба да се очекува реален пад на средствата за оваа намена. Меѓутоа, заради преземените обврски од општините во Републиката, како и заради другите измени во начинот на Финансирањето на јавната потрошувачка, Буџетот за оваа година бележи пораст од 34,4% во однос на минато годишниот износ.

Во тие рамки, пратениците укажаа дека е забележителен значителниот пораст на средствата за Министерството за правосудство и Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, во расправата се констатира и оцени дека, за висината на средствата за овие

министерства не може да се изведат споредливи оценки, бидејќи во образложението на Буџетот, јасно не се разграничени средствата што се резултат на преземените обврски од општините во Републиката, а што од новите зголемувања во овие области.

Заради тоа, пратениците укажаа на потребата во образложението на Предлогот што ќе уследи по усвојувањето на овој Нацрт на буџет да се појасни и даде реална слика на состојбите, со изворите на средствата и нивните расходи по риснкии и намени, особено од овој аспект.

Во однос на предвидените средства за образование, наука, култура и физичка култура, Комисијата оцени дека тие се усогласени со можните приходи од постојните извори и доста реални во расходите во овие области. Посебно позитивно е оценето издвојувањето на средствата за завршување на хирушките клиники, за завршување на Студентскиот дом "Стив Наумов" за доизградбата на информациониот центар ка Универзитетот, па дури и за доизградбата на Републичкиот информационен центар.

Со оглед на мошне сложените состојби во стопанството и во општествените дејности, што можат да доведат до социјални немири од поголеми размери, Комисијата укажа на потребата од зголемување на средства за иктервенции зо стопанството и социјалка заштита. Посебно стана збор за средствата што ќе треба да се обезбедат во Републиката во многу краток иден период за обезбедување на нафта и нафтени деривати што можат повторно да предизвикаат тотален колапс во стопанството.

Притоа се укажа дека промените во билансот на средствата треба да се извршат по министерствата а не по раздели.

Комисијата, со овие забелешки што треба да бидат вградени во Предлогот на буџетот, му предлага на Собранието да го разгледа и донесе Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Драган Арсов> потпретседател на Собранието.

ДРАГАН АРСОВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници. Во името на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ, дозволете ми да го изразам нашето задоволство дека го цениме трудот на Владата вложен за подготовка на Нацрт-буџетот . Таа ја заслужува целата наша почит и респект за така услешно иззршената работа. Меѓутоа, мислам дека Нацрт-буџетот докрај не ги почитува промените што настанаа во земјата и во Републиката, ниту пак го има предвид престојните разврсти што пред наши очи се случуваат во Југославија со процесот на раз дружувањето на Република Словенија и Република Хрватска. Дали Македонија ќе остане во остатокот на Југославија. Ако веќе однапред сме се определиле дека ние нема да го прифатиме тоа и дека ќе се залагаме за самостојна држава во рамките на сојуз на суверени држави, во тој случај се создава една нова ситуација која бара сосема нов пристап во однос на финансирањето на јавните потреби на ниво на Федерацијата и Републиката. Вара нов пристап и при изработката на буџетот. Во тој случај ние не ќе можеме да разговараме за ваков буџет како што сега нас ни се нуди, бидејќи овој концепт е сосема различен од она за што Ма-кедонија се определува како суверена држава во еден сојуз на суверени држави за кои мораме да расправаме овие денови.

Ако таквиот статус кој не е ништо друго, туку конфедеративен, тогаш ние мораме да се определиме за еден поинаков буџет кој сакале или не мора да има конфедеративна концепција, што е нешто сосема ново во однос на ова што сега ни се нуди. Во тој случај сосем

се менува односот на Македонија во однос на ставките спрема Сојузниот буџет и целокупната буџетска структура на ниво на Федерацијата за која впрочем и министерот Тошевски зборуваше. Тоа значи дека во Макмедонија не ќе мора да се издвојува толку средства за финансирањето на ЈНА, инвалидско боречката заштита и за работата на сојузните органи колку што сега се бара со Сојуз нивниот буџет, колку што тоа јасно го ставија до знаење и некои други републики кои рекоа дека нгможат да финансирааат во таа висина колку што тоа се предвидува. Се менува и односот на ставките на Сојузниот буџет сврзани со целокупните раз лики и санацијата на банките и интервенцијата во стопанството, социјалната програма
и друго, Македонија мора да се определи за оној став според кои тие ставки ке треба да се финансирааат во рамките на билансите на републиките и покраините. Ова е време во Македонија во кое за прв пат ние треба да прозбориме за износите што се даваат за Федерацијата и да кажеме дека тие се големи расходи за Републиката. Сега е време да проговориме и за царините, што Макецонија беше присилена да и ги отстапи на Федерацијата. Царините во оваа наша земја никогаш не биле во функција на развојот и унапредувањето на стопанстовот, туку напротив нема ниту еден извозник во Македонија кој речиси немал проблеми со царините дури и при увозот на сред-ства за производство наменети за извоз се наплатувале такви царини кои што создавале проблеми, а од таква природа што тоа неможе да се оправда. Ако царинската политика во Македонија никогаш немала таква намена, а таа намена пред се треба да има поттикнувачки развој на улога и доколку тоа не било случајно, тогаш навистина не би требало да зборуваме за другите намени, затоа што тоа така не е.

Комисијата, со овие забелешки што треба да бидат вградени во Предлогот на буџетот, му предлага на- Собранието да го разгледа и донесе Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година.

жимска енциклопедиЈа, а токму  за таквата енциклопедија сега се издвојуваат средства некаде околу една милијарда. Речиси сите републики во СФРЈ во своите буџети ги исфрлија ставките за финансирањето на разни јубилеји, републички награди и одлукувања, споменици, благодарници, што имаат исто така идеолошко обележје.Кај нас тие сеуште се делат и се финасираат без да се респектираат тешкотиите во стопакстзсто. Јас мислам дека е крајно време  тука да се извршат резови во однос на буџетските ставки.

Ако отворено рековме дека напуштаме еден модел на социјална утопија тогаш треба да ги напуштиме  и оние програми во универзитетот што имаат такво обележје, односно што сеуште постојат некои  катедри за кои што мислам дека нема оправдување и како такви да се финансираат.

Исто така, на крајот сакам да кажам за рационализацијата за која секако има место кога станува збор заеден ваков документ како што е Нацрт буџетот. Ако Владата оценува  дека нема место до крај да се рационализира мрежата на образовните институции, несватливо е зошто тоа доволно не се прави во однос на рационализацијата на некои републички органи. делата низа на функции се пренесуваат од општините на Републката со цел да се намали јавната потрошувачка во општествениот производ.Меѓутоа, нацрт буџетот покажува дека  до крај надлежните министерства не ја извршиле таа потребна рационализација на мрежата на инистуциите.Тука мислам дека има место  таа рационализација да се спроведе и на тој начин да се намалат ставките што се предвидени за таа намена.

Посебно  на овој план сметам дека во овој момент не е политички мудро со Буџетот и натаму да се бараат средства за купување и изградба на некои службени станови во Белград, со оглед на

една ваква тешка ситуација во Републиката, а тоа исто така стои во овој документ.

Исто така, сметам дека има место во однос на рационализацијата во Управата на заедничките работи, за која Управа се издвојуваат како што таму стои 2 пати повеќе средства, отколку за работата на Собранието на Република Македонија. Сигурно дека треба да се преговори нешто повеќе и за буџетските ставки во однос што се предвидузаат на министерството за внатрени работи кои из-несуваа некоја неверојетно голема сума од 1 ипол милијарда динари. Тоа во секој случај е индикатор кој што не говори политички и неможе да се оцени како индикатор за политичката состојба кај нас, бидејчи знаеме на што асоцира една таква ставка. Пред се, асоцира на финансирање на средства кои што сигурно неможе да се исклучат, односно не може да се исклучи нивната репресивна намена.

Не знам дали не треба да се каже и неколку збора за буџетирањето на разликата меѓу цената на чинењето и продажната цена на некои весници во МакедониЈа, затоа што ние треоа да го прифатиме еднаш принципот и на тие весници , пазарниот принцип, затоа што тие и на тој начин треба да го остваруваат својот доход и да се борат за тираж.

Не само заради овие, туку и заради многу други причини што сигурно постојат и што заслужуваат знимание овде да ги наведеме , сметаме дека Нацрт буџетот за 1991 годика аака како што се нуди во ваков вид за нас е неприфатлив. Ние не сме да не се докесе Еуџехот, но бараме нов текст, кој што пред се ќе ги почитува новите концепциски основи и ќе одговара на промените што се извршени и на оние промени што предстојат.

32 Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедници во органи на управување

33. Предлог на закон за ратификација на конвенцијата на Советот на Европа за трансфер на осудени лица (АС бр.1394).

- Дали има предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Предлагам точките од 18 до 30 од предложениот дневен ред да се симнат односно сите одлуки за именување на судии, јавни обвинители во органите во правосудството и сметам дека избори на судии и јавни обвинители овие точки треба да ги одложиме додека претходно не донесеме закон за измена и дополнување на Законот за јавно обвинителство,јавно правобранителство и редовните судови по итна постапка заради тоа што ние пред 10-тина дена ги донесовме истите, меѓутоа, ми се чини направивме една огромна грешка што утврдивме дека носителите на овие функции се избираат трајно.Сметам дека во услови кога пратениците не ги познаваат судиите од општините за кои треба да дигнат 2 прста ќе направат само мечкина услуга на граѓаните, ако претходно преку нивните претсдтавници од собранијата на општините не добиеме мислења за до-несувањето и работата на лицата кои се на дневен ред во Собранието на Република Македонија за избор односно реизбор.

Бидејќи само се работи за мислење, со тоа не се нарушува со уставот и законите утврдената положба, права и обврски на Собранието на Република Македонија и затоа сметам дека е потребно одлагање на овие точки до употполнувањето на мислењата за судии од собранијата на општините, заради тоа што сепак собранијата на општините во кои што седат претставници на граѓаните имаат најдобар увид за тоа како и колку работат судиите, претседателите на судовите,јавните обвинители по општините. На ваков начин ми се чини дека вршиме само една голема неправда бидејќи се изложуваме на ризик некого да го прогласиме за траен носител на таа функција.

како недопирлив, знаејќи каква ни е моменталната состојба во правосудството.

Можам лично да информирам иако се усвои треба да го кажам, сигурно и други пратеници добиваат анонимни писма од граѓани кои се жалат на работењето на правосудните функции во општините,а знаеме како се даваат мислења и знаеме како според хиарарискиот ред можат или неможат судиите да кажат нешто за претседателот на судот заради тоа што треба утре тој претседател да им даде мислење за нивниот реизбор. Токму заради тоа сметам дека овие точки треба да ги симнеме од дневен ред и би предложил доколку Владата тоа не го преземе по сопствена иницијатива за наредната седница да ги избришеме одредбите од Законот за јавнот обвинителство, јавно правобранителство и редовнтие судови со кои пред 10-тина дена направивме катастрофална грешка што дозволивме и законски утврдивме носителите на овие правосудни функции да се избираат трајно.

ГОРГИ НАУМОВ:

Мислам дека нема место за симнување на точките за избор на судии и именување на обвинители од причини што со постој-ната правна регулатива избор и именување се врши по претходно објавен огласа - конкурс и на тој објавен оглас и конкурс се јавуваат сите заинтересирани кандидати. Потоа, Комисијата за избор и именувања прибавува мислење баш од на јко.мпетентни органи. Ако е за судија од соодветниот повисок суд, Врховниот суд на Македонија. Ако е за обвинител од Јавното обвинителство на Македонија се разбира со претходно мислење и на Министерството за правосудство кое исто така е компетентно да даде оцена за квалитетот

и стручните способности на кандидатот

Тоа што се бара овде да се прибави мислење од општинските собранија, ве молам општинските собранија не се органи на општествено-политичка заедница. Тој е орган на локалната самоуправа и мислам дека тие уште помалку можат да дадат податоци и мислења за стручната способност на кандидатот кој треба да биде избран.

На претходнага седница ние биравме судии и обвинители. Се додека не го донесеме новиот устав не треба да отстапуваме од постојната правна регулатива. Со новиот устав, како што знаете, се предлага изборот и именувањето на носители на правосудна функција да го врши посебен републички совет, совет кој ќе биде оформен од страна на претседателот на Републиката, 1/3 и 3/4 од страна на истакнати правници од областа на судиите адвокатите и професори од областа на правните науки. Затоа сметам дека не требас овие точки да се симнат од дневен ред, да се врши и натаму избор и именување, бидејќн луѓето за кого се бара избор и именување се со изминат мандат и тие ако треба да судат во име на народот треба да бидат и легитимно избрани.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор во врска со ова?

КИРО ПОПОВСКИ:

Кога расправавме за уставните амандмани една од основните заложби беше да се обезбеди независно судство, а еден од елементите на независното судство беше тајно вршење на функциите за еда не може да се врши било какво политичко влијание врз нивното пресудување. Од тој аспект и во уставните амандмани

и стручните способности на кандидатот.

Тоа што се бара овде да се прибави мислење од оп-штинските собранија, ве молам општинските собранија не се органи на општествено-политичка заедница. Тој е орган на локалната са-моуправа и мислам дека тие уште помалку можат да дадат податоци и мислења за стручната способност на кандидатот кој треба да биде избран.

На претходната седница ние биравме судии и обвинители. Се додека не го донесеме новиот устав не треба да отстапуваме од постојната правна регулатива. Со новиот устав, како што знаете, се предлага изборот и именувањето на носители на правосудна функција да го врши посебен републички совет, совет кој ќе биде оформен од страња на претседателот на Републиката, 1/3 и 3/4 од страна на истакнати правници од областа на судиите адвокатите и професори од областа на правните науки. Затоа сметам дека не требас овие точки да се симнат од дневен ред, да се врши и натаму избор и именување, бидејќн луѓето за кого се бара избор и именуваше се со изминат мандат и тие ако треба да судат во име на народот треба да бидат и легитимно избрани.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор во врска со ова?

КИРО ПОПОВСКИ:

Кога расправавме за уставните амандмани една од основните заложби беше да се обезбеди независно судство, а еден од елементите на независното судство беше тајно вршење на функциите за еда не може да се врши било какво политичко влијание врз нивното пресудување. Од тој аспект и во уставните амандмани

всушност оваа определба за тајноста на вршењето на функцијата е вградено. Не се .работи само за измена која што е направена со последните закони што ги направивме, туку оваа одредба е вградена и со амандманите на уставот. Според тоа, доколку сакаме оваа обврска што од пратеникот Петров е предложена, да внесеме, ќе треба прво и Уставот да го промениме за кој што мислам дека во јавната дискусија по амандманите целосно беше поддржана ова определба вршењњто на функциите на судиите а со тоа и обезбедување на нивна објективност и независност во вршењето на оваа значајна функција. Од тој аспект мислам дека овој предлог не би требало да биде поддржан и прифатен.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Според ново настанатата ситуација со напушташето на пратеничката група на ПДП и НДП предлагам точка број 16 за избор на член на Делегацијат во Соборот на републиките и покраините на Собранието иа СФРЈ, од денешната седница да се одложи.

СТОЈАН АНДОВ:

Во ред, тоа ќе го имаме во вид но прво да го расправиме предлогот што го даде господин Петров,

ТОДОСИЕ ПАУНОВ:

Јас мислам како што е предложено по дневниот ред така да работиме бидејќи мислам дека многу доцниме и заради состојбите какви се овде во Македонија, во Југославија и воопшто во светот па мислам немаме време да одлагаме вакви работи. Мислам дека

тие се усогласени со законите и треба да одиме по дневниот ред да не одлагаме точки од дневниот ред, бидејќи секое отстапување бара доста време, како на пример минатата седница кога го одложивме законот за внатрешни работи и мислевме дека ќе биде ставен на дневен ред на оваа седница, но како што гледате денеска го немаме, па молам за наредна седница и тој закон да биде ставен на дневеи ред, а денес да одиме по дневниот ред така како што е предложен.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Јас нема да кажам ништо за изборот на судиите, меѓутоа го респектирам мислењето на Петров, затоа што, неоспорно што велиме дека општината е сеуште под локална самоуправа, се уште не се утврдени нејзините ингеренции, така да во таа локална самоуправа ако не друго може барем да прибере мислење, од проста причина што и одборниците се бираки ка ист и од принцип на кој што се бирани и пратениците на ова Собрание.ТАка да тоа мислење може само да јас збогати работата на Комисијата односно и на ова Собрание. Така да тоа мкслење не гледам во што би штетело. Можеби и нема да го даде и конечниот избор, меѓутоа, при избор на 2 или 3 кандидати ќе овозможи за кој подобро ќе се определиме.

Јас ќе зборувам за една работа во принпип за која што велиме дека Собранието на Република Македоннја ги одредува односно ги избира судиите. Јас би рекла само ги верифииира бидејќи крајниот и почетниот избор се врши во комисиајта за избор и именувањ; каде штсЈ има по двајца или тројца кандидати за едно судиско место, а сепка во таа Комисија се определува кој ќе биде предложен, оној кој што ќе се верифицира. Затоа мојот предлог, немора за денешнава

седницава, меѓутоа, за изборите кои што ќе се вршат понатаму. Со оглед на тоа дека се работи за поедини случаи, во кој што има и доста спорни работи, ако веќе ги поминале истанците, односно добиле позитивни мислења во органите кој што се надлежни, претходно кај претседателите на судовите односно кај повисокиот суд, при постоење на 2 или повеќе предлози, за тие предлози да се решава директно.на Собрание односно тоа нека биде и со прегласување односно со избор на оноЈ КАндидат кој ќе има повење гласови а вероЈатно ќе биде и поподобен бидејќи ќе го избере сепак Собранието, чема само да го верифицира.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Целосно се согласувам со мислењето на министерот за правосудство и Комисијата за избор и именувања. Не се согласувам воошто со мислењето на Петров и госпогаата Јумеровска затоа што сите фази ни се во редовна процедура завршеки и според тоа мислам дека сега многу е невкусно да симнуваме сд дневен ред толку точки за избор на судии односно обвинители кога работата, да кажам 90% е завршена. Да не испаден тие општински собранија да даваат мислење за политичката подобност како што беа бившите комитети, па само да ги смениме улугите. Затоа најмериторен орган односно најповикан орган за давање мислење, бидејќи станува збор за стручност и за вршење на работите, се повисоките истанци по вертикала на соодветниот орган, правосудството: Окружниот суд, Врховниот суд и МИнистерството за правосудство. Неможеме ние сега да ги ставаме како за избор на пољаци, ако одборниците долу незнаат за неговата стручност. За стручноста на судијата ќе кажат соодветните органи кои се повисоки за соодветниот судија или обвинител.

СТОЈАН АНДОВ:

Треба да имаме на ум дека ова укажување на господинот Поповски ни открива дека ние со итни измени на Законот не можеме да решиме ништо затоа што во уставниот амандман 71, точка 2 тоа е регулирано, а не со закон.Законот е само препишан амандман. Поради' тоа идеатз сега ла се одложиме па да се интервенира *со* итна промена на Законот не функционира. Ако се одлучиме да го одложиме мора да го одложиме за измена на амандманот,

Дали господинот Петров останува на Предлогот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Се претвараме во обична гласачка машинерија, бидејќи се правиме дека ги знаеме оние кандидати што ги имаме а не знаеме за нив воопшто. До вчера општинските собраниЈа вршеа избори, сега ги направивме луѓето дебилни, не знаат, а ние се толку остручивме со повеќепартиски парламент па може многу подобро да го извршиме изборот.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие сега минузате на еден друг суд. Прашањето сега е дали инсистирате да го ставам вашиот предлог на гласање кога знаете дека тоа само со амандмач се решава. и рокот многу ќе се продолжи ако ги симнеме овие точки.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Останувам на предлогот.

СТОЈАН АНДОВ:

Го ставам на гласање предлогот на пратекикот Тодор Петров, точките од 18 до 30 да се симнат од дневн ред

Кој е за, молам да крене рака? ( 7 пратеници креваат рака) .

Дали има некој против? (Пратениците креваат рака).

Дали некој е воздржан? (10 пратеници)

И јас овој пат сум воздржан. Ова го правам со едно укажување. Не можеме ли во практиката да се обраќаме и на општинските собранија. Не е законска обврска, меѓутоа во практиката е можно.

Имаме предлог од пратеникот Симановски, точката 16 да се симне од дневниот ред. Јас мислам дека е нормално точката 16 да се симне од дневен ред.

Молам, кој е за овој предлог? (Пратениците креваат рака)
Дали има некој против? (6 пратеника).

Дали некој се воздржува? (1)

Значи точката 16 се симнува од дневен ред.

Дали во врска со дневниот ред уште некој бара збор?
(Не бара)

рака)
Тогаш вака прочистен дневниот ред го ставам на гласање.
Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? ( 1 пратеник )

Според тоа за денешната седница е усвоен како го предложивме

Со текстот што е поделен точка 16 отпаѓа.

Минуваме на точката 2 - Нацрт на Републичкиот буџет
за 1991 година.

Нацртот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

ПРИЛОГ:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# УВОДНО ИЗЛАГАЊЕ

на министерот за финансии м-р Методија Тошевски
по Нацртот на Републичкиот буџет за 1991 година
и Предлогот за донесување на закон за извршување
на Републичкиот буџет за 1991 година,
што ќе биде поднесено на седницата на Собранието
на Република Македонија на 24.V!. 1991 година

Скопје, 24.VI. 1991 година

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата го предлага.Нацртот на Републичкиот буџет за 1991 година во состојба кога промените што произлегуваат од уставно-правното регулирање на односите во финансиската сфера на релацијата Република - Федерација, на релацијата држава - СИЗ-ови за општестѕенм дејности, на релација га Република - општини и внатре во разрганичувањето на надлежностите на одредени органи не се завршени.

Ние го предлагаме Буџетот во услови кога стопанството е во колапс, во услови кога сакаме да го свртиме внимаиието кон изградуваќ.е на нов систем, а 80 неговото изградување поаѓаме од постојната структура. Не можеме да влеземе 80 менување на работите без да видиме што може реално да се напра-ви и каде може да се направи тоа. Оваз година ќе биде депресивна, прашање е дали ќе можеме да го запреме опаѓањето на производството, дали ќе не очекуваат надежи во есен, може позитивно да се обрне спиралата на развојот и на производството. Тоа се крупни проблеми. Некои сознанија даваат надежи. Доколку за оваа година со партнерите постигнеме догоѕор за нашите активности, тоа е позитивнз нишка. Тоа.ќе го релаксира Буџетот и ќе даде можност за нови моменти. Тоа при подготовките го имаме предвид.

(1.) Вообичаено е Буџетот да се донесува на крајот на годината за годината којзаследи. Меѓутоа, многу нешта имаа влијание Буџетот да не се предложи на време. Спроведувањето на изборните активности, конституирањето на Собранието на Републиката и на Владата, како и утврдувањето на предусловите и
Претпоста ките условија пролонгираное на неговото донесување.

Во периодот на конституираљето на овие органи и потоа, на ниво на земјата се одвиваа бројни активности за определување на општествено-политичкиот систем на земјата и на нејзините коститутивни делови, што има битно

влијание врз определувањето на системот на финансираи.ето на функциите на Федерацијата преку Буџетот на Оедерзцијата, Освеи тоа, неизвесноста за обемот на дополнителните средства што ги добива Републиката за финзнсирање на функ-циите, нбизвршувањ.ето на преземените обврски со сојузни прописи за интервенциите во стопанството, банките и социјалните програми од страна на Буџетот на Федерацијата принудуваше одлагање

Временото Финансирање нз Републиката општините и општествените дејности во 1991 година условено од; неводначената динамика на остварувањето на приходите создаваше сериозни тешкотии во извршувањ.ето на обврските и во нормалнсто извршување на функциите. Во тој контекст делуваме и преиспитувањето на изворните приходи на Републиката и општините, недефинираноста на надлежностите што треба да ги извршуваат општините како локални самоуправни заедници и проицираниот систем на изворни приходи на Републиката што треба да и се отстапат на општината за задоволуванње на функциите од нејзината надлежност.

Односите на општествено-политичкиот план имаа директен одраз и на економски план. тоа се рефлектираше во доменот иа движењето на стоките и услугите, а посебно врз нарушувањето на финансиските движења и финансиската дисциплина. На овој план, за Републиката особено негативно влијание врз состојбите има неисполнувањето на обврските по основа на Фондот на Федерацијата за недоволно развиените републмки кое имаше и има силен одраз врз ликвидноста на банките и СТОПАСТВОТО ШТО се одразуваше и на натомошното нарушување на условите на стопанисување, а. преку тоа на динамиката и обемот на приходите за јавна потрошувачка.

Состојбите присутни на општествено-политички план доведоа, одделни републики (Словенија, Хрватска и Србија) да не *ги* почитуваат сојузните прописи за обезбедување иа средства за функциите на Федерациајта, до продори

во монетарниот и платниот систем. Тие со свои прописи го прекинаа приливот на приходите што му припаѓаат на Сојузниот буџет и ги задржаа во републи-ките. Со таквиот начин на однесување битно се смали приливот на приходите на Буџетот на Федерацијата и **тој** не беше во состојба да ги извршуѕа со закон преземените обврски на Федерацијата.

Како што е познато Собранието на Републикз Мгкедонија и Владата
Со посебен закон и одлука за заштита на стопанството на републиката од мерките што с епрезедоа во другите републики од крајот на декември 1990 до средина на јуни 1991 година го запре уплатувањето *и* приходите кои му припаѓаат на Буџетот на Федерацијата по основа на основниот данок на промет, царинските и другите увозни давачки. Во согласност со Сојузниот извршен совет во текот на април е извршено усогласување на обврските на Буџетот на Федерацијата кон Републиката со побарувањата и запрените приходи во Републиката и е извршено пребивање. На тој начин, со задоцнување од половина година и со несразмерно девалвирање на вредноста на средствата Републиката ги наплати своите побарувања од Буџетот на Федерацијата за 1990 годинз.

Министерството за финансии побара согласност од Сојузниот секретаријат за финансии за пребивање на обврските и побарувањата со Буџетот на Федерацијата за првото полугодие од оваа година за што уште нема став на Сојузниот извршен совет.

Во меѓувреме, од запрените средства Републиката *ги* изврши обврските на Буџетот на Федерацијата што беа создадеии до крајот на 1990 година. По измената на Одлукзта за повторното уплатување на средствата од царините и другите увозни давачки на сметката на Сојузната управа за царини, се очекува извршување на обврските за 1991 година. Ако во меѓувреме Буџетот на Федерацијата не ги извршува обврските по утврдените интервенции, Собранието на Република Македонија ќе го преиспита тоа прашање и ке изгради став.

Посебно отворено прашање стои во односот кон Предлогот на Буџетот на Федерацијата за 1991 година кон извршувањето на обврските преземени со сојузни прописи. Пренесувањето на Републиката на дел од обврските за регресите и компензациите, регресите на каматите кај кредитите од примарната емисија, премии за определени земјоделски производи, обврските по курсните разлики за кредитите користени во странство, како и обврските на јавниот долг по основа на девизните штедни влогови, обврските за инвалидско-пензиско осигурување и обврските по Социјалните програми и износи кои што не се соодевестуваат со отстапените приходи на Републиката од делот на приходите на Федерацијата кои досега ги има, претставува голема неизвесност во дефинирањето на вкупните приходи и расходи на Буџетот на Републиката за 1991 година. Во ваков случај структурата на интервенциите во стопанството ќе претставува сосема изменета слика, а изворните приходи на Републиката ќе треба да се структуираат со поинаков пристап во кој Републиката за Буџетот на Федерацијата ќе треба да утврди котизација до висината на нејзините реални фискални можности за да може во Републиката да ги преземе и извршува пренесените обврски. Затоа, зависно од тоа која варијанта на Предлогот на Буџетот на Федерацијата ќе биде прифатена како решение за 1991 гоцина уште во фазата на предлог или подоцна со ребаланс, Владата ќе понуди измени на Републичкиот буџет за 1991 година.

(3) Донесувањето на Уставните амандмани услови битни промени во надлежностите на општините и самоупраните интересни заедници. Општините сега немаат статус на општествено-политичка заедница, веќе се нзпуштаат и самоуп-равните интересни заедници од општестsените дејности, финансирањето на овие дејности се пренесува на Буџетот, фондовите или други форми *на* финансирање. Наспроти Уставните амандмани, заради претходна неподготвеност, конкретните решенија за спроведување на овие уставни определби кај СИЗ-овите се извршуваат

Во делот на односите со Федерацијата се поаѓа од веќе воспоставените соодноси на распределба на приходите од основниот данок на промет со важечките сојузни прописи, а дополнителните средства се пресметани, исто така, според важечките сојузни прописи.

Поради настанатите промени во надлежностите на општините со преземање нз одделни надлежности во републгичките органи, во *второто* полугодие од оваа година' се прелдага на општината да и се отстапат приходи за функциите што се во нејзина надлежност, а за преземените функции од општината се обезбедува опфат во Републичкиот буџет за 1991 година.

Финансирањето на потребите во пензиското и инвалидското осиг-рување, здрав.твото и вработувањето и понатаму ќе се врши од изворни приходи чии стапки на зафаќање ќе ги утврдува Собранието на Република Ма-кедонија, а институционално ќе бидат организирани како фондови со својство на правно лице.

Имајќи го предвид таквиот концепт на финансирање на јзвните расходи, а од друга страна потребата за регулирање на потрошувачката во рамките на материјалнат основа на Републиката, се предлага Собранието на Република Македонија да донесе посебем закон со кој ќе се уреди обемот на средствста за потрошувачкзта преку Републичкиот буџет, општиискитe бууети, пензиското и инвалидското осигурување, здравстsого и вработувањетоо до нивото на учествово општествениот производ од 24%

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

(6) Како што е исгакнато и во образложението на Нацртот на Републичкиот буњет за 1991 година, во расходниот дел се имаа предвид. меѓу другото, и следниве поставки:

- дека до крајот на првото полугодие од оваа година ќе се обезбедат предуслови во делот на финансиите, општините во Република Македонија да можат да функционираат како локална самоуправа, согласно со измеиите што настана со донесувањето на Уставните амандмани и одлуката;

- сите обврски и функции на Републиката, во принцип, се преземени да се финансираат од Републичкиот буџет;

- основното образование, насоченото образование, општествената заштита на децата, социјалната заштита, културата, физичката култура и науката од 1 јули оваа година се билансирани во Буџетот со истите критериуми како и средствата за органите на управата, според висината нз личниот доход по условно неквалификуван работник за месец декември 1990 година зголемен за оценетиот пораст и личните доходи во стопанството;

- кај сите корисници средствата за материјалните и функционалните расходи се утврдени со диференциран пораст и со крајно рационално димензионирање со *цел.* успешно извршување на функциите. Притоа, ќе се изработат програми за штедење и рационално користење на средствата;

- за финансирање на одделни програми кои во континуитет се оств-руваат со предвидените износи на средствата ќе се задоволат најнеопходните
потреби
- за одделни обврски кои имаат карактер на лични примања (пензиско и инвалидско осигурување и социјална заштита) што се обврска на Републичкиот буџет се утврдени според постојните права до очекуваниот пораст на
личните доходи.

Врз основа на овие поставки, како и врз постојните извори на приходи, утврден е вкупниот обем ча расходите на Републичкиот буџет за 1991 година. Притоа, тој износ во Предлогот на Буџетот ќе се зголеми на приходната и расходната страна за износот на средствата за финансирање на функциите што се преземени од општините во Републиката извршен во првото полугодие од оваа година низ привремените буиети, односно финансиски планоѕи на опш-тините.

Во вкупниот обем на потрошувачката за 1991 година кој се однесува на држ?зната управа и сТѕштестБените дејности опфатени со Буџетот на Репуб-ликата се применети едиѓТствени критериуми за утврдување на масата на сред-ствата на одделни корисници. Ова предизвика зголемување на обемот на сред-ствата што треба да се издвојат од Републичкиот буџет за задоволување на личните доходи и другите надоместоци во општината и во оние инситуции нз општествените дејности кои според висината беа под нивото на критериумот за усогласување на личните доходи и другите надоместоци врзани со просеч-ните лични доходи и условно неквглификуван работник. На тој начин се созда-ва во распоредот на средствата што се формираат на низо на општините сметано до 30.VI. 1991 година износ на средства кој е повисок од оној што во општините би се распоредил кзко расход ако тие расходи се извршува&на нивс на општина-та. Овој факт, меѓутоа, не требе ~да се толкува во негативна конотација со ог-лед на тоа дека личните доходи и другите надоместоци во најголем број на општини беа релативно ниски и дифсренцирани,а и таквите, општините не беа 80 состојба да ги обезбедуваат. Прераспределбата што ќе настане во тоа усогла-сува^ве на просекот на Републиката паѓа на товар на републичката управа, пра-восудството и на општините кои имаа критериуми повисоки од републичкиот просек.
Вкупните расходи на буџетот, со најголемо учество и тоа 45,9% се наме-нети за општествените дејности, 30,б? за работа на органите на управата.

6,5% за интервенци во стопанството, 3.2% за нестопански инвестиции, 5,3% придонес на Буџетот на Федерзцијата, 1,1% за Програмата на општо-народната одбрана и 7% за резервите.

Најголем износ на средства се издвојува за општествените дејности и тие се однесуваат за финзнсирање на функциите во втората половина од годината, бидејќи во првите шест месеци финансирањето на овие дејности се вршење преку самоуправните интересни заедници. Пренесувањето на финаисирањето на овие функции во буџетот, *покрај* другото, има за цел надминување на дина.мичните неусогласености кои досега објективно постоеја, а во некои случаи тие и не можеа да се елиминираат. Тоа, пред се, зависеше од приливот на средствата, како и од движењата во стопанските активности што имаат влијание врз финансиската моќ а на обврзниците, блокади по веќе создадени обврски, неликвидност и слично.

Средствата за работа на органите на управата се билансирани во висина од 2.819,3 милиони динари.Овој износ е наменет за личнии доходи на вработените во органите на управата и на избрани и именувани лица, Останатите средства се наменети: 5,9% за материјални расходи; 8,8% за општествена ихрана; 3,3% за надоместок за користењ.е на годишен одмор; и 12,1% за други потреби.

Средствата за личните доходи на работниците со органите на управата, како и на сите корисници на средствата на Буџетот, пресметани се на основа на бруто личниот доход за месец декември по условно неквалификуван работник, зголемен со планираниот пораст за 1991 година.

Средствата за заедничка потрошувачка во органите на управата (средства за надоместок за годишен одмор и средства за општествена исхрана) се
планирани до просекот на Републиката а се поставува прашањето дали тие
воопшто треба да се издвојуваат од буџетските средства при стеснети можности на стопанството.

Значителни средства од Буџетот се издвојуваат и за интервенции во стопанството. Иако сите барања не се задоволени, износите што се издвоју-ваат по разни основи вршат битно влијание врз обемот на буџетот. Интервен-ции се прават за развојот на железничкиот сообраќај, поттикнувањето на раз-војот на земјоделстеото; учеството во изградбата на водоводи, реализацијата на Програмата за штедење на супституција на енергијата, учеството во рекон-струкцијата на Скопскиот аеродром, учеството во формирањето на стоковните резерви и друго.

Во Републичкист буџет, како и досега, се предвидени и трансферни средствава, како што е котизацијата за Буџетот на Федерцијата *и* допо-нителните средства на општините.

Дополнителните-средства на општините во овој Нацрт се искажани би-лансно според постојните критериуми и тие можат да претрпат корекции со Законот за финансирање на општите и општествените потреби на Република Македонија.

Со Уставните амандмани настанаа битни промени во сферата на финансирањето на општествените дејности. Во овој момент тоа може да се сфаќа само како техничко решение, бидејќи се напушта СИЗ-овското финан-сирање, средствата се вклучуваат во Буџетот и преку финансискиот план и програмите на соодветните министерства се насочуваат за намените што ќе се финансираат.

Меѓутоа, овие дејности не можат исклучиво да се финансираат само од стопанството.Ќе треба да се обезбеди партиципација и од граѓаните. Тоа особено ќе треба да се направи за оние граѓани кои остваруваат приходи надвор од Републиката или во странство, а трошоците за школувањето и за здразствеиата и социјалнзта заштита *на* нивните фамилии паѓаат на товар на граѓаните и работниците кои остваруваат приходи во Републиката и ја товарат додатно и така осиромашената акумулација.

И Буџетот за 1991 година се повеќе ќе поприма функции на редистрибуција на добивката и акумулација меѓу одделни стопански и социјални групи. Повратните дејства на Буџетот врз мотивирањето и стимулирањето на стопанските активности се независни од носителите на сопственичката структура.

Покрај средствата што самите организации ги издвојуваат за научни истражувања, со Нацртот на буџетот се предвидени 90,6 милиони динари за наука,покрај средствата што Самоуправната интересна заедница за наука ги
оствари во првото полугодие од оваа "ГОДИНА и редовно финансирање на Ма-кедонската академија на науките и уметностите.

Во обласа на Ќултурата, покрај средствата од функциите на Самоуправната интересна заедница на културата, посебни средства се обезбедуваат за меѓународните манифестации на културата, посебните програми за заштита на културните споменици, издавачката дејност, филмот и др.

Во делот на здравството, покрај изворните приходи, преку буџетот се обезбедуваат и наменски средства и тоа за: Програмата за следење на здрав-ствената исправност на водата за пиење, тлото, воздухот и животните намирни*ци;* Програмата за подобруванзв иа санитарио-хигиенската и епидемиолошката состојба во Републиката ; болничките трошоци за душевните болници; здраствената заштита на лицата на издржување на казна затвор и на странците; партиципација во Програмата за намалување на смртноста на доенчињата и малите деца; финансирање на одделни функции на Републичкиот завод за здравствена заштита, трошоците за откривање, спречување и сузбивањ,е на заразни болести и за други надоместоци.

Во социјалната заштита, од буџетот се обезбедуваат посебни средства за финансирање на одделни водови на инвалидска заштита, популационата по-
литика, општествената заштита на децата и социјалната заштита, како и за
предверемено пензионирање на рботници од органите на управат и за други
права што ги утврдува Републиката.

Во делот на нестопанските инвестици, со крајно рестриктивен пристап, покрај Програмата за опремување на службите за внатрешни работи, се обезбедуваат посебни средства за завршување на хируршките клиники,за завршување на Студентскиот-дом "Стив Наумов" и за изградба на објекти од општ интерес за Републиката.Исто така, се обезбедуваат наменски средства за учество на Републиката во информациониот систем на Универзитетот "Кирил У Методиј", информациониот систем на Републиката и други обврски преземени од страна на Републиката.

Иако со документите на Републиката е предвидено за погребите на народната одбрана да. се обезбедуваат 0,4% од националниот доход, за оваа намена се обезбедуваат само 0,11% од националниот доход,

Во делот на средствата за резервите, согласно со законските прописи, се издво|уваат средствата за постојаната резерва и тековната резерва на Буџетот, обврски од минати години, како и за формирање на стоковни резерви.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

(7) Поднесувајќи го Нацртот на Буџетот за 1991 година на Собранието на разгледување и усвојување, Влздата ги информира пратениците е дека до фазата на предлог на буџетот и заедно со него ќе бидат предложени измени во четири закони кои треба да ги санкционираат промените што се содржани 80 овој Нацрт и тоа: Законот за финансирање на Републиката и општините, Законот за републичките даноци, Законот за даноците на граѓаните и Законот за привремено оргграничување на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоупрввните интресни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото полугодие од 1991 година.

За збор се јави господин Давчев.

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Министерот Тошевски кажа дека нашето стопанство е во колапс. Никаде не предвидуваме, барем со Програмата за економски мерки односно економската политика во 1991 година никаде немаме предвидено средствата за пресгруктуирање и нови инвестици.НИе од Меѓународната заедница, самите гледаме дека средства ќе нема.

Затоа предлагам, а мислам дека има уште резерва во овој Буџет, 10% да се намалат расходите односно 10% од приходите да одат во нови инвестиции. Што би значео тоа? Тоа би значело дека може да се изградат 20 нови фабрики и секоја од нив со вредност од 45 милиони динари. Тоа е едниот предлог.

Вториот предлог, во образложението на страна 22 пишува дека општините Кичево, Кочани, Неготино, Прилеп итн., да не ги читам сите, го губат правото на дополнителни средства.Меѓутоа, за овие општини, на страна 77 се предвидени тие дополнителни средства. Затоа предлагам овие средства да се накенат во Министерството за култура, односно трошоците за култура и тоа да бидат за двата фестивали што не се тука опфатени, за "Макфест" и "Валандово", така што нивните извори да бидат подобри.

Потоа, предлагам Владата, за приходите на општините, бидејќи овие општини на приходите нема да бидат, така да речам рамномерни, што ќе предвиди Владата во овие општини овие приходи некако да се одредат рамномерно или ако нема, дали ќе интервенира
Владата во тие општини.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор сосцодин Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Комисијата за образование, наука и култура ка својата денешна седница го разгледа Нацртот на Републичкиот буџет за 1991
Уставот на Релублика Македонија и со уставните закони се изршени битни промени во начинот на финансирањето на општите општествени и заедничките потреби на Републиката заради тоа што во 1990 година не беа создадени законски можности за донесување на Републичкиот и општинските буџети во предвидениот рок.

Со оглед на тоа, Комисијата го поддржува предлогот Републичкиот буџет за 1991 година да се донесе со спојување на првите две фази, Основите на буџетот и Нацртот, како прва фаза, а во втора-та фаза да се донесе Предлогот на буџетот за 1991 година.

Во расправата, пратениците укажаа дека согласно донесените законски прописи за ограничување на вкупната јавна потрошувачка треба да се очекува реален пад на средствата за оваа намена. Меѓутоа, заради преземените обврски од општините во Републиката, како и заради другите измени во начинот на Финансирањето на јавната потрошувачка, Буџетот за оваа година бележи пораст од 34,4% во однос на минатогодишниот износ.

Во тие рамки, пратениците укажаа дека е забележителен значителниот пораст на средствата за Министерството за правосудство и Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, во расправата се констатира и оцени дека, за висината на средствата за овие

министерства не може да се изведат споредливи оценки, бидејќи во образложението на Буџетот,. јасно не се разграничени средствата што се резултат на преземените обврски од општините во Републиката, а што од новите зголемувања во овие области.

Заради тоа, пратениците укажаа на потребата во образложението на Предлогот што ќе уследи по усвојузањето на овој Нацрт на буџет да се појасни и даде реална слика на состојбите, со изворите на средствата и нивните расџоди по кориснкци и намени, особено од овој аспект.

Во однос на предвидените средства за образование, наука, култура и физичка култура, Комисијата оцени дека тие се усогласени со можните приходи од постојните извори и доста реални во расходите во овие области. Посебно позитивно е оценето издвојувањето на средствата за завршување на хирушките клиники, за завршување на Студентскиот дом "Стив Наумов" за доизградбата на информациониот центар на Универзитетот, па дури и за доизградбата на Републичкиот информационен центар.

Со оглед на мошне сложените состојби во стопанството и во општествените дејности, што можат да доведат до социјални немири од поголеми размери, Комисијата укажа на потребата од зголемување на средства за интервенции во стопанствсто и социјална заштита. По-себно стана збор за средствата што ќе треба да се обезбедат во Републиката во многу краток иден период за обезбедување на нафта и нафтени деривати што можат повторно да предизвикаат тотален колапс во стопанството.

Притоа се укажа дека промените во билансот на средствата треба да се извршат по министерствата а не по раздели.

Комисијата, со овие забелешки што треба да бидат вградени во Предлогот на буџетот, му предлага на Собранието да го разгледа и донесе Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година.

СТОЈАН АНДОВ:
За збор се јави Драган Арсов> потпретседател на Соб-ранието.

ДРАГАН АРСОВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници. Во името на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ, дозволете ми да го изразам нашето задоволство дека го цениме трудот на Владата вложен за подготовка на Нацрт-буџетот . Таа ја заслужува целата наша почит и респект за така услешно иззршената работа. Меѓутоа, мислам дека Нацрт-буџетот докрај не ги почитува промените што настанаа во земјата и во Републиката, ниту пак го има предвид престојните разврсти што пред наши очи се случуваат во Југославија со процесот на раз дружувањето на Република Словенија и Република Хрватска. Дали Македонија ке остане во остатокот на Југославија. Ако веќе однапред сме се определиле дека ние нема да го прифатиме тоа и дека ќе се залагаме за самостојна држава во рамките на сојуз на суверени држави, во тој случај се создава една нова ситуација која бара сосема нов пристап во однос на финансирањето на јавните потреби на ниво на Федерацијата и Републиката.Бара нов пристап и при изработката на буџетот. Во тој случај ние не ќе можеме да разговараме за ваков буџет како што сега нас ни се нуди, бидејќи овој концепт е сосема различен од она за што Ма-кедонија се определува како суверена држава во еден соЈуз на суверени држави за кои мораме да расправаме овие денови.

Ако таквиот статус кој не е ништо друго, туку конфедеративен, тогаш ние мораме да се определиме за еден поинаков буџет кој сакале или не мора да има конфедеративна концепција, што е нешто. сосема ново во однос на ова што сега ни се нуди. Во тој случај сосем

се менува односот на Македонија во однос на ставките спрема Сојузниот буџет и целокупната буџетска структура на ниво на Федерацијата за која впрочем и министерот Тошевски зборуваше. Тоа значи дека во Македонија не ке мора да се издвојува толку средства за финансирањето на Ј инвалидско-боречката заштита и за работата на сојузните органи колку што сега се бара со Сојуз нивнот буџет, колку што тоа јасного ставија до знаење и некои други републики кои рекоа дека неможат да финансирааат во таа висина колку што тоа се предвидува. Се менува и односот на ставките на Сојузниот буџет сврзани со целокупните раз лики и санацијата на банките и интервенцијата во стопанството, социјалната програма и друго, Македонија мора да се определи за оној став според кои тие ставки ке треба да се финансирааат во рамките на билансите на републиките и покраините. Ова е време во Македонија во кое за прв пат ние треба да прозбориме за износите што се даваат за Федерацијата и да кажеме дека тие се големи расходи за Републиката. Сега е време да проговориме и за царините, што Македонија беше присилена да и ги отстапи на Федерацијата. Царините во оваа наша земја никогаш не биле во Функција на развојот и унапредувањето на стопанстовот, туку напротив нема ниту еден извозник во Македонија кој речиси немал проблеми со царините дури и при увозот на средства за производство наменети за извоз се наплатувале такви царини кои што создавале проблеми, а од таква природа што тоа неможе да се оправда. Ако царинската политика во Македонија никогаш немала таква намена, а таа намена пред се треба да има поттикнувачки развој на улога и доколку тоа не било случајно, тогаш навистина не би требало да зборуваме за другите намени, затоа што тоа така не е.

Зошто во Македонија сеуште не се покренува прашањето за котизацијата туку само се навестува како овде што го слушнавме од господинот Министер Тошевски во однос на финансирањето на Федерацијата, како и за запирањето на целокупниот данок на промет во Републиката, а изворните приходи на Федерацијата, да бидат само приходи од царина и други увозни давачки, додека разликата од недостигот на приходи е да се обезбедува со котизација. Дали тоа за Македонија нема да значи дека сите приходи од основниот дакок на промет на производите и услугите немат да останат тука како приходи на Републиката за разлика од досега кога со нив се финансираше на ниво на Федерацијата социјалната програма, извозните стимулации, санацијата на банките, регресите за земјоделството, што претежно се издвојуваа за намени на земјоделството во Војводина итн, Во овој момент потребно е Македонија конечно да прозбори и за расходите за боречко-инвалидската заштита, што СИС ги предлага во двојно поголеми износи од оние што изнесуваа минатата година. Дали таквите ставки може да ги плаќа македонското стопанство кое се наоѓа во ка-тастрофална состојба. Јас мислам не. Крајно е време нашите борци и покрај целата почит спрема нив, конечно да ја делат судбината со другите граѓани.

Во однос на Нацрт-буџетот на Република Македонија, мислам дека никој повеке неможе да прифати такви стафки со кои се финансираат потребите што имаат идеолошки определба. Зарем се уште треба да издвојуваме пари за некаков Титов Фонд за кој годинава се предвидуваат некаде околу 600 милијарди стари динари.

Дали и натаму треба да се издвојуваат пари за некаква енциклопедија на Југославија за која и самите издавачи од Загреб велат дека таа е енциклопедија на едновреме кое помина односно ре-

жимска енциклопедија, а токму за таквата енциклопедија сега се издвојуваат средства некаде околу една милијарда. Речиси сите републики во СФРЈ во своите буџети ги исфрлија ставките за финансирањето на разни јубилеји, републички награди и одлучувања, споменици, благодарници, што имаат исто така идеолошко обележје. Кај нас тие сеуште се делат и се финансираат без да се респектираат тешкотиИте во стопанстsвто. Јас мислзм дека е крајно време тука да се извршат резови во однос на буџетските ставки.

Ако отворено рековме дека напуштаме еден модел на со-цијална утопија тогаш треба да ги напуштиме и оние програми во универзитетот што имаат такво обележје, односно што сеуште постојат некои катедри за кои што мислам дека нема оправдување и како такви да се финансираат.

Исто така, на крајот сакам да кажам за рационализаци-јата за која секако има место кога станува збор заеден ваков документ како што е Нацрт буџетот. Ако Владата оценува дека нема место до крај да се рационализира мрежата на образовните институции, несватливо е зошто тоа доволно не се прави во однос на рационализацијата на некои републичхи органи.Целата низа на функции се пренесуваат од општините "на Републката *со* цел да се намали јавната потрошувачка во општествениот произзоп. Меѓутоа, нацрт буџетот покажува дека до крај надлежните министерства не ја извршиле таа потребна рационализација на мрежата на инистуциите. Тука мислам дека има место таа рационализација да се спроведе и на тој начин да се намалат ставките што се предвидени за таа намена.

Посебно на овој план сметам дека во овој момент не е политички мудро со Буџетот и натаму да се бараат средства за купување и изградба на некои службени станови во Белград, со оглед на

една ваква тешка ситуација во Републиката, а тоа исто така стои во овој документ.

Исто така, сметам дека има место во однос на рационализацијата во Управата на заедничките работи, за која Управа се издвојуваат како што таму стои 2 пати повеќе средства, отколку за работата на Собранието на Република Македонија. Сигурно дека треба да се преговОри нешто повеќе и за буџетските ставки во однос што се предвидуват на минстерството за внатрешни работи кои из-несуваа некоја-неверојтно голема сума од 1 ипол милијарда динари Тоа во секој случај е индикатор кој што не говори политички и неможе да се оцени како индикатор за политичката состојба кај нас, бидејЌи знаеме на што асоцира една таква ставка. Пред се, асоцира на финансирање на средства кои што сигурно неможе да се исклучат, односно не може да се исклучи нивната репресивна намена.

Не знам дали не треба да се каже и неколку збора за буџетирањето на разликата меѓу цената на чинењето и продажната цена на некои весници во МакедониЈа, затоа што ние треба да го прифатиме еднаш принципот и на тие весници , пазарниот принцип, затоа што тие и на тој начин треба да го остваруваат својот доход и да се борат за тираж.

Не само заради овие, туку и заради многу други причини што сигурно постојат и што заслужуваат внимание овде да ги наведеме , сметаме дека Нацрт буџетот за 1991 година зака како што се нуди во ваков вид за нас е неприфатлив. Ние не сме да не се донесе буџетот, но бараме нов текст, кој што пред се ќе ги почитува новите концепциски основи и ќе одговара на промените што се извршени и на оние промени што предстојат.

ЈОРДАН ЗАФИРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претседателе, на 13-тата седница одржана на 9 и 10 мај беше донесена програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1991 година, со следниот Заклучок:Собранието на Репбулика Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да ја проучи можноста за изнаоѓање *на* додатни средства за потикнување на развојот на земјоделството во 1991 година". Овој заклучок не е вклучен во Нацртот на буџетот за 1991. година, при што предлагам на страка 73, позиција 533 по Програмата за развој на земјоделството за 1991 година средствата од 100 милиони и 400 илјади динари да се зголемат на 128 **и** 800 илјади динари, односно премијата за млеко од симболичните 0,5 динари да се зголеми 1 динар по 1 литар, што изнесува 27 милиони и 500 динари. Изгледа дека на Македонија и е поефтино да купува млеко од страна, а да не ги стимулира домашните производители.

Другата позиција во Прогрмата за развој на земјодел-ството каде предлага а зголемување на бројот на кафазите од 100 на 150 за одгледување на риби односно од 60 ка 900 илјади динари.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници, понудениот Нацрт на Републичкиот буџет за 1991 година , иако е изготвен во месец јуни, кој не е во обичаен месец за изготвување на буџетот на Републиката, сепак, **и** сега во овој момент на неговото изготвување е тргнато од прем**ногу претпоставки, бидејќи** сеуште **до крај не** се дефинирани мноштво на функции кои треба или не треба да се финансираат од републичкиот буџет или дали треба овие извори и ли други извори да бидат основа **за предвидените услови. Во овој** буџет **има** одредени функции **кој**

што досега се финансирале од него и се предвидуваат да се финансираат за време од целава година. Но,има одредени расходи кои се предвидуваат да се финансираат за 6 месеци, како што се расходите за преземените органи на управата од општините, затворите, архивите и правосудните органи , а и преземеното финансирање на општествените дејности.Сигурно на изготвувачот на буџетот не му било лесно во мноштво.Во шума на недефинирани материјални закони не донесен СоЈузен буџет и докраз недефинирани обврски со истиот, недонесен закон за локална самоуправа, да го состави и да не го понуди по овој Буџет. Сигурно,-еите овие непознаници, а и други кои не се наброени се причина што, Буџетот што трба да го усвоиме како Нацрт на оваа седница претставува една глобална рамка на недефинирани и докрај неизградени претпоставки, ко е нужно неговото донесување, бидејќи не може во недоглед да се врши извршувањето на расходите и прибирањето на приходите без прецизност во одредени раздели на позициите односно соврмено финансирање.

Инаку, сигурно предлгоот на Буџет ќе треба да претставува прецизен акт со кој што со што помалку непознаници, во кој ќе бидат вградени најголем дел од предлозите и забелешките по нацртот и во кој јасно ќе се утврдат и разграничат изворите на приходите и распределбата на истите.

Инаку, Комисијата за финансирање во својот извештај ги даде конркетните забелешки по одредени раздели и позиции за кои што инсиситра да бидат вградени во предлогот на републичкиот буџет.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Вецко Личоски.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости, разгледувајќи го Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година и тргнувајќи погодово од расходите на буџетот за што ги имам забелешките во врска со тоа што одредени позиции од Буџетот се преголеми и дадени на оние позиции, што по мое мислење сметам треба да. Се намалат по
Укинување спрема другите позици тој што треба да седадат средства за нивна намена. Имено, со закаснувањето на републичкиот буџет и општинските буџети, за што се пролонгира временото финансирање што се оптерети и самиот буџет.Вработените од општествено политичките организации не сите, дел поминаа во надлежност на Собранието на Републиката и во стариот Извршен совет односно Владата, а исто така и во општинските собранија, што наместо да се растерети буџетот со тоа што како и стопанските организации што го прават на испуштање работници како технолошки вишок, така треба и органите и општествено политичките организции да мпостапат по истиот пат, односно да извршат рестрикција за да се дојде до нама-лување на давачките или оптеретување на буџетот. Тој толку се преоптерети, според мене,што при спајање на приходите на Буџетот на-шето стопанство кое се наоѓа во длабок колабс не е во можност да ја издржи и онака тешката финансиска положба на давање на средства за Буџетот.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ: (Продолжение)

Исто така, во преоптеретување и во наголемување на Буџетот се и општинските правосудни органи, казнено -управните установи, геодетеските урпави и институциите кои беа до сега во надлежност на општинскиот буџет.

Спрема мене кајголемо оптоварување Буџетот вршат на Републиката.

Во врска со ова од табеларните прегледи може да се види дека скоро 50% од расходите отпаѓаат на општествените дејности за пензиско и инвалидско осигурување и преземените обврски од СИЗ-овите и општините.

По мене и моето толкување, за да би се растеретил Буџетот сметам дека е неминовно извршување на одредени рестрикции од поедини размери дадени во Нацрт-буџетот со што ќе се намалат срдствата за лични доходи, заедничката потрошувачка и општествената исхрана. Сметам дека со воведување на плуралистичкиот начин на работењето сите општестзено-политички организаии да не се финансираат од Буџетот, бидејќи и тие поминаа во политичките партии за кои се одвојуваат средства од Буџетот, закои што сметам дека и таквите давачки од Буџетот не се потребни, бидејќи можат, барем сега, да се формираат толку партии што сметам дека ваквиот буџет каков што ќе биде е премал за финансирање на сите формирани партии кај нас.

Спрема дадените размери во Нацртот на расходите на Буџетот може да се заклучи дека се дадени од минатогодишните услови

помножени со некој процент кој ја доведуваат сегашната положбана расходите многу голема, меѓутоа мислам дека слабо се водело сметка во врска со вистинската побарувачка на одделни раздели од Нацртот.

Имено, покрај сите недостатоци ќе ги спомнам општин-ските судови како на пример ако се погледнат општинските судови ќе се види голема разлика помеѓу давачките без разлика дали тие имаат помалку или повеќе извршени предмети, пример на. Кичевскиот суд, а имаат поаеќе средства за лични доходи на работниците, заедничакта потрошувачка, материјалните трошоци и општествената исхрана. Ова може да се види од извештаите кои што ги имаат доставено судовите.

Што се однесува до Општинскиот суд во Кичево, може да се види, ако нема корекции на личните доходи до крајот на годианта, во тој случај потребни се средства само за лични доходи во износ од 326 илјади динари, а предвидени се само 217 илјади динари, што значи за периодот од 6 месеци предвидените средства треба да се зголемат уште за 109 илјади динари.

За материјалнтие трошоци се предвидени само 33 илјади динари за 6 месеци односно до крајот на годината што ни од далеку не може да биде доволно особено сега кога зкачителни е зголемен обемот на работата во прекршочните судови за кус временски период доставени се 1587 барања за поведување на прекршочна постапка по Законот за пописот и 170 предмети по Законот за основно обра-зование поради водење на,евиденција на албански јазик а се очекува уште голем број на вакви предмети, а и редовните од сите други области на трошоците ќе бидат значително поголеми.

Бидејќи, по обемна работа **се** и како Општинскиот суд за прекршоци - Струга, а за нив се превидени 200 илјади ди-нари за материјални трошоци, спрема тоа сметам би било редно во иста висина да бидат и средствата за Општинскиот суд за прекшоци во Кичево.

Сметам дека во натамошната работа на Буџетот ќе се земат моите сугестии и забелешки и ќе се изврши онаа промена коЈа е потребна да се: намалат давачките кај стопансКите организации кои се наоѓаат во безизлезна состоЈба. Спрема тоа, предлагам Буџетот да се разгледува во 3 фази, макар истиот е задоцнет.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитуван претсецателе, почитувани пратеници,

Имам една забелешка на Нацрт - буџетот во разделот 9 - каде се зборува за Министерството за народна одбрана, страница 15 каде се прикажани средствата за народна одбрана и општествена самозаштита конто - посебни намени. Дадена е бројка од 3 милиони динари кој сметам дека се минимални со што се доведени во прашање остварувањето на основните функции на одбраната а посебно на Службата за набљудување, известување, врски, цивилна заштита, како и другите компоненти на народната одбрана.

Сметам дека во ваквите рестриктивни критериуми не **се** почитуваат законските одредби што треба Министерството за нарсдна одбрана да ги врши, а треба да се има предвид и Декла**рациајта за сувереноста на Македонија. Да бидеме на** јасно **без народна** одбрана нема **и** сувереност на Македонија.

Имајќи го сето тоа предвид предлаам Владата да ја преиспита ставката за посебна намена на средствата за народна одбрана и општествена самозаштита односно да ја зголеми, а истото се однесува и на ставката за територијалната одбрана.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас имам некои забелешки што се однесуваат на Нацрт буџетот на Републиката за 1991 година за општините кои се избришани и општините кои имаат минимално учество во Буџетот. Видов некакво шаренило, па ме интересираше и добив одредени појаснувања и сакам во името на општина Виница и останатите општини да се појаснат некои работи. Да не ги набројувам кои се тие општини, веројатно и тие истото го мислат.

Општината Виница приговара за износот од 830 илјади динари на позиција 575 конто 445 во раздел 67 - Средства за финансираше на други општествено-политички заедници во посебниот дел од Нацрт-републичкиот буџет за 1991 година што се наоѓа на страница 77.

Сметаме дека пресметката на дополнителните средства од Републичкиот буџет за финанскрање на општите општествени потреби на општината за 1991 година не е во согласност со член 2 од Законот за критериумите и за начинот на обезбедување на дополнителни средства за финансирање на општите општествени потреби на општината ("Сл.весник на СРМ" бр.31/84).

**Членот 2 од законот гласи:**

"Дополнителни средства се обезбедуваат на општината **на која пресметаните калкулативни приходи се пониски** од **просечната**

буџетска потрошувачка на општините во Републиката по жител (просечна буџетска потрошувачка) .

Како калкулативни приходи на општината во смисла на овој закон се сметаат приходите остварени од:

1. посебниот општински данок на промет на производи
l, таксите и приходите според посебни прописи на оптината
3. Данокот од личен доход од вршење на земјоделска дејност,
4. данокот од самостојно вршење на стопанска и про-фесионална дејност и
5. данокот на промет на недвижности и права на данокот на имот."

Данок од личен доход од работен однос според Договорот за основите на политиката на даноците и придонесите можат да го воведат сите општини.

Поради големиот недостк нас финансиски средства за буџетската потрошувачка, општината Виница за 1990 година со Одлука на СО-Виница има воведено ваков вид на данок *со* кој вкупните приходи на буџетот не го надминат дозволеното низо на општа потрошувачка ,а со цел да ги намири расходите за улично осветление **и** градска чистоќа.

При утврдувањето на дополнтиелните средства на Општина **Виница (важи и за другите општини кои имаат** воведено ваков вид **на** данок), според Законот би требало од остварените изворни приходи во периодот јануари - ноември 1990 година, врз основа на податоците

на СОК (образец Б-2), оценките за месец декември 1990 година валоризирани со .порастот од 45% за 1991 година да се изземат средствата остварени од данокот од личен доход од работен однос.

Општинскиот буџет на Виница за 1990 година спрема Б-2 од СОК од тој вид на приход има остварено 2 милиони 550 илјади динари.

- На страница 2 од Образложението кон Нацртот на републичкиот буџет за 1991 годкка дадсна е просечната буџетска потрошувачка по жител за 1991 година во износ од 789 динари по жИител.

Врз основа на член 3 став 3 од Законот спрема бројот на жители Општина Виница има 15% над просечната буџетска потрошувачка или буџетската потрошувачка по жител на Виница изнесува 907 динари.

Сега да ги прескокнам овие бројки кои се математички операции.

Кога од оценетите приходи во износ од 15.948.000 динари според пресметката за утврдување на дополнителни средства на општините се изземат средствата од данок од личен доход на работниците односно 2.550.000 илјади динари, оценетите приходи ќе изенсуваат 13.398.999 динари, тогаш потребните средства до Републчичкиот просек дополнителни средства за општината Виница наместо 830 илјади динари би требало да изкесуваат 3.380.000 динари.

Според напред наведените податоци сметаме дека Оп-штината Виница и другите општини се ставени во нерамноправна положба во однос на другите општини кои немаат воведено овој вид на данок, што значи не го оптовариле стопанството, па за сметка на тоа добиваа-повеќе дополнителни средства од Републичкиот буџет за 1991 година.

Инаку, што се однесува до предлагачот ќе произлезе дека Буџетот се .раководел од некои библиски консулати каде е запишано дека кој има ќе му се даде, кој нема ќе му се земе.

Што се однесува до разделот за судовите на страница 79 - Општински суд - Берово, јас мислам дека се работи за Виница оти 2 пати се спомннува Берово. Тоа треба да биде исправено.

На страница 35 раздел 26 се однесува за здравството позицијата 229 конто 456 средствата предвидени за намалување на смртноста на доенчињата и малиге деца од 100 илјади динари за мене е така смешна што треба да се брише, а да се предвиди со Законот аз здравство или друг акт или пропис и решавањето на овој комплексен проблем да се реши на друг начин во спротивно ќе изигруваме некакви лажни алтруисти, затоа што знам дека во Западниот дел на Македонија во претходните години се потрошени средства за оваа намена и Западна Македонија ја стигна и престигна Источна Македонија што се однесува до смртноста на доенчињата и малите деца.

На страница 32 раздел 23 се однесува за науката по-зиција 199, конто 451 може би и не е, се прашувам дали во моментот ни е потребно повеќе леб или афирмација. Можеби ни се потребни и едното и другото. Постојат неколку културни манифестации во Републиката што ја афирмираата во меѓународен план и пошироко како струшките вечери на поезијата, Охридско лето и други кои се застапени во Буџетот. Но, нема да бидат нескромен ако кажам дека ги нема теракотните икони од Виничкото кале, всушнот нема продолжување на ископувањата односно архиелошките ископувања на Виничкото кале каде најверојатно се очекува да се дополни еден

дел од историјата на македонскиот народ односно од византологијата каде што имаме доста дупки во историјата.

Инаку, морам да кажам ако не чепкаме по историјата сигурно други ќе чепкаат и ќе ни ја пишуваат и ќе ја фалсификуваат. Што се би дале соседите, се прашувам, да го имаат она што моментално го држиме ние во раце, но ние не знаеме што имаме и што држиме.

Затоа предлагам посебна ставка за археолошки иследувањаречат: блаже ни се слр ло духот а пибно ќе биде царството небесно.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници во интерес на времето дирекно ќе преминам на предлагање. Во раздел 17 позиција 140 учество во изработката на просторна и урбанистичка документација во Републиката предвидени се 500 илјади динари. Сметам дека, бидејќи **е** пренесена надлежноста за урбанистичко и просторно планирање на Републиката, преку Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија дека оваа позиаија е минимална и предлагам до изготвувачот на предлогот на буџетот да та преиспита истата во смисла на нејзино зголемување.

Истото важи и во истиот раздел и за позицијата 442-а каде што **е** децидирано за измени и дополнувања на детален урбанистички план за одделни општини. Тука децидно стојат тие општини и *мнслам.* дета такви барања во текот на годината сигурно **е** дефини**ран и износот за тие измени дека по функционално е** да стојат за измена и дополнување на детален урбанистички план на општините, бидејќи покрај овие 2 општини сигурно во текот на годината ќе се

јават и други потреби во иста смисла дека и измената на дополнителниот урбанистички план е во надлежност на Републиката.

Во разделот 21 - позиција 184 - финансираше на дејности од физичка култура, предлагам до изготвувачот на предлогот на буџетот покрај наседеното во образлочението - спортски сали Бо 2 општини, да го разгледа и се произнесе и по барањето за учество во Финансирањето на спортските сали во опшинатаа Кавадарци која е една од општините ретка во Македонија која се уште нема спортска сала.

Раздел 65 - интервенции во стопанството, поздравувајќи ја позцијата 528 - учество во изградба на водоводи во општината предлагам позицијата 540 учеството на Републиката во поттикнување на развојот на ридско-планинските и пограничните подрачја да се преиспита износот од 8 милиони динари со предлог тој да изнесува 10 илјади динари заради значењето во финансирањето на инфраструктуралните објекти кои се предмет на финансирање преку оваа позиција и нејзиното значење за оживување на пограничните и ридско планински подрачја и намалување на миграцијата село-град.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, предложениот Нацрт републички буџет за 1991 година поради објектив но настанатите околности што во образложението министерот за финансии посебно ги потенцира е предложен со големо задоцнување. Очекував при изготвуванзето на Нацрт републичкиот буџет да се предложи и промена во структурата на јавната потрошувачка. Во сии счигледно ;;ек.а слге преглоставки не се остварени, па затоа и до таквата промена во структурата на јавната потрошувачка во овој момент не е дојдено и во самиот предлог. Очекувам сигурно со одредени промени на претпоставките да се промени и структурата во јавната потрошувачка пред се во делот на општите потреби каде што треба да се намали и тоа доста во поголем износ делот за општите потреби, а на сметка на делот на заедничките буџетски потреби **и** заедничките преку фондови фианнсирани потреби. Во изворните приходи на Републичкиот буџет учествуваат данокот на добивката со 400 милиони динари и републичкиот надоместок од цената на нафтата со 485,6 милиони динари. Во расходите како што се гледа **и** од самиот предлог на Нацрт-буџетот интервенциите во стопанството учествуваа само со 596 милиони динари. КОмисијата за стопанство разгледувајќи го Нацрт-буџетот смета дека позицијата компензации **и** регреси се прошири и на стопанските субјекти од областа на директното материјално производство, а не како што тука во таа позиција се предложени одредени средства за финансирање ка дневно **информативните весници, учебници**, учество во изградбата **на хируршката** клиника **и** сл. Средствата предвидени за интервенции во стопанството да се зголемат во висина на остварените приходи од данокот

на добивката и приходите од нафтените деривати, а тоа е со оваа позиција од регреси од 100 милиони динари заедно би дошло некаде разлика вкупно "од околу 550 милиони динари кои што би требало да се наменат за поттикнување на развојот на земјоделството како што предложи еден од пратениците. Јас имав предлог некаде околу 130 милиони динари наместо 100,4. Го прифаќам предлогот тоа да биде на таа позиција зголемување на 128,5 милиони динари. За измирување на обврските за ФЕНК од 20 на 44,5 милони динари .колку што е предвидено при укинувањетоо на Законот за обезбедувањее на средства за финансирање -на ФЕНИ, а доколку дојде до определено активирање на ФЕНИ за тој -дел сигурно средствата ќе се намалат, а ќе бидат користени за другите позиции во Републичкиот буџет. И програмата за штедење и супституција, рационално користење на сите видови енергија да биде поддржана не само со 6,2 милиони динари бидејќи во праксата сега се докажа дека се реализирани некаде околу 200 проекти кои што- имаат големо влијание, посебно во стопанските субјекти во делот на супституција на енергијата и сметам дека би требало таа позиција да се зголеми 10 пати, некаде околу 70 милиони динари. Геолошките истражувања се опфатени само со 2,5 милиони динари. Сметам дека од овие средства за предлогот треба да се предложи извесно зголемување. Немам конкретен предлог. За учество во Републичкиот фонд за заеднички резерви за исплата на загаранти-ран личен доход што сега е посебен проблем во стопанските субјекти каде што се спроведуваат стечајки постапки, или пак имаме неможност од исплата на гарантиран личен доход да се зголеми износот од **4 милиони** динари **на** 100 милиони динари како не би дошло до **одредени сигурно и неможности за** исплата барем на гарантираниот личен доход. За учество во формирањето на стоковните резерви исто **така, да се** зголеми од 67 **на** 100 милиони динари. И на крајот она **што го предложи и пратеникот Ханџиски да се** обезбеди регрес, затоа

**и** предложив проширување на првата позиција за регреси и премии да се обезбеди регрес за набавка на сурва нафта и тоа за делот на средствата кои што се потреби за обезб едување на девизи. Ние денеска знаеме на кој начин се обезбедуваат девизи и колкава е таа цена што треба да се плати за обезбедување на девизи.

Комисијата за стопанство очекува предлагачот т.е. Владата на Република Македонија да ги земе во предвид овие предлоз Доколку забелешките и предлозите не најдат место во Предлог буџет го задржува правото Комисијата амандмански да настапи. Со ова сака да ја дадам мојата поддршка во делот на фазите на донесување на Буџетот. Сметам дека ние би требало првата фаза во овој момент да не ја примениуе, туку да одиме во две фази како би можеле во најскоро време да имаме и предлог на буџет. А доколку некои предлози не бидат опфатени во самиот предлог да се пристапи кон амандманско предлагање, односно амандманско прифаќање. Комисијата смета дека со донесувањето на закокот за локална самоуправа неопходно е потребно донесување на мерки за рационализација во органите на управата и зголемување на ефикасноста во органите на управата. Ние знаеме каква е состојбата во органите на управата, посебно во овој момент ефикасноста е до крај намалена. Сигурно со самиот закон за локална самоуправа ќе дојде сигурно и до рационализација а со самото тоа и до зголемување на ефикасноста во работењето.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, разгледувајќи го Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година **во кој** слободно може да се констатира дека и понатаму се продолжува со истата политика на јавната потрошувачка која негативно **и понатаму ќе се одразува во новиот облик** на стопански пазарен **систем и новиот општествено-политички систем. Политиката** на

јавната потрошувачка треба да се гради на нова коегзистентна стабилизациона макро економска политика која треба целокупанта потрошувачка да ја .донесе на ниво кое ќе може да се вклопи во обемот на расположвиите средства за потрошувачката. Тој оквир треба да се определи според големината на општествениот производ и додатните средства по сите основи. Најбитна претпоставка за успешен развој на Република Македонија и стабилизирање во стопанството за оваа година, а исто така и за наредните години треба да биде самлувањето на јавната погрошувачка која во 1991 годинз не би смеела да ангажира повеќе од 34 од општествениот производ, односно нејзиното учество во општествениот производ потребно е оваа година да се смали за 6 поени. Посебно значење во тоа има реалното смалување на вкупните трошоци на општествената надградба за кое беше донесен и Законот за ограничување на јавната поторшувачка' ка("Службен лист"број 20/90) кој фактички ја сведува јавната потрошувачка на 34 во учеството од општествениот производ. За разлика од овој закон во оваа година сите републики се заложија и презедоа мерки да се исполни оваа задача, па дури отидоа по-рестриктивно од овој закон, а додека Република Македонија донесувајќи го Законот за привремено ограничување со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересесот заедници од општествените дејности за потрошувачката во првото тромесечие од 1991 година ("Службен весник" број 1/90) дозволува приходи за општа и заедничка потрошувачка споредени со Сојузниот закон за повеќе од 8%. Меѓутоа, радикална промена сега не сме во состојба да направиме додека не ги промениме важечките екстензивно институционализирани права, односно се додека не се рационализираат постоечките права и разгранетата мрежа на институции во општествената надградба која неминовно мора да се **прилагоди на** реформските **потреби** на новиот систем. А тоа во

исто време се подразбира **и** е неминовна реформа на општествените дејности, односно прилагодување на новиот економски систем на пазарно ориентирано, стопанисување кој концепт треба да го понуди оваа Влада на ова Собрание. Задоволува фактот дека во 1991 година големиот дел на предвидената потрошувачка во овој Нацрт на буџетот ќе се финансира преку Буџетот на Републиката и преку трите фонда здравството, пензиското **и** инвалидското осигурување и вработувањето. На овој начин ќе се создадат услови за поефикасна контрола на јавната потрошувачка и фактички се исклучат многубројните суб6јекти кои дефакто одлучуваат за висината на зафаќањето од општествениот производ кој според мене беше крајно погрешен. Со доне-сувањето на ингеренциите од сите субјекти на ова Собрание да одлучува за големината на јавната потрошувачка, мислам дека тоа реално ќе го прави и решава. Посебно внимание треба да се обрати на Нацртот на издвоените средства за интервенции во стопанството каде се предвидуваат средства во износ од 596,5 милиони динари, или 6,5 средства од вкупниот буџет. Сметам дека така издвоените средства во висина и по структура на распределба не задоволува. Познавајќи ги состојбите во'стопанството тука Републиката треба да се позанимава постудиозно и пообјективно и ништо да не очекува од Буџетот на Федерацијата кој предвидува за интервенции во стопанството **и** санирање на банкарскиот систем од 26,6 од вкупниот расход на Буџетот на Федерацијата за 1991 година кој сеуште не е донесен **а** објективно дали **е** можно неговото донесување и остварување во **оваа** состојба **која** се наоѓа земјата. Оттука-сметам дека во овој **дел** треба нацртот да претрпи промени. Предложените решенија **во Нацртот за издвоените средства за личните доходи на работните заедници, функционери и** раководни работници во оквирот на економската политика да целокупната потрошувачка се донесе на ниво на **расположивите средства за потрошувачка, личните доходи не можат**

да ги надминуваат границите кои ги овозможува општествениот производ, бидејќи сеуште не сме во состојба да бројот на вработените во општествената:надградба во краток рок ги донесеме на оптимално ниво. Потребно е водење на политика на личните доходи кои ќе ги мотивира вработените на поголема ефикасност **и** продуктивност. Овој нацрт на буџетот нуди и понатамошна експанзија на личните доходи во надградбата и која во овој момент на недоизграден систем се добива независно од резултатите од работата и во овој момент зголемената маст на пари не може да се задржи зо стопанството и која директно се претвора во потрошувачка  и го осиромашува стопанството. Сметам дека овде треба Владата под итно да ги донесе сите нормативни акти од кои ќе се констатира и реалното ангажирање на средства од Буџетот, па аналогно на тоа и промена на Буџетот во овој дел. Исто така, сметам дека издвоените средства во Нацртот за програмите за преструктуирање на стопанството треба во Буџетот да се обезбедат повеќе средства со кое ќе се обезбеди поголема социјална сигурност на сите, а посебно на оние кои ќе останат без работа и оние кои нема да бидат во можност со работа да обезбедат материјална и социјална сигурност на самиот себе и својата фамилија СО таквата политика претпријатијата ќе моажт да се ослободат од социјалната функција, а со тоа личните доходи ќе се дефинираат како трошок од работата и да се стават во зависност од профитот на претпријатието со кое претпријатијата ќе можат да се растеретат од вишокот на вработените со што ќе станат **и** порентабилни. Исто така **и** овде треба реално да не се очекува многу од Фондот на Феде-рацијата во оваа состојба, па **и** овде предлагам промени на Буџетот.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, **во расправата по Нацрт-буџетот на Републиката** за 19 91 **година** сакам **да укажам на негативните импликации од временската колизија  во**

предлагањето и донесувањето на одредени акти во ова Собрание. Имено, во програмата за работа на Собранието за 1991 година која е на дневен ред на оваа седница предвидена е за месец јули на страна 7, точка 9 програмата за изработка и донесување на просторни и урбанистички планови за 1991 година.Предлагач е Владата на Република Македонија. Тоа би можело да се оцени како малку задоцнето во однос на изминатото време, но не може никако да се прифати како термин кој треба да уследи по донесувањетс на Буџетот. Редоследот би бил логично обратен, или во најлош случај едновремен, затоа. што не е во ред прво да се донесе Буџетот, а месец дена подоцна програмата која треба да биде финансирана од тој буџет. Имено таков е случајот со програмата за изработка на просторни и урбанистички планови која со Нацртот на буџетот за 1991 година може слободно да се каже дека не е предвидена. Ова го велам затоа што од сумата од околу 200 милиони динари што беше предложена од општините во Република Македонија за оваа дејност во 1991 година надлежното министерство изврши селекција и изготви своја програма на приоритетни активности со која намалената сума изнесува околу 40 милиони 250 илјади динари оттука ако за првата сума може да се рече дека произлезе од програма на желби,за селектираната програма од министерството може да се каже дека е програма на приоритетни потреби без која не само што ќе дојде до затворање на повеќе професнонални институции чија основна дејност е изработка на просторни и урбанистички планови, туку и до блокада и застои во другите сфери на стопанството кое директн или индиректно поврзано со реализацијата на урбанистичките планови се мисли на градежната оператива, индустрија, трговија, занаетчиство и друго. Не треба да се зборува каков одраз тоа би имало во оваа ситуација врз целокупниот живот во нашата Република. Во

врска со тоа предлагам во Нацрт-буџетот на Републиката за 1991 година во раздел 17 Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија во позициите од 140 до 144 со кои се предвидени за урбанистичка документација вкупно 3 милиони динари и за документација од областа на екологијата 2 милиони и 100 илјади динари да се внесат предвидените приоритетни задачи на овој план содржани во Програмата на Министерството со урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија која треба да се разгледува од ова Собрание во месец Јули како минимум работи за овој така значаен. сектор од нашиот севкупен живот.

И уште едно прашање. Во Битола веќе традиционално секоја година се одржуваат две културни манифестации кои по своето значење излегуваат од локалните рамки и имаат републички и општо-југословенски карактер. Едната манифестација е "Илинденски денови" а другата "Фестивалот на филмската камера"Манакиеви средби". Во Нацрт-буџетот на Републиката за 1991 година во раздел 25 Министерство за култура под позиција 217 конто 452 од повеќе културни манифестации кои до денес се финансирани од републички средства издвоени се посебно само 3 и тоа "Балканскиот фестивал" , "Струшки вечери на поезијата" и "Охридско лето". Веднаш да кажам дека никој нема ништо против што овие три манифестации нашле свое место Буџетот, но прашањето кое го поставува мојата делегатска; база во Битола е, зошто од повеќето културни манифестации кои се финансирани од Републиката под исти критериуми и услови се издвоени само овие три? Дали на тој начин некој веќе направил селекција на овие манифестации кои треба да останат и оние кои веднаш, или постепено ќе треба да изгаснат. Не би имал никој против евентуалната селекција на културните манифестации кои се

финансираат од републички извори, но на таква селекција ќе треба да му преоди една широка јавна расправа на која ќе бидат поопстојно валоризирани сите аргументи а во никој случај тоа да се изврши со едноставно бришење од Буџетот на Републиката. Во врска со тоа предлагам во Нацрт-буџетот во раздел 25 позиција 217 покрај веќе трите наведени културни манифестации да се наведат со соодвет-ни предвидени средства и споменатите две: "Илинденски денови" и "Фестивалот на филмската камера "Манакиеви средби".

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

' "ПОчитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно е дека Буџетот е правен според познатото и основно начело на Буџетот во монистичкото општество, а тоа е приходите се планираат според расходите, т.е. потреби кои мораат да бидат направени. Со други зборови за прашањата од стопанството и населението за потребите на Буџетот се секогаш поголеми од нивните можности што значи Буџетот во крајна инстанца го осиромашува на-селението и стопанството, т.е. делува контра продуктивно. Буџетот е изготвен според расходите и методологијата на Буџетот од четвртис квартал од 1990 година, а тоа значи дека расходите , односно зафа-ќањата од населението и стопанството се зголемуваат. Таквиот буџет не е во функција на пазарната ориентација на стопанството и него-вото сопственичко преструктуирање. Содржината на функцијата на државата останува иста како и порано, нсгможеби оправдување е несоодветната законска регулатива во која со усртавните амандмани е направен само почетниот чекор. Приходите во Буџетот се планирани со обезбедување на одредена резерва, односно да се обезбедат поголеми приходи од планираните, а Владата во такви случаи може да врши интервенција со растоварување на стопанството и население'!

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:(продолжение)

Буџетот е конципиран со пренагласена непроизводна потрошувачка, а без нагласена и активна економска и социјална потрошувачка и политика. Нацрт-буџетот таков каков што е планиран ќе биде еден од генераторите на високата инфлација, раслојување на општеството и осиромашување на одредени категории од населението. Најголем износ од приходите се планираат од придонесите и даноците од добивката, личните доходи и другите лични примања, што директно влијае на зголемувањето на зафаќањата од стопанството и осиромашу-вање на населението,- а добивка при колапс на стопанството и не пос-тои освен во некои фирми. При утврдување на износот на овие приходи се поаѓа од претпоставки што не се остварливи во праксата однсоно дека приходите на стопанството и на населението ќе растат за одредена стапка во однос на минатата година, што е исто така тешко остварливо. Релативно многу малку во структурата на приходите се застапени посредните давачки како што се данокот на промет, таксите и слично. Во пазарното стопанство основен извор на приходи на буџетот треба да бидат токму овие приходи. Состојбата на македонското сто-панство наложува  во буџетот да се зголеми учеството на овие приходи за сметка на непосредните даноци.

Согледувањата покажуваат дека посредните даноци , а во рамките на истите данокот на промет на производи и услуги не се разработени докрај а исто така и не се застапени во Републикава. Исто така, нашите согледувања укажуваат на тоа дека данокот на промет во постојните прописи заради неефикасност на контролните органи не се наплатува, а што создава неоправдано богатење на одредени обврзници.

Затоа во предлогот на буџетот делот на приходите да се преработи односно зголеми учеството на приходите од данокот на промет на производи и услуги.

Расходите доминираат што претставуваат непроизводна потрошувачка, според тоа со овој буџет преку структурата на расходите јасно се гледа дека активната економска , социјална и културна политика се занемарува. Затоа поедлагам, да се преработат расходите; каде поголемо место ќе заземат расходите за интервенции во стопан-ството, социјалната политика , културата, образованието, а особено физичката култура итн.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, По однос на предложениот Нацрт-буџет имам забелешки по разделите за правосудните органи, општинските правосудни органи. Сметам, дека во овој дел постојат прилично грешки при изработувањето на буџетот и тоа во предвидувањето на материјалните трошоци. Веднаш ќе дадам неколку примери: Општинското јавно правобранителство - Радовиш, вработени тројца работници, на иста страна Општинско јавно обвинителство Ресен, материјални трошоци, Општинско јавно обвинителство Радовиш 3000 динари, Општинско јавно обвинителство Ресен 154000 динари. Таквата состојба е скоро различна и недоволно вработена во сите правосудни органи , па предлагам на изготвувачот, на Министерството за финансии по однос на материјалните трошкови кај правосудните органи кои што ги прифаќа Републиката во целост **да се преработат.**

Исто така, имам забелешки и по однос на личните доходи Радовиш двајца вработени, 47000 динари, Ресен еден вработен 47000 динари, тука во работници, функционери тоа е друга работа. Затоа сметам дека овој дел треба во целост да се преработи.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во Нацртот на Републллчкиот буџет за 1991 година ја имам следната забелешка: Комплетниот раздел 33 Републичкиот завод за судски вештачења да отпадне со образложение овој Буџет на Република Македонија ја финансира оваа институција. Сите останати републики во Југославија и во Европа оваа институција ја имаат преструктуирано на пазарно стопанство. Исто така, оваа дејност треба да се формира во дејност на агенции и заводи кои самостојно би ја вршеле оваа дејност на пазарна законитост. Од ова се исклучуваат вештачењата кои ќе ги врши Службата на Министерството за внатрешни работи кои се од строго специфичен и специјалистички карактер. Исто така сума за оваа дејност се определува и во Буџетот 'на сите окружни судови, окружни стопански судови и општински судови која сума индиректно влијае на приходите на овој Републички завод за судски вештачења.

И под два, во разделот 66 средства за други општествени намени планинарското смучарско друштво Пелистер од Битола и Сојузот **на** реформските **сили** од Битола до Владата на Македонија покрена иницијатива за изградба на скромно спомен обележје на првиот македонски **алпинист, Димитар** Илиевски Муратот, освојувачот на највисокиот врв **на светот Монт Еверес кој трагично** загина **при** самото освојување на врвот. Овој чекор би претставувал првенец во одбележувањето на вака **голем спортски успех кој ќе влезе во** аналите на младата македонска **историја.**

МИТКО АНАСТАСОВСКИ;

Во Извештајот за буџетот беа опфатени сите структури на нашата држава, меѓутоа, сакам да го нагласам следново. Од еден дискутант претходно беше речено дека материјалните средства одвоени за полицијата се големи. Меѓутоа, јас гледајќи ја денес положбата на Македонија.и воопшто, не гледам ништо повеќе туку да се финансира и да се подобри состојбата на полицијата. Еве зошто. На пример полицијата во Србија има плата три пати повеќе од еден наш полицаец. Полицијата во Хрватска има пет пати повеќе од еден полицаец во Македонија. Земајќи ги во предвид задачите кои треба да ги врши полицијата во еден даден момент во нашата држава сметам дека платата е минимална. И уште нешто, сакам да кажам за заштитата на работниците кои се во големите капацитети на фабриките тие да бидат заштитени во тој однос да се намали стапката на даноците и тие некако да егзистираат со нивните семејства.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Бидејќи од претходните дискутанти беше кажано она што јас ќе го кажев, нема да се осврнам подетално на буџетот, туку ќе упатам само едно конкретно прашања. На страна 18 во раздел 11 Министерството за правосудство и управа Код 418 стои дека за надоместок на лица за неоправдано поминато време во притвор и во истражен затвор се издвојува сума од 40 милиони динари. Навистина не знам, ако не е техничка грешка ми изгледа дека сумата е неверојатно голема. Ако може тоа да ми се објасни.

ГОРГИ НАУМОВ:

Точно е дека во таа позиција стои 40 милиони динари, за неоправдано осудени и лица кои поминале во притвор, меѓутоа , почитувани пратеници треба да знаете во периодот што измина позади нас имаше бројни афери кои што завршија со ослободителни пресуди. Овде да не ги спомнуваме Вие знаете сите тие имаат право за надомест на штета. Оваа држава е должна да ја надомести штетата на сите што се неосновано осудени и биле во притвор. Меѓу нив е и барањето на семејството на Ченто кое што исто така бара надомест за ослободителната одлука за Илија- Андонов Ченто. Средствата што се бараат од фамилијата на Андонов Ченто се наменети за фондација.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Со оглед на интензитетот со кој работиме денеска веро-јатно ќе се инсистира на кратко, а јас ќе се обидам тоа да го направам. И во образложението кон Нацртот на буџетот спомнавме дека ние ќе ги имаме на внимание и во мера во која тоа ќе се вклопи во вкупните заклучоци што досега Собранието ги има донесено во концептот на Владата што произлегоа од програмата за овој Нацрт и слично ќе ги вградиме. Меѓутоа, не знам дали останатите што се од другата страна на говорницат забележуваат, јас тоа го забележав дека ние во денешнава расправа се пак излеговме малку и надвор од заклучоците на Собранието. Заклучоците на Собранието на кои ние се држиме се да се одржи нивото и обемот на потрошувачката во границите на материјални можности утврдени со учеството на јавната потрошувачка во општествениот производ и уредени со Законот за ограничување за оваа година. Меѓутоа, сите овие барања што дополнително се дадоа, ако не ги земеме да ги посматраме, и од аспект на она што ни еден предлог не се даде каде да се намалат тие **трошоци значи објективно** упатуваат дека Владата ќе биде судрена со

една фактичка состојба да не може да одговори на барањето на пратениците да ги задоволи сите критериуми што со заклучоците сега се утврдени. Според тоа, иако најголемиот дел од пратениците упатуваат дека има една експанзивна општа и заедничка потрошувачка во содржината на Буџетот и самите тие на крајот од своето излагање се обидоа на таа експанзивност да додадат уште една позиција.

Значи, не очекуваат многу сериозни тешкотии да можеме да го усогласиме буџетот со она што се желбите и низ оние бараша што ги имаат институциите и општините , општествените дејности и другите потрошувачи во јавната потрошувачка, а и во оваа расправа на Собрани-ето, се надевам Владата ќе смогне снаги како што и во овој нацрт се обиде да уравнотежи една побарувачка со релативно скромните можности на РЕпубликата во фискалната свера денеска.

Дозволетеми само на некои од прашањата кои повеќе ги сватив како прашања а не како предлози и сугестии сепак да објаснам. Распоредот по министерства а не по раздели што го сугерираше пратеникот Ханџиски во една нова структура на буџетот може да се направи. Јас молам таа обврска за Владата да не биде сега бидејќи сосема се менува методологијата на утврдувањето на Буџетот. Ако изричито се инсистира на тоа , ние можеме тоа да го направиме во еден помошен преглед за да се добие одговор на суштината на прашањето, но не и формата на буџетот.

Прашањата што ги покрена потпретседателот Драги Арсов, **дека** буџетот не ги почитува промените во земјата и раздружувањето, **јас ги молам пратениците** , упатувам **и** на образложението , упатувам **и на** учеството на претседателот Кљусев во расправата по првата точка а и на дел од образложението што јас го поднесов, дека прашањето на

новата структура на Буџетот во овој момент не е возможно да му ја сугерираме и да му ја предложиме на Собранието, од едноставна причина што со актуелните ставови на ова Собрание и Платформата за разговорите и ставот за платформата на двајцата претседатели и ставовите по буџетот на Федерацијата кои што ги изгради ова Собрание , вклучувајќи ги и ставовите кои што се однесуваат на целата конструкција на содржината на организацијата на Републиката во-овој момент упа-туваат на оваа структура од аспект на самостојноста на Републиката, од аспект на една нрва ексномски заокружена политика внатре во Републиката. Меѓутоа, и претседателот Кљусев спомна и јас во еден дел од уводното излагање упатив дека на Собранието во нови дадени околности ќе му биде предложена нова структура , една нова слика на вкупната состојба и на приходната и на расходната страна на буџетот. Со други зборови ве известувам дека и во Министерството за финансии и во Владата во однос на ова прашање има подготвени концепти на документи. Ве известувам исто така дека измената на Одлуката за упатување на средствата во Федерацијата се однесува само на царините, основниот данок на промет и натаму се задржува во Републиката и натаму ќе се употребува за извршување на обврските по сојузните прописи иако "тие за оваа година уште не се утврдени. Република Македонија односно Владата со својата политика антиципира решенија кои се уште во Југославија за 1991 година не се донесени. Тоа е една многу сложена ситуација во која и самата Влада и Собранието се доведува ситуација ако не се усвои буџетот на Федерацијата во рамките на ставовите на ова Собрание. Затоа, во тој поглед јас во името на Владата го молам Собранието буџетот да го свати како едно објективно дадена околност

во која Владата нема правна основа да предлага на Собранието во овој момент друго.

Во врска со трите фази стана збор, јас го објаснував тој феномен и на комисиите на кои учествував. Првата фаза, на основите вообичаено се прави кога некои од регулативите кои треба да ја уредат потрошувачката воопшто за наредната година не се познати, бидејќи ние' работиме современи решенија односно времени финансиски планови на општините, работиме со закон за ограничување на потрошувачката. Тие моменти се надминати и затоа Владата се условно велам осуди на Собранието да му предложи да се прескокне таа фаза како една рационализација на постапката и да се оди директно на нацрт и мислам дека најголемиот број на заклучувањата на комисиите се да се прифати фазата на нацрт и да се задолжи Владата да подготви предлог што ако така заклучи Собранието ќе биде направено.

За дополнителните средства на општината за кои збору-ваше пратеникот Манчевски можеби е наш пропуст повеќе на МИнистер-ството за финансии што во постапката на расправа по Нацртот го дадовме елаборатот за дополнителните средства кои е подготвен . Во досегашната пракса во постапката беше праќан на општините за да тие проверат дали пресметката е направена во рамките на критериумите. Во фазата на предлог ние тој елаборат ќе го дадеме предлогот на буџетот и пратениците и општините ќе можат да видат на кој начин и врз основа на кои параметри се утврдени дополнителните средства на општините.

Едно прашање се однесуваше дека не се предложени сред**ства за** исплата на гарантирани лични доходи, односно таа позиција е релативно ниска. Ве известувам дека Владата заседе став, средствата **што тој фонд ги** користеше минатата година од 143 милиони динари

да го пролонгира  нивното враќање кое беше динамизирано до крајот на 1990 година и во текот на оваа година, значи оној обем што се бара низ заклучоците на Комисијата со став на Владата е практички обезбедено. Прашање е што таа функција средствата не можат да ја вршат во една релативна поволна околност да можат да ја извршат функциајта на исплата во една организација да се вратат да ја извршат функцијата во друга организација поради тешкотиите и слично да се вратат итн., во текот на годината да направат повеќе обрти.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (продолжение)

Во тој момент Владата освен тој обим на средства смета не треба да се впушта во други зголемувања и од проста причина **што тоа се коси** со основниот **економски** процес на вреднување на економските фактори на стопанисувањето а не на регулацијата на личните доходи односно на платите во стопанските претпријатија.

Беше изнесено овде дека нашиот буџет е релативно широк во однос на рестрмктивните буџети на другите републики. За право ситуацијата е обратна во однос на сите други републики во земјата, а тоа може да го документираме и со податоци на зголемување на стапките на зафаќањата што се донесени од другите републики, како во однос на добивката, данокот на промет и имотните даноци, така и во однос на вкупниот обем на потрошувачката Според тоа иако е релативно висок нашиот буџет во однос на другите е релативно порестриктивен,

Во врска со манифестациите од областа на културата, на комисиите одговаравме. Ние во буџетот ги внесовме само оние три меѓународни манифестации во областа на културата во кои републиката од републичкиот буџет партиципираше во вкупната финансиска конструкција на тие манифестации кои од аспект на актите за основање и нивни финансиери, во досегашната ситуација се јавуваа општините. Тоа што овде не се застапени овде другите манифестации не значи дека тие не се предвидени во делот на културата и ќе бидат опфатени со финансискиот план на Министерството за култура.

Во врска со разделот 33 и Заводот за судско вештачење, но се однесува за вкупниот обем на општата и заедничката потрошувачка. Владата не дека не сака да направи длабок рез во

структурата на потрошувачката и еден друг период во нејзиното вреднување. Меѓутоа самата влада во расправата по овој нацрт додека го утврдуваше се судри со една фактичка состојба во која тие права сеуште суштествуваат во законите. Додека законската регулатива со која се креирани правата Владата не ги предложи и Собранието не ги измени, мислам дека Владата не може да излезе пред- Собранието со други инструменти на буџетот освен да одговори на обврските што со тие закони се креирани.

Прашањето на Пелистер е тековно прашање, ставено е во материјал за тековно разрешување на Владата. Затоа не е предложено и во овој момент мислам нема потреба да се вклучува во буџетот, ќе се разреши во текот на активностите и овластувањата на Владата, а околу последното прашање одговори министерот Наумов, јас му благодарам.

РИСТО. СТАНКОВСКК:

Јас се извинувам што пак се јавувам во врска со истото прашање. Очекував министерот Тошевски да даде објаснување во врска со моето прашање па заради тоа не се јавив пред тоа. Меѓутоа мислам дека не е во ред вака да биде предвиден Буџетот. Само ќе спомнам неколку работи.

Ако за побрз развој на стопански недоволно развиените даваме 82 милиони динари. АКО за физичка култура за цела Македонија дадеме 45 милиони динари, за наука 93 милиони динари, за здравствен заштита и здравствено осигурување 18 милиони динари, за социјална заштита што мислам дека и те како ќе ни биде потребно дадеме 89 милиони динари, а да дадеме 40 милиони за овие лица што се неправилно осудени мислам дека тоа не држи.

Само колку за споредба. За преструктуирање на стопанството се предвидени 330 милиони динари', а оваа ставка е 15 отсто од таа сума за преструктуирање на стопанството. Мислам дека ова не држи и во предлогот на буџетот би требалот Владата да размисли дали е тоа во ред

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, само очекуваме ние тие пари што се трошат во согласност со судски одлуки за накнада, не е така. Многу е поважно господине Станковски да видиме дали во овие предложените судии има некој кој бил во некоја од тие афери па погрешно се пресудило, а не, таму каде што државата си направила неправда мора да си плати. Околу тоа нема дискусија.

Дали уште некој бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок;

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на републичкиот буџет за 1991 година и притоа констатира дека со понудените решенија во законот се регулирани позначајни прашања, при што посебно се укажува на потребата корисниците на средствата на републичкиот буџет за 1991 година да се раководат од начелата на рационалност и штедење како и поголема законска дисциплина во извршувањето на истиот.

2. Собранието на Република Македонија го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок да крене рака? (63)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5) • - Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуѕаме на 3-тата точка - Предлог за донесување на закон за изврtauвање на Републичкиот буџет за 1991 година.

Предлогот за донесување на Законот, и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година и притоа констатира со понудените решенија во законот се регулирани позначајните прашања, при што посебно се укажува на потребата корисниците на средствата на Републичкиот буџет за 1991 година да се раководат од начелата на рационалност и штедење, како и поголема законска дисциплина' во извршувањето на истиот.

2.Собранието на Република Македонија го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието на Република Македонијада му достави предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Кој 'е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(67:

Дали е некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок,

Предлагам денес да ја прекинеме седницата и да продолжиме во среда во 10 часот.

(Седницата заврши во 20,45 часот).